
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО



МАГИСТЕРСКИ ТРУД

,, Компаративен преглед на истрагата”

МЕНТОР:
Доц. Д-р Марија Гроздановска

СТУДЕНТ:
Мирослава Радевска
Број на индекс: М217020

Свети Николе, Март, 2023

КРАТЕНКИ

Меѓународно казнено право – МКЗ

Меѓународен казнен суд – МКС

Кривичен законик – КЗ

Закон за кривична постапка – ЗКП

Закон за меѓународна соработка во кривичната материја – ЗМСКМ

Закон за меѓународна и привремена заштита – ЗМПЗ

Министерство за внатрешни работи – МВР

Министерство за надворешни работи - МНР

Европска конвенција за човекови права – ЕКЧП

Виенска конвенција за дипломатски односи – ВКДО

Виенска конвенција за конзуларни односи – ВККО

Европска конвенција за екстрадиција – ЕКЕ

Организација на Обединетите Нации – ООН

Меѓународен трибунал за гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 година – Хашки трибунал

Европски налог за апсење – EAW

Системот за електронска кривична евиденција на ЕУ - ECRIS

Заеднички истражни тимови – ЗИТ/JIT

Европска судска мрежа – EJN

Европскиот јавен обвинител – ЕЈО

Краток извадок

Новиот закон за кривична постапка означува пресвртница во македонската кривичноправна процедура, бидејќи воведува низа драматично поинакви решенија споредено со претходно преку кои се обидува да го истисне инквизиторниот елемент кој во голема мера беше присутен во досегашната мешовита постапка. Најголема новост има кај истрагата, па ако таа досега започнуваше со решение на судот кога истиот ќе се убедеше дека постои основано сомнение дека лицето против кое таа се бара сторило кривично дело, по новиот закон тоа се прави со наредба на јавниот обвинител против која обвинетиот нема можност на судска заштита .

Старото решение се оправдуваше со тезата дека судот е независен и непристрасен орган кој како објективен истражувач ќе прибира докази како на товар така и во полза на обвинетиот, а бидејќи не е странка нема да биде заинтересиран за исходот на постапката. Дел од теоријата прифаќаше дека една од целите на замена на судската со обвинителска истрага беше да се избегне прикриената, латентна пристрасност на истражниот судија во корист на оптужбата, за кој признаваше дека не е непристрасен, ниту истовремено ако отворено или прикриено ја преземе функцијата на кривичен прогон може рамноправно да се грижи за одбраната на осомничението. Практиката ги демантира оние кои се залагаа за негово задржување, бидејќи се утврди дека судот со оглед на амбивалентноста на задачата која му беше дадена (да прибира докази и на товар и во полза) не само што не успеваше во тоа, туку во пракса со право се гледаше како противник на одбраната. Противник затоа што лицето на истрагата беше судот, тој го испитуваше обвинетиот, тој ги сослушуваше сведоците, ги изведуваше другите докази, а во насока на проверка односно поткрепа на барањето за истрага.

Мое гледиште е дека ако судот беше на ниво на својата задача претходното решение вистина требаше да го заштити обвинетиот повеќе отколку сега, меѓутоа очигледно психолошкиот товар на таквата двојна функција е ненадминлив, особено што „судот – оптоварен со обврската целосно да го расчисти случајот – објективно не беше во позиција на непристрасен одлучувач“ ме прави поборник на новото, па сметам дека напуштањето на тој инквизиторен елемент за сметка на воведувањето чист акузаторен преку тужителска истрага, како сегмент на либералниот модел на кривична постапка, е подобро решение

Клучни зборови: истрага, модел, постапка, сведоци.

Abstract:

The new law on criminal procedure marks a turning point in the Macedonian criminal procedure, because it introduces a series of dramatically different solutions compared to the previous ones through which it tries to oust the inquisitorial element that was largely present in the previous mixed procedure. The biggest news is in the investigation, so if it has already started with a court decision when it is convinced that there is a reasonable suspicion that the person against whom it is wanted has committed a crime, under the new law it is done by order of the public prosecutor against whom the defendant has no possibility of judicial protection.

The old decision was justified by the thesis that the court is an independent and impartial body that as an objective investigator will collect evidence both at the expense and in favor of the defendant, and since he is not a party will not be interested in the outcome of the proceedings. Part of the theory was that one of the purposes of replacing a judicial investigation with a prosecutorial investigation was to avoid the latent, latent bias of the investigating judge in favor of the accusation, which he acknowledged was not impartial, nor if he openly or covertly assumed criminal persecution can equally take care of the defense of the suspect. The practice denies those who advocated its retention, as it was found that the court, given the ambivalence of the task given to it (to gather evidence both in burden and in favor), not only failed to do so, but in practice rightly was seen as an opponent of the defense. Opponent because the person in charge of the investigation was the court, he examined the defendant, he questioned the witnesses, presented the other evidence, and in order to check or support the request for investigation.

My view is that if the court were up to the task, the previous decision should have protected the defendant more than it does now, but obviously the psychological burden of such a dual function is insurmountable, especially since "the court - burdened with the obligation to clear the case - objectively was not in the position of an impartial decision-maker "makes me a supporter of the new, so I think that abandoning that inquisitorial element at the expense of introducing a pure accusatory through a prosecutorial investigation, as a segment of the liberal model of criminal procedure, is a better solution

Keywords: investigation, model, procedure, witnesses.

Содржина:

ВОВЕД……..……..7

I. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО…….....…....10

1. Проблем, предмет и цел на истражувањето…….....11

2. Хипотези на истражувањето…….....11

3. Методи на истражување…….....12

4. Оправданост на истражувањето…….....12

II. Поим за истрага и *принципите на истрагите*.....13

1. Истрага.....13

2. Принципи 21

2.1. Баланс во истрагата.....22

2.2.Губење на балансот при промена на правната квалификација од судот.....29

2.3. Анонимниот сведок и нарушување на балансот помеѓу прогонот и одбраната.....34

III. Спроведување на истрагите.....45

1. Спроведување и организација на истрагите.....45

1.1. Организација и управување со истражните единици.....48

1.2. Окружни одреди и истражни ударни сили.....51

IV. Субјектите одговорни за спроведување истраги 51

1. Субјектите одговорни за спроведување истраги во случаи на злоупотреба и нивните овластувања.....52

1.1. Причини за напуштање на судската истрага.....53

1.2. Превенција …….54

V. Независност и непристрасност на истрага.....56

1. Влијание врз независноста на судството.....58

1.1. Итност во акција.....59

1.2. Активности што треба да се преземат за да се направи истрагата ефективна.....60

1.3. Анализа и евалуација на докази.....61

VI.Истрагата во Македонија.....80

1. Истрагата во Р.Северна Македонија.....81

VII. Истрагите во соседните земји на Р.Македонија.....90

1.Истрагата во Бугарија.....91

2. Истрагата во Србија 95

3. Истрагата во Косово.....96
4. Истрагата во Грција.....99
VIII. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ…….…….....….100
1. Анализа на истражувањето……..……..…..101
2. Дискусија.....112
ЗАКЛУЧОК…….…….....…….....….....115
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА…… .....…...…...….120

Вовед:

Темата на мојот магистерски труд е *,, Компаративен преглед на истрагата''.*

Модерната кривична постапка треба да претставува телеолошки заокружен систем на правила со основна цел никој невин да не биде осуден, а на виновникот да му се изрече соодветната кривична санкција. Оттука, целта на кривичната постапка, е реализација на легитимното право на државата да гони и казнува за секој кривичноправен настан, но само ако до тоа се дојде преку правилна и праведна одлука во материјално-правна смисла по пат на функционална кривична правда . Оттука кривичната постапка ќе ја оствари својата цел само ако обезбеди правичен баланс помеѓу ефективноста на кривичниот прогон и ефективната одбрана. Тужителот на една страна и одбраната (обвинет и бранител) на друга страна имаат по две функции во постапката. Во првата каде обвинителството е орган на прогонот, тој има драстична предност во однос на обвинетиот кој е објект кон кој е насочен таквиот прогон бидејќи неспорен факт е дека има далеку поголеми можности за градење на својот случај со оглед на тоа дека ги користи човечките потенцијали, технички и финансиски ресурси на државните институции како што се полицијата, управата за јавни приходи, финансиската полиција, управата за финансиско разузнавање, царината, разните инспекциски служби на републичко или локално ниво, воената полиција и сл.

Државното обвинителство до својот случај, значи во неговото градење, пред тој воопшто да дојде на суд може да користи огромни потенцијали и ресурси за негова и сопствена подготовка, што ретко ќе биде така со другата страна. Доволно е да се видат само овластувањата кои ги има МВР според Законот за полиција или оние од чл.276-281 од ЗКП[1], тие на другите претходно наброени органи, потоа спектарот на посебните истражни мерки со кои може да се обезбедуваат податоци и докази за успешно водење на кривична постапка од чл.252 од ЗКП, па да се сфати предноста на обвинителството во однос на другата страна. Сосема нормална е ваквата негова позиција со самиот факт што тој не е само една од странките во кривичната постапка, туку и државен орган надлежен за гонење, а со новиот закон и за истражување на кривични дела и нивните сторители. Што значи дека се оправдани механизмите кои може да ги користи овој орган од аспект на двојството на неговите функции.

[1] Закон за кривична постапка

Меѓутоа, во ваква ситуација кога одбраната, со чесен исклучок на побогатите и помоќните обвинети, финансиски, технички и кадровно, е немоќна да парира на таквиот голем потенцијал на државното обвинителство, за очекување е дека и можностите за градење на својот случај ќе се далеку помали и понесоодветни од оние на другиот процесен субјект. Тоа и отворено се признава „од аспект на правичниот натпревар помеѓу странките, гледано нормативно, современата казнена постапка има асиметрична форма и само условно може да се зборува за „еднаквост на оружјето“, бидејќи странките имаат квалитативно и квантитативно поинакви права и ресурси“ . Еднаквоста на оружјето е општоприфатен стандард во одлуките на ЕСЧП и е еден од елементите на поширокиот концепт на правично судење. Тој бара на секоја од странките да им биде дадена разумна можност да го претстават својот случај според условите кои не го ставаат во суштинска неповолна положба vis-à-vis неговиот противник . Крапац ќе рече целта на казненото процесно право е да изгради правична постапка како спор на рамноправни странки .

Во таква позиција легитимно е да се постави прашањето „кој е случајот што ќе го претставува одбраната?“ затоа што дури и невин обвинет кој нема финансиски можности, тешко дека може својата теорија на случај да ја претстави и поткрепи со потребниот фонд на докази, кои би ја поткопале теоријата на обвинителството заснована на доказен материјал обезбеден со, условно кажано, неограничени ресурси. Од друга страна и јас се сложувам дека не е дозволиво, ниту може на одбраната да ѝ се овозможат сите оние оперативно-технички можности кои ги има тужителот. Посебно што тие во најголем број, како што се посебните истражни мерки се преземаат додека сè уште не е довршено кривичното дело, а заради негово откривање, или ако е довршено заради откривање на неговите сторители и другите учесници.

Одбраната настапува многу подоцна, што прави, inter alia, да има и реално помалку време за подготовка на својот случај. Значи во стварност во еден добар дел од постапката нема баланс, странките се во нееднакви позиции, владее нееднаквост, условите за работа се нееднакви што тешко може да се надомести ако отпосле на одбраната формално ѝ се даде само можност еднакво под еднакви услови да го претстави својот случај, бидејќи статусниот дуализам на тужителот (орган и странка) му дава предност при поставување и докажување на својата верзија на настанот. Токму затоа кај втората функција во која и тужителот и обвинетиот се странки, обвинетиот е

тој којшто заедно со бранителот треба да има предност неопходна за да се анулира подобрата стартна позиција на тужителот.

За да се обезбеди баланс треба прво да се препознае различноста и фактот дека странките се стартно нееднакви за потоа да се најде начин како правичната постапка да ја анулира ваквата фактичка нееднаквост со афирмативни мерки за обвинетиот како процесна странка. Тречсел „заклучува дека е очигледно дека обвинителството секогаш има предност пред осомниченият“ , а еден од начините да се компензира таквата нееднаквост е со процесни оружја во нејзина корист.

Со читање на најзначајните меѓународни акти за човековите права може да се заклучи дека замислата на нивните создавачи е да претстават листа на човекови слободи и права кои секој човек, секаде треба да ги ужива. Во врска со кривичната постапка нивната цел е да осигурат калеидоскоп на минимални права без кои постапката не би можела да се нарекува правична, минимален стандард кој мора да се почитува во секоја постапка. Одредбите во овие акти кажуваат дека тоа се минималните права, а не оптималните кои треба да ги има секој обвинет за да може објективно да ја подготви својата одбрана и да се брани од обвинението што му се става на товар.

Правичноста и таксативно наброените права се во однос од општо кон посебно, што не мора да значи дека кога сите поединечни права се обезбедени како краен резултат секогаш се добива правична постапка, затоа што тоа е минимумот кој нема да е секогаш доволен. Ако минимумот не е исполнет нема правична постапка, но неговото исполнување не ја прави истата по автоматизам таква.

Главен предмет на обработка во овој магистерски труд ке биде детален и компаративен преглед на истрагата во нашата земја и соседните земји и истиов магистерски труд е поделен на неколку глави кои ги разработуваат во одделни делови.

I. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За самото научно истражување, потребно е да се применат соодветни методолошки техники, односно соодветни научни методи. Во рамките на овој дел ќе биде направено едно презентирање и претставување на методолошкиот пристап, кој ќе биде искористен за изработката на овој магистерски труд. Во овој дел на трудот посебно ќе биде разработен проблемот на научното истражување, предметот на научното истражување, како и целта на научното истражување.

1. Проблем, предмет и цел на истражувањето

1.1. Проблем на истражувањето

Во рамките на магистерскиот труд се прави целосно согледување на состојбата во врска со истрагите и превенција на криминалот во нашата држава, како и нивната правна заштита. Проблемот на истражувањето всушност се поврзува со утврдувањето на истрагата како и превенција на криминалитетот во РСМ.

1.2. Предмет на истражувањето

Предметот на истражување на магистерскиот труд се однесува на компаративен преглед на истрагата во нашата земја и во соседните држави Бугарија, Србија, Косово и Грција.

1.3. Цел на истражувањето

Цел на истражувањето е да се анализира истрагата во нашата држава и во соседните земји, по што би се извлекле заклучоци за нејзините предности и недостатоци. Односно, цел на трудот е да се даде компаративен преглед на истрагата и да се спореди како е таа регулирана во другите држави.

2. Хипотези на истражувањето

2.1. Главна хипотеза на истражувањето

Во истражувањето тргнавме од претпоставката дека истрагата се спроведува со должно внимание на голем број клучни принципи. Главната хипотеза на истражувањето е дека секое кривично дело може да биде спречено со навремено превземени соодветни мерки.

2.2. Помошни хипотези

-Правилно спроведена истрага ќе помогне во откривањето на сторителите на кривичните дела.

- Се претпоставува дека нашето општество не посветува внимание на истражните постапки и не се преземаат соодветни мерки за спречување на кривичните дела.

- Се претпоставува дека испитаниците ќе произнесат предлози на мерки за спречување на лицата кои се наклонети кон извршување на кривични дела.

Сите овие хипотези на истражувањето, главната и помошните хипотези, за потребите на трудот треба дополнително да бидат разработени и развиени. Оваа разработка и развивање на хипотезите ќе биде направена во согласност со општите концепции на магистерскиот труд. Ќе бидат искористени неколку индикатори, кои треба да овозможат тестирање на вака поставените хипотези на истражувањето.

Така, во оваа смисла ќе биде направено соодветно консултирање на стручна и научна литература која се однесува на потесната проблематика, ќе бидат разгледани регулативите на национално и меѓународно ниво, ќе се разгледаат моделите и механизмите кои се применуваат во практиката, и ќе биде извлечен соодветен теоретски заклучок.

3. Методи на истражување

За изготвувањето на магистерскиот труд ќе бидат искористени неколку научни методи, кои се од помош во оформувањето на методолошките техники на истражување. Ќе

бидат искористени такви научни методи кои имаат своја посебност и значење за општествените науки.

Во овој труд е користен методот на теориска анализа и истражувачкиот метод. Од техниките за истражување е користено анкетирањето. За да се испитаат ставовите на полициското работење во врска со спроведувањето на истрага, одбрана е техниката на анкетирање, со која на систематичен и релативно краткотраен и економичен начин се доаѓа до мислење на испитаниците за оваа појава. Од инструментите е користен анкетниот прашалник, конструиран за потребите на ова истражување, во кој постојат зададени хипотези. Во составувањето на анкетниот прашалник е обратено внимание на тоа прашањата да бидат јасни и недвосмислени, т.е. да бидат прецизно формулирани. Анкетниот прашалник се состои од неколку прашања кои се прилагодени на проблемот на истражување.

4. Оправданост на истражувањето

Самиот магистерски труд има јасно поставена научна и општествена оправданост.

Научната оправданост на самото истражување се согледува во потребата од систематизирање на научно-теоретските сознанија за деталната состојба за полициското работење и превенција во секаков вид на криминнал. Дополнително, преку изработката на трудот се очекува да се збогати стручната литература која го разработува прашањето на истрагата воопшто, посебно прашањето кое се однесува на целосна правна заштита на сите лица.

Општествена оправданост на магистерскиот труд е тесно поврзана со научната оправданост. Едно вака поставено истражување ќе биде од голема помош на сите институции кои се занимаваат со прашањето за превенција од криминал, како во национални рамки, така и во меѓународни рамки.

II. Поим за истрага и п*ринципите на истрагите*

1. Истрага

Со новиот Закон за кривична постапка (ЗКП) на Република Северна Македонија во целост се менува концептот на досегашната во суштина инквизиторна постапка

дизајнирана како службена истрага на судот. Напуштањето на судскиот патернализам е многу повеќе од некакво козметичко менување на постојниот модел. Битно е да се разбере дека новиот систем не е само едноставна замена на судската истрага со обвинителска. Јавниот обвинител бездруго нема да го прави истото што досега го правел истражниот судија. Полициската и обвинителската истрага во новиот систем се надополнуваат и фузионираат, а судската истрага практично се прескокнува, а не се заменува со некаква формална обвинителска истрага. Претходната постапка сега ги опфаќа предистражната постапка и истрагата. Одлучувањето за кривичната пријава и предистражната постапка имаат за цел да разјаснат дали почетното сомневање за сторено кривичното дело е основано. Од таа причина јавниот обвинител и полицијата собираат докази на неформален начин. Јавниот обвинител ги презема сите дејствија во постапката за кои е овластен според законот сам или преку лицата кои врз основа на законот за јавното обвинителство се овластени да го застапуваат во кривичната постапка.

Ако постојат основи на сомневање дека е извршено кривично дело за кое се гони по службена должност, Министерството за внатрешни работи е должно да ги преземе сите потребни мерки да се пронајде сторителот на кривичното дело, тој или соучесникот да не се сокријат или побегнат, да се откријат и обезбедат трагите на делото и предметите што може да послужат како доказ. За таа цел полицијата може да бара потребни известувања од граѓаните, да сопре, легитимира, да врши прегледи и претреси, да пренасочи или ограничи движење на лица и превозни средства, да спроведе потрага, распише потерница или објава по имотот и имотната корист. Министерството за внатрешни работи може со покана да повикува лица на информативен разговор, а повиканото лице може да се доведе присилно само со судска одлука и само кога очигледно одбегнува да се јави на уредно доставена покана во која е предупреден за можноста од приведување. При одлучувањето за кривичната пријава, особено ако податоците во неа не даваат доволно основа за одлучување, јавниот обвинител ако не е во можност тоа да го стори сам или преку други органи, може да бара од Министерството за внатрешни работи собирање потребни известувања и други мерки заради откривање на кривичното дело и сторителот. Јавниот обвинител може да го повика подносителот на кривичната пријава, осомничениот и неговиот бранител и други лица за чии сознанија смета дека може да придонесат за оценка на веродостојноста на наводите во пријавата и записниците за прибавените известувања

потпишани од лицата може да се користат како доказ во постапката. Врз основа на резултатите од предистражната постапка, јавниот обивнител одлучува дали ќе подигне непосредно обвинување, дали ќе поднесе барање за спроведување на истрага или ќе се откаже од гонењето. Во предистражната постапка полицијата е мошне моќна.

Тоа се гледа и од одредбите на Законот за полицијата кој на полицијата и ги дава задачите за спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела. ЗКП исто така и налага на полицијата да го открие сторителот, да ги обезбеди сите докази и да ги собере сите релевантни информации. Но, тоа не претставува крај на полициските истраги кои се продолжуваат ex offi cio и што во практиката не предизвикува никаква реакција на јавните обвинители. Мошне е нејасно во кои случаи постои потребата јавниот обвинител да ја преземе истрагата од полицијата. ЗКП на полицијата и пренесуваат обемни овластувања, вклучувајќи го и широкото овластување за преземање „други потребни мерки и дејствија“, па е очигледно дека законот отворено и се обраќа на полицијата како на орган одговорен за спроведување на истрага. Сето тоа резултира со недостаток на јасна распределба на функциите на државните органи во претходната постапка.

Судската истрага е дел од претходната постапка и со неа раководел истражниот судија. Истрагата се поведува на барање на јавниот обвинител против определено лице кога постои основано сомневање дека сторило кривично дело. Кога постои сомневање за сторено кривичното дело за кое е пропишана казна затвор над 5 години, покренување на истрагата е задолжително. Истражниот судија ја завршува истрагата кога ќе најде дека состојбата на работите во истрагата е доволно разјаснета. По завршената истрага истражниот судија ги доставува списите до јавниот обвинител, кој е должен во рок од петнаесет дена да стави предлог да се дополни истрагата или да подигне обвинителен акт или да даде изјава дека се откажува од гонењето

Кривичната постапка претставува систем од процесни дејствија со точно утврдена форма, начин, рок, редослед и овластен субјект за нивно преземање, преку кои се утврдуваат околностите под кои е сторено кд, вината и степенот на кривичната одговорност на сторителот, како и определување на индивидуализирана кривична санкција. Истрагата е збир на дејствија што се спроведуваат со цел да се соберат докази потребни за донесување одлука за поднесување на обвинителен акт или донесување одлука во корист на осомничениот (запирање на истрагата или друго

решение). Теоретски, постојат поделени ставови за прашањето од кога започнува, додека во споредбеното законодавство генерално нема одредби кои експлицитно одговараат на ова прашање. Дејствијата извршени во истрагата генерално се дел од кривичната постапка, па се смета дека постапката продолжува и во случаи кога се спроведува дел од постапката наречена подготвителна или предкривична.

Но, постојат и законски прописи кои предвидуваат подготвителната фаза (подготвителната постапка) да не се смета за составен дел на кривичната постапка, туку дека постапката започнува дури по отворањето на истрагата. Во зависност од видот на органот кој има доминантна улога, истрагата се организира според моделите на судска, обвинителска и полициска истрага.

Прашање кое многу често се поставува, а за кое мислењата се поделени теоретски, е токму прашањето кога всушност започнува истрагата? Дали истрагата, како збир на дејствија чија цел е собирање докази кои се потребни за на крајот да се донесе одлука за поднесување обвинение или евентуално одлука за прекинување на истрагата, почнува да тече од моментот кога тој дел од кривичната постапка, која уште се нарекува подготвителна, се спроведува или предкривична или наведената фаза воопшто не се смета за составен дел на кривичната постапка, туку се смета дека постапката ќе започне по отворањето на истрагата.

Истрагата во компаративното кривично законодавство е организирана според модели; судски, обвинителски и полициски истраги. Судската истрага е карактеристична за инквизиторската постапка, во која истражниот судија е dominus litis, бидејќи тој по службена должност ги собира сите докази потребни за расветлување на кривичното дело и откривање на сторителот.

Теоретичарите приговараат дека основниот недостаток на овој модел на истрага се рефлектира во околностите што во личноста на истражниот судија се кумулираат неколку различни функции, а доколку истражниот судија собере одредено ниво на докази за кои смета дека се доволни, ова истовремено подразбира донесување на осуда од друг надлежен орган на истиот суд, односно судија или Судски совет. Денес, обвинителската истрага го претставува моделот на истрага што преовладува во сите правни системи. Дополнително, треба да се додаде дека денес е јасно изразена тенденција за воведување на обвинителскиот модел на истрага дури и во оние законодавства кои со децении го следат моделот на судска истрага.

Оваа тенденција е особено изразена во европското законодавство. Полициската истрага е доминантна во законодавството на правниот систем на обичајното право. Основната карактеристика на овој модел на истрага е многу висок степен на независност на полициските органи во нивното постапување при прибирање докази за кривичното дело и за сторителот. Овој модел на истражување е претставен во различни национални системи.

Полициската истрага може да се подели на две групи, каде што за првата група би било карактеристично дека полициската истрага е единствениот модел на истрага, дека истражните овластувања на другите органи се многу ретки или речиси и не постојат. Додека во втората група, може да се зборува за оние земји во кои полициските органи спроведуваат истрага според рамката и правилата на кривичната постапка.

СУДСКА ИСТРАГА

Судската истрага е карактеристична за инквизиторската постапка, истражниот судија по службена должност ги собира сите докази кои се неопходни за расветлување на кривичното дело и откривање на сторителот. Според моделот на судска истрага, само судот прибавува докази во текот на истрагата, а потоа собраните докази се изведуваат пред судот и судот донесува одлука врз основа на тие докази, што само по себе дава доволно причини да се сомнева дека судот може не постапува непристрасно во сите ситуации. Овој приговор се почесто се истакнува, како во европското, така и во другите законодавства во кои има истражен судија. Ова дава повод за се повеќе дискусии за укинување на институтот истражен судија и доделување на споменатата функција на обвинител. Така, според Букарица,[2] на почетокот на 2009 година, француската влада воведе фундаментални реформи, кои вклучија, меѓу другото, укинување на институцијата истражен судија и пренесување на неговите истражни овластувања на државното обвинителство (Букарица, 2016:92).

Многу европски земји веќе ги префрлија истражните овластувања на обвинителите. Клучните карактеристики на сите кривични постапки од инквизиторски тип се тајноста, писменоста и непротивречноста, а овие карактеристики го претставуваат моделот по кој се организира судската истрага. Во последните две децении, одредени елементи од овој модел на истрага постепено исчезнаа од речиси сите современи кривични постапки, отстапувајќи место на одредени елементи од обвинителскиот модел на

[2] Букарица, 2016:92

истрага. Поради ова, може да се каже дека денес во современите законодавства кои ја задржаа институцијата истражен судија, овластувањата што претходно ги имаше истражниот судија од класичниот модел на судска истрага, постепено се пренесуваат на јавниот обвинител, додека моделот на судска истрага полека се трансформира во истрага од мешан тип.

Овој модел на истрага порано беше карактеристичен за законодавството на земјите од поранешниот социјалистички блок, кои без исклучок припаѓаа на континенталниот правен систем и организираа кривични постапки според инквизиторски или доминантно инквизиторски модел. Елементи на овој модел постојат и денес во многу кривични постапки, особено во фазата на истрага. Денес има многу законски решенија во кои обвинителот формално ја насочува истрагата, но сепак не може да донесе голем број одлуки без судски налог. Една група теоретичари затоа смета дека во такви случаи тоа е модел на судскиот систем.

ОБВИНИТЕЛСКА ИСТРАГА

Позицијата на обвинителот не е иста во сите законодавства. Во поголемиот дел од современото законодавство тој одлучува за водење или неводење истрага за кривични дела за кои истрагата се води по службена должност, па доколку одлучи да нареди истрага, самостојно ја води истрагата и ја насочува истрагата, при што ја доверува на полициските органи со собирање на доказите. Полициските службеници се должни да постапуваат по барање на обвинителот, додека само во истрагите што се водат за полесни кривични дела можат да постапуваат самостојно и мора да го известат обвинителот за преземените дејствија.

Во случај на потреба од преземање дејствија за кои е потребно итно постапување, тие можат да дејствуваат само самостојно. Иако судот нема одлучувачка улога во спроведувањето на истрагата, а во текот на истрагата нема право да одлучува за начинот и обемот на прибирање докази, по правило судот конституира посебен контролен орган, кој има задача да спречи евентуално самоволие или незаконски дејствија на обвинителот при преземање истражни дејствија. Законот ги определува конкретните дејствија на прибирање докази кои обвинителот може да ги врши само по наредба или со согласност на судскиот орган, како и начинот на чување или обезбедување на доказите прибавени на овој начин. Во одредени законодавства, обвинителите се избираат од независни државни органи, така што обвинителите тогаш

имаат иста независност како и судиите. Според Букарица,[3] постојат и законодавства во кои обвинителите се избираат од државните органи, а обвинителите имаат статус на државни органи во структурата на судството, како на пр. обвинителите во германските правни системи (Букарица, 2016:91).

Во споредбеното законодавство преовладува моделот на обвинителска истрага. Според овој модел, обвинителот ја води истрагата, додека извршувањето на одредени истражни дејствија и го доверува на полицијата и го надгледува нивното извршување.

Улогата на судот е првенствено контролна, а се состои во контрола на законитоста на дејствијата на обвинителот при преземање на одредени истражни дејствија со кои се задира во личните права на поединецот.

ПОЛИЦИСКА ИСТРАГА

Моделот на полициска истрага е претставен во различни правни системи и различни национални системи на кривична постапка. Бидејќи овој модел на истрага е широко прифатен во САД, подолу ќе ги наведеме основните карактеристики на истрагата во Америка.

Полициска истрага во Америка (САД)

Кривичната постапка во Америка започнува со апсење на сторителот на кривично дело, односно лице за кое постои основано сомневање дека сторило кривично дело. Оваа акција ја спроведува полицијата, при лишување од слобода мора да се стават лисици, полицијата да му укаже на лицето кое е лишено од слобода дека се што ќе каже може да се употреби против него и дека има право на бранител (т.н. Миранда предупредување), а потоа полицијата започнува со распит на лицето лишено од слобода. За разлика од повеќето закони на земјите од континенталниот правен систем, изјавата на осомничениот земена од полицијата се смета за правен доказ и само оваа изјава може да се користи во главната постапка пред судот, под услов полицијата да даде лице лишено од слобода со наведеното предупредување.

По лишувањето од слобода и давање опомена на лишениот од слобода за неговите права, започнува распитот. Предупредувањето за Миранда правата е широко прифатено во многу законодавства, особено во европските законодавства, па накратко ќе ги наведеме условите под кои е создадено. Во случајот Миранда против Аризона,

[3] Букарица, 2016:92

Врховниот суд на САД на 13 јуни 1966 година донесе одлука што претставува огромен чекор кон донесување на уставниот амандман 5 – привилегија против самоинкриминација, (загарантираното право што го штити од самоинкриминација) .и 6-от амандман на Уставот на САД- правото на бранител. Судот зазеде став дека изјавата со која се инкриминира осомничениот, кој не бил информиран за неговите права во постапката, директно го нарушува 5-тиот амандман - привилегијата против самоинкриминација и 6-от амандман на Уставот на САД - правото на бранител, при водење на постапката против него и дека пред да одлучи за давање изјава има право да се консултира со бранител. Оваа одлука подоцна често се применуваше во практиката на американските судови, а правото на осомничениот да се брани со молчење и да се консултира со својот бранител го доби името „Законот на Миранда“.

Давањето на ова право на осомничениот приврзаниците на граѓанските права го сметаа за голема победа на демократијата и со ентузијазам го одобрија, додека конзервативците, од друга страна, укажаа на тоа дека му штети на државниот интерес, сметајќи дека ги поткопува напорите на владата за спроведување на законот. Денес, повеќето обични граѓани знаат за ова право на осомничениот, а во американските филмови често може да се видат сцени кога полицијата некому му ја одзема слободата и го рецитира „Законот на Миранда“. Законот на Миранда постои во слична форма во процесното законодавство во Босна и Херцеговина.

Кратка историја на случајот

Ноќта на 3 март 1963 година, повредена девојка која работела во театар во Феникс Аризона (18 години) се враќала од работа кога ненадејно застанала автомобил пред неа. Мажот излегол од автомобилот, ја фатил жртвата за рака и се качил на задното седиште, по што ја однел жртвата на изолирано место, и ги врзал рацете и нозете, а потоа ја силувал и ја пуштил да излезе од автомобилот. Девојката веднаш истрчала дома и повикала полиција. Според нејзиниот опис на сторителот, полицијата на 13 март го пронашла Ернесто Миранда во неговата куќа и го привела. Во полициската станица во Феникс бил извршен процес на легитимирање, а оштетената како сторител го идентификувала Миранда. Осомничениот бил сослушан, го признал предметното дело и се потпишал на записникот од распитот. По поднесувањето на обвинението, тој пред судот го признал делото, а првостепениот суд го осудил за принуда и силување на две затворски казни од по 20 до 30 години. Обвинетиот поднел жалба на пресудата, во

жалбата истакнал дека полицијата не го предупредила дека има право да не дава самоинкриминирачка изјава, ниту дека има право да ангажира бранител и да сведочи во неговото присуство и дека неговото признание било принудно.

По жалба, Врховниот суд на САД ја укинал првостепената пресуда, а во образложението навел став дека признанието не може да се користи како доказ, бидејќи обвинетиот претходно не бил поучен за правото да се брани со молчење. давајќи го своето сведочење, дека секоја изјава што ја дал против негова волја може да се користи како доказ и дека има право да се консултира со бранител кој може да присуствува на неговото испитување. Во повторената постапка е осуден на исти казни како и во првостепената постапка. Во април 1975 година условно е ослободен од издржување затворска казна, но во февруари 1976 година, во повторена постапка со примена 5-от и 6-от амандман, односно давање изјава во присуство на неговиот бранител повторно е осуден. Што значи во новата повторена постапка се отстранети процедуралните грешки од претходната постапка.

Тој се здобил со повеќе убодни рани во локална кафеана, што резултирало со смрт. Според информациите од литературата, во неговите џебови биле пронајдени неколку картички со испечатено предупредување од Миранда, кои Миранда ги продал во бизнисот на Палатата на правдата во Мирикопа. Еден од полицајците го препознал и газејќи го неговото мртво тело, од една од картичките пронајдени во џебот на жртвата, на сторителот на кривичното дело пишувало „Предупредување од Миранда“.

Во САД истрагата не е дел од кривичната постапка и е слична на т.н преткривична постапка, затоа не е донесен формален акт. Клучна е улогата на полицијата, бидејќи полицијата ја спроведува речиси целата истрага, рутински претресува лица при лишување од слобода, а не им е потребен налог за претрес на лица.

При собирањето докази, полицијата првенствено се фокусира на признанието на осомничениот, бидејќи признанието дадено во полиција и материјалните докази од истрагата прибавени на законски начин можат да се користат само како доказ во понатамошниот тек на постапката (исказите на сведоците од истрагата не можат да се користат во судот). Поради сето горенаведено, процесното право има првенство над материјалното право. Според Шкулиќ, приведувањето на осомничено лице е можно со налог издаден од судот по барање на обвинителот или (по исклучок) на барање на жртвата на кривично дело, а во случај полициските службеници веднаш да се уверат

дека е сторено кривично дело (на пр. го пронајдат сторителот додека тој врши кривично дело), можно е апсење дури и без налог (Шкулиќ, 2013; 200).

2. Принципи

Истрагата треба да се спроведува со должно внимание на голем број клучни принципи. Секој од овие принципи е важен. Сепак, опсежните консултации сугерираат дека првите три - доверливост, анонимност и потреби за безбедност - се особено такви, бидејќи поднесувањето жалба и давањето докази може да го направат сведокот подложен на одмазда. Во екстремни случаи, сведокот може да биде под закана. Со оглед на тоа, државата е задолжена да стори се што е во нејзина моќ за да ги заштити сведоците и да ја промовира нивната безбедност и благосостојба.

Доверливост - сведоците и субјектите на претставката имаат право на доверливост. Во некои случаи нема да биде можно да се гарантира доверливост на пр. каде што се упатува до националните власти или каде што лесно ќе се заклучи идентитетот на сведокот. Во такви случаи, водечки принцип треба да биде „информирана согласност“. Информациите треба да се споделуваат на основа на „треба да се знае“ при што параметрите за тоа се утврдуваат во фазата на планирање. Идентитетот на инволвираните треба да се открие само на овластена основа кога е наведено упатување до националните власти. Во рамките на дисциплинскиот процес вообичаено не би било потребно или пожелно да се открие идентитетот на подносителот, жртвата или другите сведоци. Записите треба да се чуваат безбедно за да се избегне случајно или неовластено откривање на информации.

Анонимност - фактот дека пријавата е поднесена анонимно не значи автоматски дека таа има помалку суштина од онаа во која подносителот на пријавата се идентификува и е подготвен да даде докази. Тоа може да укаже на страв од одмазда. Во овој случај, анонимните пријави треба да се третираат исто толку сериозно како и приговорите со „именувани“ - иако степенот до кој тие можат да се истражат може да биде ограничен со анонимноста.

2.1. Баланс во истрагата

Новиот закон за кривична постапка означува пресвртница во македонската кривичноправна процедура, бидејќи воведува низа драматично поинакви решенија споредено со претходно преку кои се обидува да го истисне инквизиторниот елемент кој во голема мера беше присутен во досегашната мешовита постапка. Најголема новост има кај истрагата, па ако таа досега започнуваше со решение на судот кога

истиот ќе се убедеше дека постои основано сомнение дека лицето против кое таа се бара сторило кривично дело, по новиот закон тоа се прави со наредба на јавниот обвинител против која обвинетиот нема можност на судска заштита.

Старото решение се оправдуваше со тезата дека судот е независен и непристрасен орган кој како објективен истражувач ќе прибира докази како на товар така и во полза на обвинетиот, а бидејќи не е странка нема да биде заинтересиран за исходот на постапката. Дел од теоријата прифаќаше дека една од целите на замена на судската со обвинителска истрага беше да се избегне прикриената, латентна пристрасност на истражниот судија во корист на обвинението, за кој признаваше дека не е непристрасен, ниту истовремено ако отворено или прикриено ја преземе функцијата на кривичен прогон може рамноправно да се грижи за одбраната на осомничениот. Практиката ги демантира оние кои се залагаа за негово задржување, бидејќи се утврди дека судот со оглед на амбивалентноста на задачата која му беше дадена (да прибира докази и на товар и во полза на обвинетиот) не само што не успеваше во тоа, туку во пракса со право се гледаше како противник на одбраната. Противник затоа што лицето на истрагата беше судот, тој го испитуваше обвинетиот, тој ги сослушуваше сведоците, ги изведуваше другите докази, а во насока на проверка односно поткрепа на барањето за истрага. Некои го нарекуваа и сојузник на обвинителството кој не може непристрасно и доследно да ја игра заштитната функција по однос на основните човекови слободи и права.

Така да во минатото Законот за кривична постапка застапувал пореалистично гледиште, какво што сега се воведува, дека тужителот е тој кој треба да истражува. Идеалистичкото гледање кое за волја на вистината своевремено ја демократизира кривичната постапка првенствено ставено да го штити обвинетиот, во пракса се претвори во свој антипод, па наместо еден противник, му обезбеди уште еден посилен авторитет против кого требаше да се бори. Тоа најмногу се гледа преку притворот и посебните истражни мерки кои судот прелесно ги определуваше, не ги образложуваше, често ги користеше како начин за побрзо спроведување на истрагата. Мое гледиште е дека ако судот беше на ниво на својата задача претходното решение вистина требаше да го заштити обвинетиот повеќе отколку сега, меѓутоа очигледно психолошкиот товар на таквата двојна функција е ненадминлив, особено што „судот – оптоварен со обврската целосно да го расчисти случајот – објективно не беше во позиција на непристрасен одлучувач“ ме прави поборник на новото, па сметам дека напуштањето

на тој инквизиторен елемент за сметка на воведувањето чист акузаторен преку тужителска истрага, како сегмент на либералниот модел на кривична постапка, е подобро решение.

Затоа новиот начин на уредување на истрагата, ако се земат предвид и последните причини, е подобар па „судијата на истрагата станува гарант за заштита на правата и слободите, станува „неутрален“ во конфликтот на двете странки и престанува да биде „противник“ на обвинетиот“, со едно големо „ако“, ако судот сега биде на ниво на својата задача и ако објективно одлучува за правата и слободите согласно стандардите и правилата на ЗКП и ЕКЧП, на кои подоцна ќе се осврнам. Целосно на место е ова „ако“, затоа што промената на името од истражен судија во судија на претходната постапка по автоматизам нема да го направи заштитник на слободите и правата, без да дојде до промена на неговиот психолошки профил. Не е спорно дека „улогата на судот во демократската правна држава е ситуирана на линијата на признавање на идејата на правда, како водечка идеја на казненото право, од една страна, и, од друга страна, на истакнување на заштитата на човековите слободи и права како негова основна функција“ и дека „принципот на заштита на човековите права е раководно начело особено во казнената постапка“ а „во редот на неприкосновените меѓународни стандарди влегува барањето за почитување на правото на обвинетиот на фер и непристрасно судење, на одбрана, на почитување на пресумпцијата на невиност“ .

Меѓутоа ако оној кој се викал истражен судија требало да ги штити слободите и правата, но не го правел, преименувањето нема да го направи поправеден или подемократичен, ниту ќе му даде подобар сенс за таа работа бидејќи „правната природа на одделни институти и поими не може да се измени со менување на етикетата“. Според Пајчиќ „Амодио истакнува како во пракса се покажало дека новата доминантна улога на јавниот обвинител сосема го потиснала судијата од претходната постапка. Се покажало дека судиите почнале себеси да се доживуваат како бележници и дека скоро секогаш се согласуваат со барањата кои ги поставува јавното обвинителство не разгледувајќи ја доволно критички основата за нивните барања“. Што значи, без промена на психологијата, воведувањето на делумно тајна, неконтрадикторна и писмена тужителска истрага ќе даде резултати многу поблиски со инквизиторната истрага од ancien régimea, наместо да стане истрага на модерна акузаторна постапка. Факт е дека новиот dominus litis на истрагата е јавниот обвинител, факт е дека таа може до самиот крај да се спроведе без осомничениот да знае за неа,

што значи ако судијата на претходната постапка како и досега прифаќа предлози за посебни истражни мерки, притвор и сл. како судија на истрагата, новото законско решение ќе биде блиску со средновековната инквизиторска истрага со тоа што сега истражниот затвор ќе се вика притвор, а мачењето ќе биде заменето со тие посебни мерки.

Поради тоа и француските реформи кои доведуваат до слабеење на улогата на судот со истовремено јакнење на процесната позиција на обвинителот во однос на осомничениот, го поставуваат барањето во казнената постапка да мора да постои рамнотежа помеѓу правата на странките, гарантирана со чл.1 ст.1 од францускиот законик за кривична постапка, посебно што државното обвинителство како хиерархиски подредено на извршната власт и под нејзин надзор не може да биде независно, а како странка чија основна задача е да започнува казнен прогон по природа не може да биде непристрасно.

Во новиот ЗКП за да постои баланс недостасува овластување какво што имаат судовите во Хрватска или Австрија, каде исто така постои обвинителска истрага, но судот може на барање на осомничениот да донесе одлука за нејзино запирање. Дефинитивно пропуст е и непостоењето на судска контрола врз одлуката за спроведување на истрага, за кое нешто, мора да се признае, не постои општоприфатен европски стандард. Европскиот суд изречно не воспоставил право на обвинетиот на судска заштита од одлуката за започнување и водење на истрага во рамките на националниот казненоправен поредок. Кај нас не е предвидена судска контрола на оценката на обвинителот околу сомнението при поведување на истрагата како и во Германија и првично во Хрватска, иако сомневањето според досегашните закони од 1953 до 2013 г. беше проверливо и подложно на двостепена контрола.

Ако обвинетиот не биде испитан на почетокот, ако против него не бидат определени посебни мерки за негово обезбедување или истражни дејствија како претресот тој до самиот крај може да не знае дека е под истрага. Факт е дека истражувањето е мешање во неговиот живот, но тој ако не знае нема да може да приговори против тоа. Дури и ако знае, прашање е колку жалбата до вишиот обвинител е ефективно правно средство против долга, непотребна или неправилно водена истрага. Поради ова, сметам дека во новиот закон е воведено чисто инквизиторно решение, кое овозможува во одредени случаи, се до самиот крај осомничениот да не знае дека бил под истрага. Основно во новата истрага е како судот ќе се постави во новиот однос на улоги, па ако биде како

што бараат меѓународните и домашните правни акти, добро ќе се покаже воведувањето на јавно-обвинителска истрага и нејзиниот пандан одбраната да може да презема свои „истражни“ дејствија.

Тука се големите реални можности на тужителот, но како што кажав претходно тој како орган на прогонот треба да ги има бидејќи основно за секој човек е да биде безбеден и некој да го штити од сторителите на кривичните дела. Со новиот начин на спроведување на истрагата обвинетиот како субјект се става во порамноправна позиција со тужителот како друг субјект, што системски е подобро решение. Како во тој систем ќе се снајдат учесниците е друго прашање, но ако досега обвинетиот доживуваше дека има два противници во истрагата, тоа сега ќе биде еден, при што и самиот ќе има право да спроведува своја истрага. Добро е тоа што бранителот за потребите на одбраната може реално да спроведува своја истрага, но ограничувањата кои ги поставил законот може негативно да се одразат во пракса.

Рокот за одговор од субјектите од кои се бара доказ во случај на притвор е во ред, но другиот рок од 30 дена е предолг и реално ограничувачки за ефикасна истрага на одбраната . Новините во истрагата, го наведуваат Сламков да каже дека „Воведувањето приватна истрага - истрага на одбраната е најзначајниот механизам за постигнување на еднаквоста меѓу двете страни во фазата на истрагата“.

Но, не смее така поедноставено да се гледаат работите бидејќи од аспект на еднаквоста реален проблем може да се јави во случаите кога обвинетиот не се известува за истрагата сè до нејзината крајна фаза. Пример за можна ситуација е обвинителот во истрагата да презел увид заради утврдување или разјаснување на некој факт. Во таков случај расправниот суд за (не)постоењето на фактите кои со свое лично забележување ги утврдил ЈО може да се увери единствено со читање на записникот за увид. Поради тоа ЈО треба да има обврска да ја извести одбраната за датумот кога ќе се врши увидот, со тоа што нејзиното неприсуство нема да е пречка и без неа да се спроведе увидот. Но, ако имало причини обвинетиот да не биде информиран за истрагата, истите за очекување е дека ќе постојат и тогаш кога ќе се врши увид, па него никој нема да го извести во каков случај одбраната ќе нема гаранција дека констатираното во записникот за увид е навистина она што било забележано на лице место.

Не смее да се одбегне, а да не се каже дека ако порано бранителот имал право на увид во списите уште пред донесување на решение за спроведување на истрага, значи од самиот почеток кога и обвинетиот уште го немал тоа право за себе, новиот закон

овозможува одбраната во многу случаи дури пред самиот крај на истрагата да добие право на увид во списите и доказите собрани во истрагата. Ова рестриктивно решение според кое моментот кога ќе може да се врши увид е пролонгиран до многу доцна, ќе резултира во пракса со ограничување на правото на обвинетиот на доволно време и можности за подготвување на својата одбрана гарантирано со чл.6 од ЕКЧП и чл.70 од ЗКП. [4]

Одбраната е едно од основните права во постапката, а обвинетиот ќе може навистина да се брани, или да ја подготвува својата одбрана ако знае за што се товари и кои се доказите против него. Затоа и правото на увид во списите од предметот се смета како јадро, основа на правата на одбраната во кривичната постапка. Хрватското право овозможува на обвинетиот увид во списите од предметот на обвинителството веднаш по неговото прво испитување, а можноста тужителот да го попречи ова право преку овластувањето да го одложи испитувањето до крајот на истрагата, го решило на начин што осомниченият секако добива право на увид во списите најдоцна 30 дена од поднесување на кривичната пријава или преземањето на некое доказно дејствие спрема него.

Нашиот нов закон го гарантира правото на увид, меѓутоа не дефинира дали може да се одложи, а ако може не прецизира точни рокови до кога, што секако е слабост поради можноста праксата различно да го толкува. Крајот на истрагата, за кога јасно е предвидена должноста на обвинителот да го запознае обвинетиот со доказите прибавени во истражната постапка е секако многу рестриктивно решение. Затоа сметам дека de lege ferenda нашиот законодавец треба да ја пополни оваа правна празнина со прецизна и јасна временска рамка, која не смее да биде крајот на истрагата. Во спротивно нееднаквоста помеѓу двете странки, создадена како резултат што едната ќе ги знае списите и ќе може навремено да се подготви за идната постапка, а другата не, па нема со време да спроведе своја суштинска истрага, може да претставува такво ограничување кое во многу случаи тешко дека ќе може да се надомести во подоцнежниот тек на постапката. Секако посебен проблем во однос на правото да се подготви суштинска одбрана претставува овластувањето на обвинителот да тактизира со известување на обвинетиот за тековната истрага против него.

Законот дозволува истрагата да трае до 18 месеци, а во таков случај доцната информација во голем обем може да ја ограничи можноста за подготовка на квалитетна

[4] Закон за кривична постапка

одбрана. Сведоците после толку време нема да се сеќаваат на сите подробности, а општо познато е дека и најмал детаљ може да направи огромна разлика. Тоа што македонското обвинителство нема обврска како во некои други држави на почеток на истрагата или најдоцна 1 месец од нејзиниот почеток да му достави на осомниченият налог со кој ќе го извести за тековната постапка против него, го става во многу посуперiорна позиција наспроти одбраната, со оглед дека ќе ги прибира доказите веднаш по настанот, кога сеќавањата кај сите се свежи, за разлика од одбраната, која своето право на сопствена истрага ќе го прави многу подоцна.

Оттука, законската можност на одбраната да спроведува своја истрага сама по себе не ја става на исто рамниште со обвинителството, како што истакнуваат некои, бидејќи, супстанцијално, квалитетот на подоцнежната истрага со „бајати“ информации секако нема да е ист со оној на претходно поведената. Еден од поставените стандарди на ЕСЧП за ефикасна државна истрага кој го посочува Ѓурѓевиќ „итност на истрагата – истрагата мора да биде иницирана веднаш и да биде спроведена со разумна експедитивност како би се постигнала најдобра количина и квалитет на достапните докази“ нема причина да не е применлив и на истрагата на одбраната. Кај нас ограничување како во хрватскиот закон нема, што значи, иако на прв поглед делува, како овој елемент да внесува рамноправност помеѓу странките во истрагата, кога ќе се подразмисли малку, тоа на суштински план не е така. Пред завршување на истрагата ЈО согласно чл.302 од ЗКП е должен на осомниченият и бранителот да им достави известување за нејзиното завршување, а ако тоа не го сторил претходно, е должен да го испита осомниченият Во случај кога ЈО по барање на осомниченият или неговиот бранител собира определени докази, должен е тоа да го заврши во рок од 30 дена.

Кога лицето кое може да даде известувања корисни за одбраната не сака да ги даде, бранителот може да побара од ЈО да го повика лицето да го испита. Негативноста е што на ваков начин се разоткрива процесната стратегија на одбраната која поради ова во наредните фази на постапката тешко дека ќе биде успешна. Според чл.303 ЈО е должен да поднесе обвинение или да ја запре истрагата во рок од 15 дена, а кај делата на организиран криминал до 30 дена. Според посочените одредби ЈО треба да ѝ остави 15 дена на одбраната да ги прегледа списите и доказите и да состави препис, после што во наредните 15 дена треба да поднесе обвинение, или после 30 дена од известувањето до одбраната тој е должен да поднесе обвинение. Ова значи дека рокот од 30 дена во кој субјектите треба да одговорат на барање на бранителот, за да овој после има право

од судијата на претходната постапка да бара да им нареди да ги достават податоците, нема да биде ниту поминат кога обвинението ќе биде подготвено и поднесено во суд. Со тоа се релативизира истрагата на одбраната, бидејќи временски премногу се ограничува, што значи се оневозможува квалитетна одбранбена истрага, кога можеби обвинителската траела повеќе месеци. Во чл.311 недостасува рок во кој судијата мора да постапи по барањето на одбраната, што може да доведе до ситуација обвинетиот да прими обвинителен акт на кој треба да даде приговор или да предложи свои докази, а тој нема такви бидејќи неговата истрага објективно не можела да даде резултати.

Ќе се сложиме дека нема никаква поента наредбата на судијата на претходната постапка кога веќе обвинението ќе биде поднесено и одбраната ќе нема никаква можност да ги користи доказите кои мисли дека постојат и дека ќе се обезбедат во нејзината истрага во постапката на испитување на обвинителниот акт пред судијата или советот за негова оценка. На ваков начин иако се дава значајно право обвинетиот да се заштити од неосновани обвинениј а тоа се релативизира со прекратките рокови за обезбедување на докази битни за оспорување на тоа обвинение. Друг ограничувачки елемент може да биде и тоа што одбраната ќе треба да се убедува со судијата во потребата од бараните докази во ситуација кога тој не го знае кривичното дело за кое било постапувано, правната квалификација и доказите собрани од обвинителството, не ја знае одбраната која обвинетиот ќе ја претстави на главната расправа, па прашањето е од каде тој ќе биде во можност да одлучи дали оправдано се бараат доказите од субјектите или не. Едноставно судот не го знае концептот на одбраната и може да одбие битен предлог.

Сето ова покажува дека иако е добро тоа што de lege lata се воведени истражни дејствија на одбраната како пандан на истрагата на обвинителството, краткиот рок за нивно спроведување често ќе доведува до неможност за нивно користење во пракса.

Во оваа насока сметам дека de lege ferenda треба да биде продолжен рокот за одбраната од чл.302 ст.4 за реално да се овозможи во овој период преземање на истражни дејствија од нејзина страна во пракса. Записникот за исказот на сведокот даден пред ЈО во претходна постапка под одредени околности предвидени во чл.388 може со одлука на судот да се изведе како доказ. Секако треба со посебна внимателност да се пристапи кон оценатa на овие искази бидејќи при нивното сослушување присуствувала само едната страна, а одбраната никогаш немала можност вкрстено да ги испраша. Проблемот кај претходниот исклучок е што не се опфатени

изјавите собрани во рамки на дејствијата на одбраната. Тоа значи дека тие ex lege се исклучени, иако нема никаква оправдана причина поради која не би можеле да изведат како доказ ако лицето кое дало изјава пред бранителот подоцна починало, душевно заболело или останало недостапно. Очигледна е дискриминацијата што ја прави законот, која секако не е легитимна, бидејќи на тужителот му дава предност наспроти одбраната во иста ситуација, иако и обвинителот и адвокатот при постапувањето се раководат од законите и етичките кодекси на својата професија.

Постоечкото законско решение не ја разрешува ни можната ситуацијата - што доколку сведок кој пример починал, душевно заболел или не може да се најде, дал исказ пред ЈО и изјава пред бранителот, а тие две се контрадикторни во битните елементи. Како на таков исказ чија веродостојност е доведена во прашање може да се базира пресуда. Веројатно по одлука на судот не би требало да се изведе записникот од исказот како доказ во постапката, но останува праксата попрецизно да го дефинира тоа.[5]Меѓутоа и овде битно ќе биде од која позиција судот ќе поаѓа. Во секој случај духот на законот претпоставува еднаквост пред судот, или барем наклонетост кон одбраната во оценка на доказите (презумпција на невиност, in dubio pro reo) кое треба да е негов водич во разрешување на вакви гранични ситуации за тоа на каде ќе се приклони и на што ќе му даде предност, дали на заштита на слободата и правата на обвинетото лице (due process) или на острицата на копјето во борбата со криминалот (crime control)

2.2. Губење на балансот при промена на правната квалификација од судот

Одбраната покрај анализа и одбрана од фактичката состојба претставена од тужителот, вклучува елементи на анализа и одбрана и од правната квалификација изнесена од него. Според начелото на акузаторност тој е оној кој гони и оној кој одлучува за што да се гони, па штом е така, при постоење на акузаторно начело за гонење нелогично е инквизиционото овластување изречно дадено на судот скоро во сите закони да може да ја менува правната квалификација, па материјалниот опис на настанот даден од тужителот да го супсумира спротивно на ставот на тужителот под друга правна квалификација.

Правејќи така во однос на видот на делото се става во улога на тужител и одлучува место него што ќе биде предмет на пресудата, независно од обвинението и го анулира

[5] Матовски, Никола, Казнено процесно право: општ дел, Правен факултет „Јустинијан Први - Скопје“ и „Втори Август С“ ДООЕЛ - Штип, Скопје, 2003.

правото на одбрана од таквата квалификација кое законот му го дава на обвинетиот и неговиот процесен помошник. Фактички спротивно на барањата кои ги поставува презумпцијата на невиност, судот погрешно дадената правна квалификација ја нивелира за да одговара на фактичкиот опис на настанот за да може потоа да го осуди обвинетиот, кој инаку би требало да го ослободи.

Значи во однос на видот на делото судијата се става во положба и на обвинител за кое дело од кривичниот законик да стане збор и на судија бидејќи после прифаќа дека делото кое тој го поставил за конкретниот опис е правилно, со што се доведува под знак прашање и неговата објективност во предметот. Можеби претходно кај мешовитата постапка и не беше толку очигледно, но не е јасно како сега овој силен инквизиторен елемент, буквално на штета на обвинетиот, се оправдува со внесувањето на силните акузаторни елементи во новиот ЗКП Околу таквата можност има неколку спорни моменти, а заклучокот на Крапац, иако изгледа убедливо, не е докрај затворен по принципите на логиката. Ако акузаторното начело го ограничува судот, со волјата на обвинителот, да суди само за оној настан и против она лице содржани во актот, зошто не е ограничен со истата таа волја и во однос на видот на делото за кое треба да суди.

Крајно, ако оправдувањето за промена на правната квалификација е тоа што го познава правото, тогаш нема потреба во обвинителниот акт ни да се посочуваат одредбите на КЗ кои ЈО предлага да се применат. Следно, ако оправдуваме нешто според законите на логиката треба да видиме дали тие докрај тоа го прават. Еден од позначајните аргументи на дијалектичката логика е дотолку повеќе (argumentum a fortiori), а според него ако ЈО, независно од волјата на судот, има законско овластување да одлучи дали ќе гони некое лице и за кој фактички настан, дотолку повеќе мора да има во делот за кое дело тоа ќе го прави. Истото е уште појасно преку неговиот подвид од повеќе кон помалку (argumentum a maiore ad minus) според кој ако обвинителот има право на повеќе, значи да одлучи дали воопшто некого да го гони или не, односно како да го опише настанот за кој ќе гони во смисла колку квалификаторни елементи ќе му даде, дотолку има право да одлучи за кое кривично дело сака да гони. Промената на правната квалификација од судот покрај што се судира со акузаторното начело, се судира и со овие аргументи на правната логика.

Тужителот е оној кој е стручен и овластен од државата да проценува дали, против кого и за што ќе гони, а судот треба да одлучува, па ако настанот не може да се подведе под

правната квалификација дадена од тужителот треба да донесе ослободителна одлука, а не преку нејзина примена да ѝ помага на едната страна. Исто така, ако е во ред оправдувањето со фактот што судот го знае правото, тогаш нема основ забраната да го осуди обвинетиот за потешко дело, ако навистина настанот одговара токму за такво дело. Значи оправдувањето ако е во ред, ја побива забраната со која се сложува Крапац, а штом го следиме акузаторниот модел во поглед на истрагата и обвинувањето тогаш тоа треба докрај да го правиме бидејќи „Јурисдикциите од обичајното право го стават акцентот врз „злосторството“ како што е карактеризирано од обвинителот во обвинителниот акт. Ова значи дека правната карактеризација од некое обвинение е обврзувачка во текот на судењето; на крајот на краиштата обвинетиот ја подига одбраната против злосторството за кое е обвинет. Еден исклучок, меѓутоа, е дека судот може, без надополнување, да донесе пресуда за помалото вклучено злосторство“ .

Што значи, укажувањето дека судот го знае правото (iura novit curia) за да се оправда промената на правната квалификација од негова страна, ја изместува расправата од централната работа, дека според акузаторното начело нема предмет без обвинение, што подразбира дека обвинението не е само теорија за настанот, туку точно изразена волја на овластениот орган кого и за што да го гони.

Со оглед да судот не е таков орган, ниту има по дефиниција такви надлежности, тој треба да се држи во границите на зададеното, да суди за настанот, а не да го менува за да може да донесе осудителна пресуда. Така на една страна би имале два обвинители од кои едниот ќе треба и да пресуди, наспроти одбраната. А судијата треба „да биде трето лице... надвор од какви било односи со субјектите на обвинението и одбраната, за да може објективно да одлучи во спорот што се води меѓу нив“.

Проблемот со новата квалификација е уште поголем бидејќи во таков случај одбраната ќе има можност дури во жалбена постапка да каже што има по неа, со што го губи правото да спори во два степени по однос на исклучително битен елемент. Со тоа паѓа и едно од оправдувањата на Бајер за субјективниот и објективниот идентитет на обвинението со пресудата „причината... е многу значајна. При донесување на пресудата судот мора да биде врзан со обвинението, бидејќи обвинетиот има можност за одбрана само за делото за кое е обвинет.

Кога судот би можел да го осуди обвинетиот за дело за кое не е обвинет, не би било спроведено уставното начело дека никој кој е достапен на суд не може да биде казнет ако не му е дадена можност да се брани пред судот кој му суди“.

А de facto по однос на новата квалификација одбраната немала воведен, завршен, ниту каков и да било збор, не можела да предлага ни докази со кои евентуално би ја побила бидејќи постапката се водела по друга квалификација за која различни факти биле релевантни. Токму за поголемиот проблем кој се јавува поради можноста од промена на правната квалификација сосема на место е мислењето на судијата Жупанчич со кое се согласувам во целост. Очигледно проблемот не е така едноставен, бидејќи одбраната првпат во втор степен ќе спори за тоа, но не со оној кој обвинува, туку со судот, значи наспроти себе за фактичката состојба ќе го има обвинителот, а за правната квалификација првостепениот суд.

Дефинитивно баланс тука неоправдано нема. А, да не заборавиме дека според чл.6 ст.3 (б) од Конвенцијата „Секој има право да биде информиран за делата кои наводно ги извршил („причината за обвинението“) и исто така за правната квалификација на делата кои се во прашање („природата“ на обвинението).

Секој има право да биде информиран за каква било промена во обвинението“, бидејќи според ЕСЧП „при секоја преквалификација на делото во текот на расправата обвинетиот мора да има соодветна можност да ја реорганизира својата одбрана“ .

Понатаму, тоа што обвинителниот предлог не мора да содржи законски назив на кривичното дело и правна квалификација, остава судот нив да ги избере во зависност од фактичката состојба утврдена од доказите, што исто така претпоставува нееднаквост, бидејќи судот во суштина на ваков начин врши функција која требало да остане кај ЈО и de facto се става на негова страна.

Ова нешто, за жал, не е коригирано во новиот закон, иако сега овие постапки ќе се водат за поголем број на дела за кои е предвидена казна до 5 г. затвор, наместо претходно 3 г. Ваквата предвиденост не оди ниту на линија на ставот на Крапац кој признава дека постои фактичка нееднаквост во положбата помеѓу тужбата и одбраната, па бара, заради нејзино отклонување, целосно овозможување на правата на одбраната, а постапката пред судот да се води на начин така што „фактичката нееднаквост на процесните учесници што повеќе да се намалува со соодветен начин на постапување во корист на „послабиот“. Впрочем, не само суштината за која беше укажано погоре, туку и формата го потврдува отстапувањето од принципот на акузаторност, кога во пресудата во уводот стои она кривично дело за кое е обвинет, а во изреката друго кривично дело за кое судот го осудил.

Оттука, постоечките проблеми кои постојат со можноста за промена на правната квалификација de lege ferenda може да се разрешат на едноставен начин доколку по примерот на англо-американската постапка се воведе можност за алтернативно поставени обвинениј (alternative indictment), кои ги нема во римско-германската континентална традиција. Со воен термин кажано почесно е да се има време и можност во старт да се постави одбраната од два напади истовремено, отколку таквиот напад да го затече од зад грб, но не од оној кој е дојден на боиштето да напаѓа, туку од оној кој треба да биде непристрасен и објективен, кој е тука да гледа и да се грижи битката да се води фер согласно однапред поставените правила и така да пресуди кој бил подобар во неа.

Друг проблем првично од технички карактер, а потоа и од аспект на еднаквоста на странките ќе се јави ако со одлука на судот по жалба е укината пресудата со која првостепениот суд ја изменил правната квалификација за делото што било предмет на обвинение. Имено првостепениот суд на кого предметот му е вратен заради повторно судење за основа ќе го земе поранешниот обвинителен акт со старата правна квалификација, за која јасно ставил претходно до знаење дека не одговара на неговото правно сфаќање. Сега ЈО ќе има две можности да остане на првобитното стојалиште чекајќи судот преку промена пак да направи корекција и да застане на негова страна или да го измени правното сфаќање на кое нешто му укажал судот во укинатата одлука. И во двата случаи балансот е загубен.

Интересно прашање кое се поставува при укинување на првостепената одлука е дали ако во новата постапка постапува истиот судија кој претходно го осудил обвинетиот, нема повреда на субјективните елементи за непристрасноста. Имено, презумпцијата на невиност бара судот да не ја почне расправата со однапред формирано мислење дека обвинетиот сторил кривично дело, туку со претпоставка дека тој е невин. Но, дали судија кој претходно еднаш, иако неправосилно, го осудил обвинетиот, притоа и се потрудил совесно на добар и разбирлив начин да ја образложи писмено таквата своја одлука, може да биде интимно уверен во невиноста на обвинетиот.

Јасно е дека не, независно какви насоки му дал повисокиот суд. Тој може и ќе направи се за нив да ги испочитува, но факт е дека кога ќе ги цени доказите и кога повторно ќе носи нова одлука ќе биде под влијание на својот претходно изграден став. Никој не може да оспори дека кај него нема да постои предубедување, предрасуда дека обвинетиот е виновен. При ваква ситуација не ќе е ли подобро новата постапка да се

одвива пред нов расправен совет, кој не бил под влијание на еднаш веќе создадена оценка за настанот и обвинетиот, независно дали на крај таа ќе испадне точна или погрешна. На ваков начин сметам дека, независно во чија полза била поранешната одлука, нема да има негативни приговори поради веќе формирано мислење и став.

2.3. Анонимниот сведок и нарушување на балансот помеѓу прогонот и одбраната

Едно од основните права на секој обвинет гарантирано со чл.6 ст.3 (г) од ЕКЧП, чл.14 ст.3 (д) од МПГПП и чл.70 ал.3 и 7 од ЗКП[6] е правото да ги сослуша и пред него да бидат сослушани сведоците на обвинението. Меѓународните акти во кои се дефинирани ваквите минимални права не познаваат нивно ограничување, освен во услови на војна или друга исклучителна општа опасност која го загрозува животот на нацијата. Така ако правото на слобода и безбедност, на почитување на приватниот и семејниот живот, на слободата на мислење, совест и вера, на слобода на изразување, на слобода на собирање и здружување, на слобода на движење познаваат одредени исклучоци и редица на ограничувања, такво нешто кај правото на правична судска постапка нема, освен можноста за ограничување на јавноста во определени таксативно наброени случаи.

Според Крапац ова право спаѓа во „релативно заштитените дерогабилни права (оние кои смеат да бидат дерогирани во вонредна состојба, под претпоставките од чл.15 ст.1. од Конвенцијата,[7] но можат да се ограничат со различен степен во склад со рестриктивните клаузули кои Конвенцијата ги врзува со поедино такво право)“.

Чл.18 од ЕКЧП е јасен кога потенцира дека дозволените ограничувања за слободите и правата од Конвенцијата може да се применуваат за оние цели за кои се предвидени, па штом е така тогаш правото на правична постапка не познава никакво друго ограничување освен неговиот сегмент – јавност на судењето. Државата нема право да презема мерки и активности со кои се уриваат овие права, ниту можност да воведува поголеми ограничувања од оние предвидени со овие акти, а такви со нив освен на правото на јавно судење под одредени услови и на бесплатен службен бранител не се предвидени. Корф зазема идентичен став во врска со чл.9 и 14 од МПГПП па наведува „одредбите ги одразуваат минималните стандарди што треба да се почитуваат во сите

[6] Закон за кривична постапка
[7] Европска конвенција за заштита на човековите права

околности, во сите земји, без разлика на нивниот систем... правото на слобода и безбедност на личноста (слобода од произволно апсење) и правото на фер судење може да бидат дерогирани во време на војна или друга вонредна состојба што го загрозува животот на нацијата“.

Ќе се согласиме дека општа опасност во време на мир не постои и дека државата според тоа реално нема никакво овластување, за некои свои повисоки цели, да ги ограничи овие права кои не се од неа доделени, туку вродени права кои секој човек ги стекнал со самото раѓање. Токму ваквиот јадрен концепт на најбитните меѓународно правни документи се заснова на постулатите на либералната филозофија на природното право, во кое еднаквоста е еден од сегментите на правдата и правичноста. Значи во услови на ваква уреденост, државата не смее да ги загрози овие права на одбраната, пример дури ни заради поефикасно спроведување на криминалната политика, откривањето и гонењето на криминалот и казнувањето на криминалците.

Од друга страна има случаи во кои има ограничување на некои од правата на обвинетиот. Тоа дефинитивно претставува нарушување на баланот помеѓу странките во постапката, затоа што позицијата на едната странка во одреден дел, или за одредено дејствие во постапката е драстично различна од онаа на другата. Такви случаи во кои најчесто се ограничуваат делумно правата на одбраната се оние каде има потреба од заштита на правата на другите лица во постапката, сведоци, соработници на правдата, прикриени агенти, жртви и сл., и тоа тогаш кога постои веројатна опасност од нивна повреда. Оттука ЕКЧП [8]иако признава дека чл.6 од Конвенцијата за човекови права не бара да се земат предвид интересите на сведоците и жртвите повикани да сведочат, постои можност од ризик по нивните права, па интересите на одбраната треба да се урамнотежат со интересите на сведоците и жртвите . Но, не секој обвинет е и вистинскиот сторител или виновник за кривичното дело, а легитимни цели, како оправдани околности за ограничување на правото на правична постапка во ЕКЧП се наведени исклучиво по однос на правото на јавност, а не и нејзините други сегменти.

За горните отстапки Калајџиев убаво забележал „При балансирање на правата на обвинетиот наспроти интересите на државата, редовно погрешно се претпоставува дека државата е таа што секогаш ги претставува интересите на општествената заедница. Иако државата тоа неспорно го прави за низа одредени интереси, други од нив, подобро ги претставува обвинетиот.

[8] Прирачник за обука за членот 6 од Европската Конвенција за човекови права- ЕСЧП

Во казнената постапка државата не секогаш е единствениот субјект што го претставува интересот на граѓаните. Така, иако јавноста е заинтересирана за општество во кое ќе се почитува јавниот поредок, заштитено со примена на правото, може да се тврди дека таа јавност има дури поголем интерес за општество во кое ќе се почитуваат човековите права и слободи. Овој интерес што се јавува како непосредно ограничување на оној претходниот, најдобро е претставен од обвинетиот, поради што треба да биде одмерен во негова корист при балансирањето на неговите права наспроти интересот на државата за примена на правото...“

Според Бужаровска[9] која ни посочува дека при примена на институтот за заштита на сведоци мора да се води сметка за почитување на гаранциите врзани за правото на одбрана во постапката. Укажува дека од јуриспруденцијата на ЕКЧП произлегува дека во текот на постапката мора истовремено да се почитуваат правата на одбраната наспроти барањата за целосна анонимност на сведоците, неприсуство на обвинетиот во судница додека сведокот дава исказ, тајност на идентитетот на сведокот и сл. [10]

Потврдува дека мора да се почитува чл.6 од ЕКЧП во текот на постапката еднаквоста на оружјето (equality of arms) како неопходен предуслов за фер и правична постапка, но залагањето за промени во процесната материја кои би овозможиле исклучување на странечката јавност или можност обвинетиот да се отстрани од главниот претрес и ограничувањето на правото на увид во списите на бранителот во постапки во кои има загрозени сведоци не одат на таа линија. Факт е дека таков е ставот и на други автори кои бараат да се балансираат интересите за спречување на криминалот, потребата на жртвата или сведокот и гаранциите на правото за правично судење.

Но, што е во суштина балансирањето. Имаме право А на обвинетиот и право Б на сведокот. Ако некое од нив треба да се ограничи, поддржувачите на идејата за балансирање најчесто се на став дека треба да се ограничи правото на обвинетиот (А) вкрстено и непосредно да го испраша сведокот за сметка на правото на сведокот (Б) на слобода, сигурност и живот, посебно кога и интересот на општеството (В) поради тежината на стореното дело (Г) бара да се гони сторителот. Значи на една страна е А, а на друга Б, В и Г и во една ваква констелација на односите многу јасно е што секогаш ќе претегне. Притоа се заборава дека токму тежината на делото (Г) кое се опсервира во постапката бара обезбедување на заштита преку поголеми права во неа (А) бидејќи

[9] Бужаровска/Калајџиев, Казнено процесно право, Второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2011

[10] Матовски, Никола, Казнено процесно право: општ дел, Правен факултет „Јустинијан Први - Скопје“ и „Втори Август С“ ДООЕЛ - Штип, Скопје, 2003.

често кај вакви предмети има брзо јавно осудување и веќе изграден став пред и да почне постапката.

Така во „Craxi v Italy Судот изјавил дека во определени случаи злонамерна медиумска кампања може негативно да влијае врз правичноста на судењето преку формирање на јавното мислење и консеквентно и на мислењето на поротниците повикани да одлучуваат за вината на обвинетиот“ , што е кобно по презумпцијата на невиност, а токму интересот на општеството (В) е вистинскиот виновник да се казни и тоа толку колку што заслужува, што пак бара почитување на правата (А). Посебно што „член 6 бара, без разлика на тоа дали дошло до балансирање, поголема тежина да им се даде на правата, а не на конкурентните јавни интереси“ .

Значи пак доаѓаме на почетокот, за да заклучиме дека најдобро е постапката да обезбеди реализација на двете права (А и Б), без ниту едно да се ограничи. Тоа кај заштитените сведоци би било со обезбедување на сите други процесни и вонпроцесни мерки за заштита, а не и со нивна анонимност, бидејќи „особено контроверзна мерка е употребата на анонимни сведоци, односно сведоци чиј идентитет не им е познат и на двете страни. Остро беше критикувана една рана одлука за овозможување на оваа практика во Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (МКТЈ), особено од застапниците на антагонистичките процедури, а потоа повеќе не беше повторена“.

Околу таквиот став на мнозинството, забележливо е издвоеното мислење на судијата Стивен од споменатиот случај пред МКТЈ кој истакнал „дека Статутот во споменатиот чл.2081 бара „целосно почитување на правата на обвинетиот (full respect)“, додека за заштита на жртвите и сведоците се користи изразот „соодветна грижа (due regard)“. Од ова се заклучува дека барањата за обезбедување на правото на правично судење на обвинетиот треба да имаат предност пред мерките за заштита на жртвите и сведоците. Главното мислење кое мнозинството на судии го зазело во тој случај значително е разнишано со едно сведочење во тој случај.

Имено, утврдено е дека заштитениот сведок Л., чиј идентитет не бил откриен во текот на постапката, дал лажен исказ. Иако неговиот исказ бил исклучен од доказниот материјал, тој случај го разниша уверувањето во оправданоста на таквите мерки, додека одбраната зазела став дека тоа бил голем пропуст на обвинителството соодветно да ја тестира вистинитоста на доказите кои се насочени против обвинетиот... Против тој сведок (Драган Опачиќ) е покренатa постапка заради давање на лажен исказ.

Во начело сум против анонимноста на сведоците, но дури и да се прифати кај жртвите на делото или во исклучителни случаи кај прикриените агенти и сведоците, тоа да се стори со соработниците на правдата, па за нивна сметка да се дадат компензации на товар на одбраната, кога се знае дека практично го трампаат својот исказ за да избегнат осуда е класично нарушување на правичноста.

Општо познато е дека за да стане соработник на правдата (покајник, крунски сведок) треба да даде значајни информации, притоа не е исклучено за свои дела да набедува други, што значи кај овој тип на сведоци не само што не треба да се ограничат гаранциите на одбраната, туку за да се открие евентуално такво нешто тие треба да се зголемат.

Тоа се лица кои го разменуваат својот исказ за да не бидат гонети (чл.44 од ЗКП) за она за кое што ќе сведочат против другите, за да им се преквалификува делото во прекршок, во полесно кривично дело или привилегиран облик на основното, да им се намали казната и сл. Компаративните искуства покажуваат дека токму овие лица најмногу се вклучуваат во програмите за заштита на сведоци.

Да не бидам сфатена погрешно, овде проблемот е исклучиво кај анонимноста на сведоците, а не и другите процесни или вонпроцесни механизми за нивна заштита кои се сосема прифатливи од аспект на еднаквоста на странките и правичноста на постапката во целина. Можност да се изземе сведокот нема како со другите учесници во постапката, што е повеќе од логично, но затоа мора да се знае неговиот идентитет за да може да се укаже на мотивираноста да не ја зборува вистината.

Овде нерамноправноста е во тоа што тужителот ги знае тие сведоци, а одбраната со оглед да се анонимни за неа (faceless witness) не може да ја оспори нивната веродостојност, кредибилитет, ниту ќе може да ги испраша според правилата на вкрстено испрашување, притоа мислам да може да ја види непосредно реакцијата на сведоците на поставените прашања која секако е битен сигнал дека прашањата одат во права насока. Како одбраната би ја испитала способноста на сведокот сетилно да ги забележи настаните, потоа да ги фиксира во својата меморија, да го репродуцира така зачуваното, кога не може прашањата за вакво нешто однапред да се напишат писмено, туку едно од друго произлегуваат од секој претходен одговор на сведокот во текот на интензивното распрашување.

Секако дека претходна верификациона постапка е потребна во која судот ќе испита дали има потреба од анонимност на сведокот, неговата веродостојност и изворот на

сознанијата за она за коешто треба да сведочи, но прашањето е колку таа може да биде навистина од корист, кога одбраната не знае за кого се работи, па не може да го оспори неговиот кредибилитет, кое нешто по правило се врши со вкрстено испитување на познат сведок. „Хендикепот предизвикан од анонимноста на сведокот е значителен... Непознавањето на идентитетот на сведокот ја прави тешка проценатa дали сведокот е сигурен, дали постојат елементи кои го оправдуваат сомнежот за пристрасност, анимозитет, омраза или други мотиви за лага. Особено не е можно да се утврди дали постојат врски со осомничениот, со жртвата или со друг сведок. Уште повеќе, кај сведок очевидец, не ќе може да се процени дали жртвата навистина можела да го види она што тврди дека го видела, криењето на идентитетот може, во исто време, да го спречи прецизното одредување на местото од кое сведокот го посматрал извршувањето на делото.

Уште повеќе, анонимноста по правило резултира со криење на физичкиот изглед на сведокот. Така одбраната нема да биде во можност во целост да го посматра неговото однесување за време на сведочењето“ . Добро е што се признава дека таа треба да биде само крајна мера, бидејќи никако не смееме да се фатиме во замката на инквизиторната постапка од Средниот век, па во желбата за казнување на виновникот по секоја цена, да ги жртвуваме правата на одбрана на обвинетиот . Надмоќта која ја има тужителот како орган наспроти обвинетиот како објект, мора да ја компензираме со зголемување на правата на одбраната како субјект споредено со неговите. Впрочем такви одредби кои оправдуваат ваков начин на размислување веќе има во ЗКП:

(1) презумпцијата на невиност со нејзините две правила претпоставка дека обвинетиот е невин и товарот на докажување е на страната на обвинителството, а со тоа и ризикот од недокажаноста на фактичката состојба и вината (actore non probante, reus absolvitur),

(2) in dubio pro reo (секој сомнеж околу докажаноста на релевантните факти е во полза на обвинетиот),

(3) reformatio in peius (не може да се измени одлуката на штета на обвинетиот ако само тој се жалел),

(4) favor defensionis (погодности за одбраната),

(5) beneficium cohaesionis (погодности од здружувањето),

(6) проширеното дејство на жалбата,

(7) restitutio in integrum,

(8) должноста јавниот обвинител да го запознае обвинетиот со доказите прибавени или за кои дознал во истражната постапка без контраобврска за другата страна .

Значи законот знае за повеќе такви мерки, но немал храброст јасно, expressis verbis, да го поучи судот дека мора да е неутрален, а во одредени посебни нужни случаи и наклонет кон одбраната. Тоа не значи да ослободува обвинети, во таков случај би бил пристрасен, туку да биде свесен дека ако тужителот при сите можности кои ги има како орган за докажување и претставување на случај тоа неубедливо го направил, можеби обвинетиот не е виновен.

Тој не смее да му помага на тужителот, туку stricto sensu да ги почитува претпоставената невиност и ризикот од недокажаност на случајот од тужителот, да внимава сомнежот околу докажаноста на релевантните факти да биде во полза на обвинетиот, заедно со сите погодности за одбраната (favor defensionis), зошто такви за обвинителството како странка не се ни предвидени.

Поради тоа секое ограничување на правата на одбраната мора да биде буквално ultima ratio во точно определени исклучиви случаи, а никако пракса. За споредба би предочил дека и во постапките пред меѓународните трибунали кога жртвите треба да сведочат, а постои опасност од одмазда поради нивното сведочење треба да им се овозможи вонпроцесна и/или процесна заштита, „но на начин кој на обвинетиот секогаш мора да му остави можност да го дознае идентитет на заштитениот сведок и содржината на неговиот исказ како би можел да го подвргне на противиспитување“.

За разлика од ЕСЧП кој дозволува анонимизирање на сведоци во определени исклучителни ситуации, Комитетот за човекови права на ОН е против таквата пракса „користење на сведочење на анонимни сведоци на судење се смета недозволиво, заради тоа што тоа би претставувало кршење на правото на обвинетиот да ги испитува сведоците предложени против него“ .

Впрочем стравот на одбраната од ограничување на нејзините права кај анонимните сведоци не е без основ, посебно кога таква резерва кон нив има и законодавецот воведувајќи ограничување во духот на негативната легална теорија за доказите, односно ЕСЧП во повеќе свои одлуки . „Во британскиот национален случај R v Davis, Домот на лордовите оценил дека преземањето на специјални аранжмани за заштита на сведоци кои стравувале од одмазда за заштита на нивната анонимност како услов за да сведочат на суд, било спротивност на одамна воспоставеното право на конфронтација на оние кои обвинуваат“ .

ЕСЧП во случајот Саиди против Франција во кој апликантот бил осуден за трговија на дрога врз основа на гласини од страна на три анонимни сведоци сметал дека чл.6 ст.3 (г) бил прекршен па во таа насока навел „Судот е свесен за огромните потешкотии во борбата против трговијата со дрога, посебно во делот на собирање и презентирање на докази, како и за штетите кои ги предизвикува дрогата во општеството, но такви размислувања не можат да ги оправдаат ограничувањата на правата на одбраната на секој против кого е покренатa кривична постапка“.

Во случајот Костовски против Холандија смета дека „Ако одбраната не го знае идентитетот на лицето за кое бара да го испита, може да ѝ бидат ускратени одредени поединости кои би ѝ овозможиле да прикаже дека тој има предрасуди, е непријателски расположен или несигурен. Сведочењето или други изјави кои го инкриминираат обвинетиот можеби се невистинити или погрешни, а одбраната нема да биде во можност да го прикаже тоа, ако нема информации кои би и дозволиле да ја тестира веродостојноста на сведокот или да се сомнева во неговиот кредибилитет. Опасностите поврзани со оваа ситуација се очигледни“ .

Процесните права и гаранции за обвинетиот се повеќе од неопходни, секое нивно ограничување е погрешно решение, бидејќи колку и да изгледаат како пречка во утврдување на вистината, видовме со какви механизми располага државата па „секогаш постојат и други начини, средства и инструменти со кои можат да се утврдат решавачките факти“. Тоа посебно е видливо кај сведоците кои обилно се користат во скоро секоја постапка, а за кои одредени теоретичари со право истакнуваат дека се најнесигурни доказни средства. „Денес е создаден сигурен и доволно проучен заклучок, дека исказот на сведок поради грешките во перцепцијата, сеќавањето и репродукцијата, поради евентуалната небрежност или поради недоволната упатеност на судијата во неговата оцена е сосема несигурно и опасно средство“ .

Потврда на ова се резултатите од експериментот на професорот Гарднер од универзитетот во Калифорнија. Сличен експеримент спровел и познатиот теоретичар Франц фон Лист на Правниот факултет во Берлин во којшто резултатите исто така покажале голем степен на неверодостојност на исказите на сведоците со она што реално се случило. Од поновите студии треба да се спомене таа на американската професорка Ненси Комбс во 2010 г. за изведувањето на доказот со сведочење пред интернационалните трибунали за Руанда, Сиера Леоне и Источен Тимор во која дошла до загрижувачки емпириски резултати за веродостојноста на овој најзначаен доказ на

кој се темелеле пресудите пред тие судови „дека повеќе од 50% од сведоците во сите тие случаи на расправите дале различен исказ од претходните изјави и искази“.

Кога исказот на сведоците е ваков и тогаш кога тие не се лично заинтересирани за исходот на постапката (примерот на професорот Гарднер), дотолку понесигурни се во другите ситуации (соработници на правдата, жртви, анонимни сведоци) кога за нив може да има значење нејзина разрешница во определена насока. ЕСЧП посочува „Искуствата покажуваат дека веродостојноста на доказите, вклучувајќи доказ кој се чини несоборлив и уверлив, може да изгледа мошне различна кога ќе се подвргне на длабоко испитување.“

Опасностите својствени за дозволувањето на изведување на непроверен доказ по слушање се уште поголеми ако тој доказ е единствениот или одлучувачкиот доказ против обвинетиот. Што се однесува на втората причина, обвинетиот не смее да се стави во ситуација каде е ефективно лишен од вистинска шанса да се одбрани така што нема да биде во состојба да го оспори случајот против себе. Судската постапка мора да осигура дека правата по Член 6 на обвинетиот не се неприфатливо ограничени дека тој или таа ќе бидат и понатаму во состојба ефективно да учествуваат во постапката“.

Судиите Шајо и Каракаш во заедничкото делумно издвоено и делумно согласно мислење ќе истакнат „Треба да се нагласи дека Член 6 §§ 1 и 3 (d) егзистира во контекст на вродената нерамнотежа на моќ меѓу обвинетиот и Државата. Силата двигател зад Член 6 е премисата дека интересот на правдата нема правилно да го заштити обвинетиот од опасноста од неправедно судење и неправилна осуда. Бидејќи обвинителската власт е подложна на злоупотреба како и на бирократски притисок да издвои и да казни починител, одбраната не треба непримерно да е попречена во оспорување на наводите на Државата. Понекогаш се вели дека правата на обвинетите мораат да се „балансираат“ наспроти јавниот интерес при делењето правда, а особено наспроти правата на жртвите и сведоците согласно Конвенцијата.

Но заштитата на правата на одбраната, вклучувајќи го правото да ги испрашува сведоците на спротивставената страна, е веќе вградено како фундаментално за праведно судење при делењето правда, пред таквите размисли. Кога Конвенцијата ги издвои правата од став 3, тоа значеше дека овие основни права на одбраната се неопходни како противтежа на доминантната моќ на обвинителството, во интерес на праведноста.

Да се балансираат овие права по втор пат против интересот на правосудството, како што се обиде тоа да го стори Владата во Al-Khawaja и Tahery, значи да им се даде на обвинителството и интересот на правосудството (имено да се казни) очигледна предност. Овој Суд никогаш не сметал дека „Член 6(3)(d) е едноставно илустрација на прашања кои треба да се земат предвид при разгледување дали е одржано праведно судење“, како што тврди Waller LJ, во прегледот на прецедентното право на Стразбур во R против Sellick [2005] EWCA Crim 651“ . Поради тоа, сум на став дека решенијата со кои се анулираат или драстично ограничуваат некои од минималните гаранции за обезбедување на правична постапка дефинирани во чл.6 ст.3 од ЕКЧП не биле во план на составувачите на Конвенцијата и не може да се оправдаат преку ниту една нејзина одредба. Така наместо да се анонимизира некој сведок подобро е да се одржи расправата in camera со ограничување на јавноста како сегмент од правото на правично судење, кое нешто е овозможено со одредбите на Конвенцијата, а ќе биде во согласност и со Препораката П (96).

Крајно ако веќе мора да има анонимност на некој сведок заради заштита на неговиот или на неговите најблиски живот или слобода, таа да биде ultima ratio по претходна верификациона постапка која нема да биде само формалност и која ќе обезбеди рамнотежа помеѓу потребите на кривичната правда, правото на чесно судење и правата на странките, бидејќи како што кажал Врховниот судија Скалија „Да се откажеме од соочување бидејќи сведочењето е очигледно веродостојно е слично како и да се откажеме од судење пред порота бидејќи обвинетиот е очигледно виновен“. Кривичното право многу често во историјата се користело за гонење на политичките противници, непослушници, борци за слобода, едноставно кажано опоненти на власта. Монтираните политички процеси постојат веројатно откога постојат државата и казненото судство и не е реткост во борбата со нив да се злоупотреби казнената постапка заради одржување на привид на законитост… во кои без ниеден конкретен доказ вината на еден обвинет се докажува со „признание“ и исказ на друг обвинет. Каде е разликата помеѓу сообвинет или обвинет од друг спор со крунски сведок (соработник на правдата), првите се надеваат дека ќе добијат поблаг третман ако зборуваат, а вториот тоа однапред го знае.

Па сега кој има повеќе интерес да зборува во полза на апаратот за гонење. „Исклучувањето на јавноста во секој случај во кој е применета посебна истражна мерка, наводно заради заштита на класифицираните информации, е изигрување на контролата

на јавноста во овие процеси, во кои реално постои голем ризик дека се политички „монтирани“ . Судијата Лукаидес, во делумното издвоено мислење кон кое се придружуваат и судиите Зупанчич и Спилман ќе посочи „Јас сум цврсто убеден дека судските постапки за примена на кривичното право, во однос на било кое дело, од страна на моќната држава против поединци бараат, повеќе од која било друга судска постапка, строга усогласеност со условите предвидени во член 6 од Конвенцијата со цел да се заштити обвинетото лице од „спроведување на правдата во тајност, без јавна контрола“ .

Полициско-обвинителскиот апарат е навистина моќна и застрашувачка структура за гонење, која судот мора да најде начин да ја ограничува и држи во границите на дозволеното. Наместо тоа, кај нас, ноторен факт е дека на поврзаната судско-обвинителска супкултура адвокатот само ѝ пречи. Но, не смее да биде така и во иднина, а тие граници на дозволено се правата на одбраната од кои не смее да се отстапува, за никаков привид на некакви поголеми цели, а посебно не во постапките за организиран криминал каде тоа најчесто се прави.

Токму постапките каде што може да се изрече највисока казна се оние во кои не смееме да отстапиме од ниту едно право, од ниту една гаранција и треба да се бориме да спречиме „ерозија на стандардната правна заштита во прогонот на кривичните дела кои воспоставениот поредок ги сметал за најголема закана“. Впрочем таков е ставот и на Комитетот за човекови права на ОН „кога ќе се дојде до случаи во кои може да се изрече најстрога казна, „обврската на државите членки е строго да ги почитуваат сите гаранции за фер судење утврдени во член 14 од Пактот, без исклучок“ .

Оттука, ако ЕСЧП е доследен на своите ставови кои ги има дадено кога зборува за некои права на обвинетиот (како она против самоинкриминирање) „Јавниот интерес не може да биде оправдување на мерките кои ја негираат самата суштина на одбранбените права на апликантот“ тогаш не би смеел да дозволи целосна анонимност на некој сведок, жртва, соработник или агент бидејќи еден од условите за остварување на суштината на вкрстеното испрашување е познавањето на идентитетот на сведокот заради евентуална можна дискредитација.

Коректноста налага да се посочи и поинакво мислење, и да се каже дека Уставниот суд на Република Хрватска во можеби најважната одлука која го засега нивното процесно право „рекол дека за категоријата на кривични дела кои ги нарекол т.н. „дела кои му се закануваат на организираниот живот во заедницата“ се допуштени битно поголеми

ограничувања на правата на одбраната како и други права при преземање на доказни дејствија“. Лично не го делам последново мислење. Сметам дека за таквите дела оправдано е воведувањето на посебните истражни мерки и ограничувањето на слободите и правата во мера нужна за пронаоѓање на сторителите, собирање на доказите и сл., меѓутоа штом државата гони некого за такво дело, да му се ограничат правата на одбраната само заради карактерот на делото не е во ред. Токму карактерот на делото оправдувал поинтрузивни методи за откривање и фаќање на сторителите, па ограничувањето и на одбранбените права значи двојно ограничување, еднаш на слободите и правата во текот на откривањето и истражувањето, а потоа и можноста за квалитетна одбрана во текот на судењето.

Вака доаѓаме до една парадоксална ситуација, за сторителите на полесни кривични дела за кои законски е предвидена максимална казна затвор до 5 г. применуваме скратена постапка без примена на сите гаранции бидејќи неразумно би било за поедноставен предмет да биде поинаку, за најтешките исто така сега од други причини, па останува отворено прашањето за кои предмети треба да ги применуваме сите гаранции.

III. Спроведување на истрагите

1. Спроведување и организација на истрагите

Многу истраги ширум светот моментално се спроведуваат од далечина, со внатрешни истражители/адвокати, надворешни советници и други даватели на услуги, па дури и државни обвинители, кои работат од своите домови.

Тековната криза веројатно ќе го забрза подолгорочното менување кон зголемено и флексибилно работење на далечина (тренд кој веќе значително се разви во последниве години).

Зголеменото работење на далечина претставува одредени предизвици за оние кои спроведуваат истраги, како во однос на прилагодувањата на процесот на истрагата, така и во однос на ширењето на изворите на податоци што компаниите ги користат за да го олеснат работењето на далечина.

Подолу изложивме пет клучни точки за да им помогнеме на оние кои се движат во истрагите од далечина, опфаќајќи: (i) зачувување и собирање податоци; (ii) преглед на

податоците; (iii) интервјуа; (iv) извештаи; и (v) повици и други практичности. Објаснете се и некои од предностите на спроведување на истраги од далечина, вклучувајќи потенцијални заштеди на време и трошоци.

1. Зачувување и собирање податоци

Работењето од далечина може да претставува предизвик за зачувување на податоците (особено зачувување на уреди, физички медиуми и документи во печатена форма што може да се чуваат на различни и широко распространети локации). Важно е да се добие правен совет во релевантните јурисдикции за да може да се управува со законот за вработување и ризиците за приватност на податоците.

Во случај на мрежни податоци, каде што надворешните даватели на собирање податоци не можат да патуваат до локацијата (што вообичаено може да биде случај во догледна иднина), податоците или ќе треба да се собираат со давање пристап до системите на надворешни провајдери или со далечински надзор (на пр. екран споделување). Без разлика кој метод ќе се користи, треба да се изгради дополнително време и да се внимава да се осигура дека зачувувањето и собирањето е форензички исправно, особено во случај на регулаторни и криминални истраги. На домашните ИТ тимови веројатно им е потребна поддршка и внимателното водење евиденција е од суштинско значење.

Обезбедувањето на физички дигитални уреди и хартиени документи веројатно ќе биде потешко. Соработката од чуварот веројатно ќе биде неопходна освен ако сликите од уредот не се сликаат периодично или не можат да се извлечат од далечина (на пр. ако вработените не складираат податоци на самиот уред или каде што податоците се складирани на облакот).

2. Преглед на податоци

Прегледите на податоци од далечина претставуваат предизвици, на пример во врска со достапноста на опремата и безбедноста и контролата на податоците. Треба да се обезбедат многу јасни упатства за мерките за безбедност и доверливост, а документите за брифирање треба да бидат шифрирани и обезбедени преку безбедна е-пошта (или идеално, портали).

3. Извештаи

Подготвувањето извештаи каде што членовите на тимот работат на различни локации бара јасен план за акција и распределба на одговорностите со цел да се избегне дуплирање и недоследност. Извештаите мора да бидат обезбедени безбедно, на пример на портал, со вградени ограничувања за печатење и понатамошен тираж и можност за следење на пристапот.

4. Повици и други практичности

Оние кои работат на истраги - особено оние што живеат со други - мора да имаат локација каде што повиците може да се примаат доверливо. Треба да се користи и соодветна опрема (на пр. слушалки). Треба да се земе предвид практичноста на производство на податоци до регулаторите или обвинителите (особено ако персоналот за е-Откривање нема пристап до хард дискови или други преносливи медиуми на нивната работна локација). Безбедните платформи за пренос на датотеки може да обезбедат решение, но важно е да се проверат ограничувањата за големината на датотеката и компатибилноста на системот - и во секој случај, многу пред роковите.

Регулаторите и обвинителите имаат посебни барања за доставување на електронски податоци, вклучително и во однос на интегритетот на основните метаподатоци. Начинот на испорака на овие документи затоа треба да се провери за усогласеност со релевантните барања. Можеби ќе треба да се продолжат роковите за доставување документи до регулаторите или обвинителите. Во овој поглед, раниот ангажман со регулаторите или обвинителите веројатно ќе помогне.

1.1. Организација и управување со истражните единици

Организацијата и управувањето со истражните единици е многу битна при истрагата. Но следниве чекори ни прикажуваат како да се започне организирањето.

1. Дефинирање прашање што треба да се испита

Истражителите при спроведување на своето истражување, вршат набљудувања и собираат податоци. Набљудувањето и прибирање на потребните податоци се основа на нивното истражување. Откако истражителите ке утврдат рамка на истражување, започнуваат со припремни активности за него.

2. Правење предвидувања

Врз основа на нивните истражувања и набљудувања, истражителите излегуваат со хипотеза. Хипотезата е можен одговор на прашање. Се заснова на: нивните сопствени набљудувања, постоечки теории и информации што ги собираат од други извори. Истражителите ја користат својата хипотеза за да направат предвидување, изјава што може да се тестира и опишува каков ќе биде исходот од истрагата.

3. Собирање податоци

Потребни се докази за тестирање на предвидувањето. Постојат неколку стратегии за собирање докази, или податоци. Истражителите можат да ги соберат своите податоци со набљудување на природниот свет, изведување експеримент во лабораторија или со водење на модел. Истражителите одлучуваат која стратегија да ја користат, често комбинирајќи стратегии. Потоа планираат постапка и ги собираат своите податоци.

4. Анализирање на податоците

Истражителите ги организираат своите податоци во табели, графикони или дијаграми. Доколку е можно, тие вклучуваат релевантни податоци од други извори.

5. Извлекување заклучоци

Врз основа на тоа дали нивното предвидување се остварило или не, истражителите можат да одлучат дали доказите јасно ја поддржуваат или не ја поддржуваат хипотезата. Ако резултатите не се јасни, тие мора да ја преиспитаат својата процедура.

Управувањето со истрагите базирани на активности се потпира на мали, поединечни и податливи информации. Овој метод им овозможува на истражителите, нивните претпоставени, обвинителите и другите поединци вклучени во истрагата брзо и визуелно да ги разберат информациите.

Со користење на овој пристап, истражните документи можат да се надоградат на себе со користење на информации од претходни документи како што се лица, локации, возила, телефонски броеви и имот, значително намалувајќи ја количината на информации што истражителот мора да ги внесе во нивниот електронски систем за управување со случаи. Без да го сфати тоа, иследникот безболно започнува да развива главен индекс на лица, места и работи, временска рамка на нивната истрага и само-генерирачки, самодокументиран и самообјаснувачки индекс и директориум во случајот.

Забележливи придобивки од записите засновани на активности

. Како што информациите се внесуваат во системот за управување со случаи, тие информации мора брзо да се обработат за да може да се добијат следните придобивки:

Идентификација на моделот на криминал - Новите информации може да идентификуваат модел на криминал со одржување на актуелни атрибути за кривичното дело и осомничените. Моделите може да се утврдат со клучни зборови, методи, начин на работа и други структурирани елементи на податоци.

Врски на меѓусебни случаи - Со навремено собирање информации и структурирање информации засновани на активности, врски, инцидентите и разузнавачките информации може да се произведат и визуелно да се прегледаат од страна на иследникот, супервизорите и аналитичарите.

Анализа на изведба - Додека истражувачот внесува информации во поединечни делови, супервизорите и извршните директори на агенциите можат да добијат подобро знаење за севкупните перформанси на истражувачот, тимот или целата агенција. Испитните документи засновани на активности и овозможуваат на агенцијата да се погрижи случаите активно да се истражуваат. Клучните фактори за следење, како што се решливоста и целокупниот напредок на случајот, помагаат да се одговори на прашања како што се:

Дали имаме идентификувани осомничени?

Каде сме стигнале?

Колку интервјуа се направени?

Кои докази се пронајдени?

Со примена на аналитика за истраги засновани на активности, агенцијата може да ги визуелизира истрагите и да и овозможи на агенцијата да го гледа управувањето со случаи на нов начин.

Активност за длабоко навлегување во случајот

Со примена на технологијата на Географски информациски систем (ГИС), активноста на случајот може да се гледа на мапа, која дава информации за тоа каде се собрани докази, каде се направени платната, локацијата на жртвите и осомничените, локацијата на камерите и многу повеќе. Преку визуелизирање на активноста на случајот или истрагата и нејзините структурирани податоци, можно е да се создадат временски рокови за истрага кои покажуваат како напредувало кривичното дело и истрагата што резултирала.

И на крај, документацијата заснована на активности и дополнителната документација ѝ дава на агенцијата можност да ги следи клучните индикатори за изведба или на дневни брифинг извештаи или на централизирани командни контролни табли. Може да се следат и прикажуваат информации како што се бројот на спроведени испрашувања, бројот на успешни завршени тајни операции и повеќе.

Истражувачите можат да ја зголемат својата ефикасност кога се обезбедени соодветни алатки и повеќе нема да ризикуваат да ги загубат рачно напишаните белешки и тетратки. Способноста да се снимаат информации додека се свежи е огромна придобивка и за иследниците и за надзорниците за секојдневните операции и прегледот на случајот.[11]

1.2. Окружни одреди и истражни ударни сили

Обврската на државата да спроведе ефикасна истрага произлегува веднаш штом нејзините власти добијат „веродостојно обвинение“ или ќе станат свесни дека постојат јасни индиции дека се случила злоупотреба и не мора да биде орган одговорен за гонење на сторителите. Се заснова на претпоставката дека секој државен орган кој има сознанија за вакво кривично дело е должен да го извести јавното обвинителство. Обврската за спроведување на ефективна истрага не е условена со поднесување на каква било пријава од наводната жртва или друго лице. Доволно е што државните власти се свесни дека постои сериозна можност некој да е злоупотребен. Кога се поднесува барање, треба да се испита дали е „веродостојно“.

Според судската практика на Европскиот суд за човекови права, истрага треба да се води кога има извештај во кој фактичката состојба не е претставена на неубедлив начин (фактички неверодостојна). Оттука произлегува дека бараниот стандард е релативно низок, т.е. дека е доволно барањето да не е целосно неосновано. Со други зборови, извештајот секогаш треба да се испитува кога наводите не се целосно неубедливи на прв поглед, дури и во ситуација кога извештајот се заснова само на изјавата на наводната жртва или друго лице.

Од наведеното произлегува дека обврската за спроведување истрага произлегува и кога во текот на која било кривична постапка е поднесено „убедливо обвинение“ дека

[11] Ѓурѓевиќ, З., Глушчиќ С., Јосиповиќ И., ,Крапац Д., Новоселец Х., “Kazneno procesno pravo”, Primjerovnik II, izmjenjeno i dopunje no izdanje, Narodne Novine, Zagreb, 2007

обвинетиот или сведокот биле злоупотребувани или самиот обвинител ќе заклучи дека постојат основи да се сомнева дека обвинетиот или сведокот бил злоупотребувани.

IV. Субјектите одговорни за спроведување истраги

1. Субјекти одговорни за спроведување истраги

Со новиот Закон за кривична постапка (ЗКП) како субјекти за спроведување на истрагата се предвидуваат Обвинителството и Полицијата, пред се преку нивните истражни центри и сите организациони единицишто им стојат ана располагање. Со донесувањето на новиот ЗКП во целост се менува концептот на досегашната во суштина инквизиторна постапка дизајнирана како службена истрага на судот. Напуштањето на судскиот патернализам е многу повеќе од некакво козметичко менување на постојниот модел. Битно е да се разбере дека новиот систем не е само едноставна замена на судската истрага со обвинителска. Јавниот обвинител бездруго нема да го прави истото што досега го правел истражниот судија. Полициската и обвинителската истрага во новиот систем се надополнуваат и фузионираат, судската истрага практично се прескокнува, а не се заменува со некаква формална обвинителска истрага.

1.1. Причини за напуштање на судската истрага

Првобитно замислената поделба на претходната постапка на првиот стадиум (предистражна постапка) - во рацете на извршната власт, на која ѝ беа доверени работите за откривање и фаќање на сторителот на кривичното дело и пронаоѓање и обезбедување докази, и на вториот стадиум - во рацете на судската власт, во којшто се изведувани докази што би биле правно употребливи на судењето, во практиката е пробиена и стана непотребна. Од една страна, полициските работи за откривање и

обезбедување докази се продолжени врз целата претходна постапка, а од друга страна, јавното обвинителство своите работи ги редуцира на техничката улога на „оценувач“ на полициските резултати и ги запостави другите, суштински работи на кривичното гонење. Поради тоа може да се каже дека постоечкиот систем на претходната постапка во која сите субјекти на сличен начин ги извршу ваат работите на истражувањето и кривичното гонење не успева јасно и изрично да ги оддели задачите на полицијата, јавните обвинители и судиите.[12] Разликата меѓу предистражните дејствија и истрагите во постојниот систем има изгубено на значење и се има сведено на обична формалност: со предистражните дејствија би требало да управува државното обвинителство, но тоа не го прави тоа, туку ги препушта на полицијата; истрагите би требало да ги води самостојно истражниот судија, но тој се ограничува на спроведување на предлозите на јавното обвинителство, кои пак сами по себе најчесто само го повторуваат она што обвинителството го добило од полицијата. Со тоа практиката значително се оддалечила од намерата што историски ја имале европските континентални законодавци.

Така постоечкиот модел стана на некој начин одвишен и неекономичен: правно релевантните факти најпрвин ги утврдува полицијата за потребите на кривичното гонење, потоа истражниот судија и на крајот расправниот суд, иако би било доволно претходната постапка да се насочи само врз известувањата и доказите што се потребни за одлуката за кривичното гонење, да се заврши со контрола на обвинението, а дури главната расправа да се организира и спроведе во функција на донесување мериторна пресуда во согласност со начелата на непосредното и контрадикторното изведување и оценка на доказите. Поради тоа реформата на казнената постапка ги отфрли овие противречности со осмислено и прецизно доделување на јасни и одвоени работи на полицијата, јавното обвинителство и судовите. Ако предоминантна цел на истрагата навистина е собирање докази заради донесување на одлука дали обвинителот ќе подигне обвинение, тогаш не е логично доказите за ова на јавниот обвинител да му ги собира истражниот судија. Уште почудно изгледа тоа што истражниот судија работи на расчистување на случајот, а на крајот не дава ни мислење за тоа дали се потврдуваат сомненијата од почетокот на истрагата, туку само му ги враќа списите како куп материјали кој овој допрва ќе ги проучува за да донесе сопствена одлука.

[12] Ѓурѓевиќ, З., Глушчиќ С., Јосиповиќ И., ,Крапац Д., Новоселец Х., “Kazneno procesno pravo”, Primjerovnik II, izmjenjeno i dopunje no izdanje, Narodne Novine, Zagreb, 2007

Со ваквото компликување истрагата непотребно се оддолжува, а со инволвирање на истражниот судија како активен истражувач неретко го прави пристрасен и со тоа неподобен како гарант за правата и слободите на граѓаните. Една од главните причини за напуштање на истражниот судија е тоа што тој се покажа како неефикасен и во двете улоги: во суштина не собираше многу нови докази, различни од оние што претходно веќе ги собрале органите на откривање и гонење, ниту пак ефикасно ги штитеше правата и слободите на поединецот. Од овие причини, истражната постапка сега битно се деформализира – доказите не се изведуваат, туку само се собираат, а за прв пат се изведуваат на главната расправа, освен во посебно определени случаи каде што може да се организи ра посебно доказно рочиште. Со тоа претходната постапка значително се забрзува, а се нагласува и значењето на главната расправа како централен дел на кривичната постапка каде што доказите се тестираат во јавна и контрадикторна расправа, што е есенцијално за едно правично судење.

Во смисла на ова, правилата за докажување не се исцрпно регулирани во истрагата, а доказните средства се извлекуваат и се обработуваат во посебна Глава од ЗКП. Законот има и поинаков концепт на истражните дејствија од постојниот ЗКП, бидејќи доследно имплементирање на новиот концепт не подразбира сослушување на сведоците и вештаците во смисла на изведување на доказите уште во истрагата.

1.2. Превенција

Истражниот орган има овластување да ги добие сите информации потребни за истрагата. Лицата кои ја водат истрагата ги имаат на располагање сите потребни буџетски и технички ресурси за ефективна истрага. Тие исто така ќе имаат овластување да ги обврзат службениците за кои се тврди дека се вклучени во какви било такви егзекуции да се појават и да сведочат. Истото ќе важи и за било кој сведок. За таа цел, тие ќе имаат право да упатуваат покани до сведоците, вклучително и службените лица за кои се тврди дека се вклучени и да бараат да се изведат докази.

Во случаите во кои утврдените истражни постапки се несоодветни поради недостаток на стручност или непристрасност, поради важноста на предметот или поради очигледно постоење за модел на злоупотреба, и во случаи кога има поплаки од семејството на жртвата за овие несоодветности или други суштински причини, владите ќе продолжат со истраги преку независна истражна комисија или слична постапка.

Членовите на таквата комисија се избираат поради нивната призната непристрасност, компетентност и независност како поединци. Особено, тие ќе бидат независни од која било институција, агенција или лице што може да биде предмет на истрагата. Комисијата има овластување да ги добие сите информации потребни за истрагата и ќе ја спроведе истрагата како што е предвидено со овие принципи.

Поднесувачите, сведоците, оние кои ја водат истрагата и нивните семејства ќе бидат заштитени од насилство, закани за насилство или каква било друга форма на заплашување. Оние кои се потенцијално вмешани во вонправни, произволни или скратени егзекуции ќе бидат отстранети од која било позиција на контрола или моќ, без разлика дали е директна или индиректна. над жалителите, сведоците и нивните семејства, како и над оние кои спроведуваат истраги.

V. Независност и непристрасност на истрага

Остварениот степен на независност на правосудниот систем претставува клучен индикатор за достигнатото ниво на владеење на правото и демократијата во една земја. Правосудниот сиситем има пресудна улога во заштитата на човековите права и слободи. Оваа негова улога, посебно се апострофира во меѓународниот сиситем за човекови права. Со оглед на ова големо значење и значајна улога на правосудните институции кои го имаат за животот на граѓаните, од аспект на заштитата на човековите права, круцијална точка и момент за осигурување на оваа заштита имаат независноста на правосудните институции, како и законитите, правичните и ефикасните процедури на заштита.

Судовите се појавуваат како краен авторитет во заштитата на човековите права и слободи, како последна брана во одбрана на правдата, со овластување за донесување на конечни одлуки за слободите, правата, обврските и имотот на граѓаните. Во обавувањето на судската функција неопходно е да се обезбедат такви услови кои ќе гарантираат суштинска независност на судовите како институции, потоа индивидуална независност и непристрасност на судиите при одлучувањето во конкретните предмети. Кривично – правниот систем има значајна улога во зачуваување на принципот на владеење на правото, а во тој систем јавното обвинителство, како јавна институција, има одлучувачко значење во откривањето и кривичниот прогон на сторителите на кривични дела, како и во меѓународната кривично – правна соработка. Почитувањето на човековите права и осигурувањето за владеење на правото, неопходно

претпоставуваат постоење на независно и непристрасно јавно обивнителство, како тело кое е надлежно за спроведување на истрагата и прогон на сторителите за сторените кривични дела.

Независноста и непристрасноста се препознатливи и битни категории поврзани со судството и важен сегмент во остварувањето на демократијата и владеењето на правото. Главните придобивки од примената на овие принципи, меѓу другото, се остварувањето на општествениот напредок, гаранцијата, остварувањето и заштитата на човековите права и слободи, како и хармонизцијата меѓу луѓето. Секоја држава има обврска да оствари доверба во судскиот систем.

Државата треба да го организира својот политички и правен систем на таков начин што независноста и непристрасноста во судството ќе ја поттикнуваат и ќе овозможуваат таа доверба да се реализира. Идејата за независно судство е во функција на две темелни вредности во секое демократско општество, а тоа се: заштита на човекови слободи и права, како битен услов и гаранција за нивно почитување и унапредување, и владеење на правото преку непристрасна примена на правото без оглед на положбата и својствата на странките.

Поради тоа што судовите и судиите како носители на судската власт се чувар на човековите права и слободи и највисок гарант за заштитата на владеењето на правото, во никој случај не може да се говори за почитувањето на овие принципи без притоа да се потенцира неопходноста за независно судство. Основата од која произлегува потребата за независност и непристрасност на судството е формалната и суштинска еднаквост пред законите и еднаквоста на граѓаните пред судовите и трибуналите. Оттука, остварувањето на правото на фер судење претставува основно начело на човековите права без кое сета предвидена судска заштита би била бесцелна

1. Влијание врз независноста на судството

Желбата за политичка инструментализација на судството е неминовна карактеристика за секоја власт, во сите општества, па исклучок не може да биде ни власта во Република Македонија. Секогаш, носителите на политичката моќ и влијание, а посебно претензиите на извршната власт, биле и секогаш се насочени кон тоа да судството го држат под своја контрола, погодно за да можат во секој момент да го ефектуираат таквото влијание. Извршната власт и партиите и покрај декларативните заложби за

независно судство, секогаш се склони да вршат непримерни упади во функционирањето на судската власт и во донесувањето на одлуките од страна на судиите. Каква би била таа извршна власт која не би сакала судството да го држи под постојана зависност. Ова е онаа видлива надворешна контрола кога се прави обид истата да се легализира и која се огледа преку предлагањето на законите кои се однесуваат на судството.

Покрај извршната власт, желба за контрола врз судството имаат и политичките партии кои се на власт, како и претставниците на бизнис секторот близок до власта. Меѓутоа, многу поопасни се притисоците и интервенциите што доаѓаат од претставниците на судството – внатрешните притисоци и влијанија. Овде се мисли на притисоците од претседателите на судовите, судиите од повисоките судови, колеги судии, и администрацијата. Овие притисоци се многу посуптилни бидејќи не се експонирани и се неприметни за јавноста.

Во одбрана од разноразните притисоци и влијанија многу е важно чуството на објективна независност на судиите. Имено, независноста на судијата како личност треба да му обезбеди и гарантира отпорност и заштита од секаков облик на притисок и влијание врз неговата работа и одлучување. Судијата како личност треба да се избори за својата независност која може да биде обидена или вршена од претседателот на Врховниот суд, од претседателите на повисоките судови, од претседателот на судот во кој работи судијата, од колегите, од организацијата на работа во судот, распределбата на предметите, администрацијата, годишниот распоред и слично. Овие се оние видливи влијанија врз работата на судијата посебно врз исходот на неговата одлука.

Меѓутоа, многу поопасни се прикриените влијанија што се вршат врз судијата. Причините за ваквите влијанија може да ги бараме кај самиот судија во неговата нестручност, поводливоста, сервилноста, предрасудите, самопочинетоста, чуството на долг кон некој авторитет и слично.

Со прифаќањето на било каков притисок или влијание, судијата сам си ја нарушува својата независност и воедно со својата одлука го крши и законот. Индирекни или суптилни притисоци врз работата на судовите и судиите многу често има од страна на институциите или нивни претставници. Врз работата на судовите и судиите често имаат влијанија изјавите кои доаѓаат од високи функционери на извршната власт, кои изјави кај судиите може да предизвикаат и забуна и несигурност во нивната работа и одлучување. Треба да се каже дека сите вакви влијанија и интервенции повеќе или

најчесто се вршат врз судиите кои работат во кривичните оддели и посебно врз оние судии кои судат предмети од коруптивна природа.

Доаѓањето на власт на една партија скоро секогаш се рефлектира со поведување на кривични постапки против партиските неистомисленици. Ова е само потврда дека кога нешто се случува во државата, а не и одговара на власта тогаш испливуваат на виделина некои афери – големи криминали за да се сврти вниманието на граѓаните на друга страна. Доколку судството некритички се впушта во прифаќање на ваквиот суптилен притисок, тоа нешто ќе биде и е на штета на независноста на судството, а во краен случај и на штета на самите граѓани. Секако дека ваквите притисоци и влијанија врз судството и судиите можат да бидат спречени како од претседателите на судовите така и од самите судии секако само доколку се тие јаки личности и со изразен личен субјективитет и интигритет.

1.1. Итност во акција

Роковите за донесување одлуки по барање за пристап до информации и нејзино доставување до барателот се определуваат согласно начелото на итност на постапката. Начелото на итност на постапката условуваше по барањето за пристап до информации да се одлучува во скратена постапка, при што временските рокови за донесување нарачка и нејзина достава се точно определени и во многу пократок рок во однос на временскиот рок предвиден за со прописи на општата управна постапка.

Постапката за пристап до информации е регулирана со Законот за слободен пристап до информации и Законот за општата управна постапка и опфаќа барања за слободен пристап до информации, повторени барања, жалби до второстепениот орган и повторени жалби.

Временските рокови за одговор на жалбените поднесоци се:

• По барање за информации – 8 дена

• По жалба – 15 дена

• По повторени барања или жалби – 7 дена

Пропишано е дека жалбата треба да се изјави во рок од 15 дена од доставувањето на одговорот, односно до истекот на времето за одговор, а роковите за поднесување на повторени барања и жалби не се пропишани.

Во случај на молчење на администрацијата, кога се поднесува жалба првиот ден по истекот на рокот за одговор, а повторено барање се поднесува веднаш по истекот на времето за жалба, односно кога се користат правни лекови во целосен ефикасен начин, а времетраењето на законската постапка е 30 дена.

1.2. Активности што треба да се преземат за да се направи истрагата ефективна

При разгледување на продуктивноста на иследниците, мора да се земе предвид дека одделенијата во голема мера се разликуваат по бројот на задачи од некриминална природа доделени на истражителите, а количината на ресурсите кои всушност се посветени на криминалните истраги можеби не е лесно да се одреди од организациона шема.

Во однос на криминалните истраги, целите на полицискиот оддел во САД се првенствено овие:

• Одвраќање и спречување на криминалот.
• Откривање на појава на кривични дела.
• Идентификување и фаќање на криминалните сторители.
• Враќање на украден имот.
• Поддршка на гонење на уапсените престапници.
• Одржување на довербата на јавноста во полицијата.

Овие цели, кои во основа се компатибилни, се спротивставени до одреден степен со неколку цели на општеството како целина кои ги споделува и полицијата:

• Заштита на приватноста и правата на поединците, вклучително и минимизирање на обемот на лажно апсење.
• Вршење на полициската функција по разумна цена за даночните обврзници (или балансирање на ефективноста со трошоците).

Сите овие цели се заеднички за патролната функција, како и за истражната функција, и навистина некои од нив може да се остварат подобро, или поефикасно, или во поголема мера од патролните службеници (само или во интеракција со истражителите) отколку од истражителите.

Затоа, при проценката на ефективноста на иследниците, важно е да не се земат предвид статистиките ширум одделот поврзани со овие цели како да ги одразуваат само

активностите на иследниците. Во најмала рака, мора да се направи одреден напор за да се среди придонесот на истражувачите во секоја пресметана статистика за перформансите. Во многу случаи, потребни се суптилни проценки. На пример, некои апсења ги вршат патролни службеници врз основа на директни инструкции од истражител.

1.3. Анализа и евалуација на докази

Проверката на доказите во кривичната постапка значи активност на истражителот и судот да анализираат и синтетизираат докази, споредувајќи ги со други докази и собирајќи нови докази.

Различни документи, одлуки, протоколи и заклучоци на учесниците во истрагата, како и на странките во постапката, кои го одразуваат процесот и резултатите од овие дејствија, ја одразуваат секоја ситуација.

Сите докази собрани во случајот мора да бидат внимателно, целосно, сеопфатно и објективно испитани. Во сите случаи, веродостојноста на доказите мора да биде потврдена (потврдена или демантирана). Понекогаш валидноста на доказите (на пр., да се утврди дали имало процедурални неправилности во текот на истражно дејствие) или неговата релевантност за извршеното кривично дело може да се провери. Теоретски, некои автори ја разбираат целта на испитувањето на доказите за да се одредат квалитетот и својствата на доказите - дали се вистинити или лажни, прифатливи или неприфатливи или валидни.

Во теоријата на кривичната постапка е препознаено дека испитувањето на доказите започнува со нивна анализа и синтеза.

Службеникот за истрага, истражителот и судот мора да ги анализираат сите аспекти на доказите - нивната содржина, изворите на фактички информации, и изворите на докази.

Анализата на докази вклучува:

а) Да се подели збирот на докази собрани во случајот на посебни докази, да се разгледа секој доказ одделно од другите докази;

б) Секој прибавен доказ да се подели на компоненти, да се одделат од него одредени факти, рабови;

в) Споредување на елементите на секој доказ еден со друг и секој доказ со друг доказ.

Истражниот службеник, истражителот и судот ќе ги поделат информациите, кои претходно ги содржеле фактите и околностите на доказите, на имагинарни делови и ќе ја анализираат нивната содржина. Во овој случај, без разлика на нивната меѓусебна врска, секој факт се испитува и проучува посебно, од различни агли. Ова испитување овозможува длабинско проучување на фактите и разбирање на нивната суштина.

За време на анализата на доказите, комбинацијата (синтеза) на нејзините поделени делови овозможува да се проучат приближните врски и врски меѓу нив, со што се утврдува присуството или отсуството на противречности меѓу содржините на различни аспекти на докази, присуство на објективни и субјективни фактори итн. По пат на синтеза, нецелосноста, двосмисленоста на доказите, зависноста на содржината изобличувањата на другите негови аспекти можат делумно или целосно да се проверат. Анализата и синтезата се тесно поврзани во верификацијата на доказите.

При утврдувањето на прифатливоста и веродостојноста на доказите што се испитуваат изолирано од самата синтеза, не е доволно истражувачот да има идеја за информациите содржани во тие докази. Со помош на анализа и синтеза, идната насока и форма на проверка на доказите, односно се утврдуваат споредливост со други докази и потребните аспекти, односи.

Доказите ги рефлектираат околностите и фактите на предметот на докажување, нивните врски и зависности и содржат информации за нив, кои можат да се најдат во други докази, така што тие можат да се најдат не само со споредба, туку и со собирање нови докази.

Во случаите кога анализата и синтезата не помагаат да се испитаат идентификуваните апстрактни случаи помеѓу врските и зависностите на доказите што се испитуваат, тие треба да се споредат со други докази достапни во случајот поврзан со нив. Ова, пак, овозможува да се донесе целосен или делумен заклучок за тоа дали содржината на доказите е слична или не.

Понекогаш со споредување на доказите со други докази, истражувачот ќе има информации за неговите други својства кои не можат да се добијат како резултат на анализа и синтеза. На пример, со споредување на доказите од истражителот, тој утврдил дека негативниот однос меѓу сведокот и жртвата со обвинетиот не влијаел на вистинитоста на сведочењето, околностите релевантни за случајот и неповолните услови за прифаќање на фактите. При споредбата на доказите, истражителот не е ограничен само на снимање на овие случаи. Споредбата му овозможува на

истражувачот да одреди до кој степен другите докази влијаат на содржината на доказите со што се коригираат неговите или нејзините перцепции за природата и квалитетот на доказите и неговото или нејзиното знаење за природата и обемот на фактите и околностите што треба да се утврдат.

Така, споредувањето докази со други докази му дава на истражувачот ново знаење за индивидуалните аспекти на доказите кои се испитуваат, односите, врските и меѓусебните односи на овие страни, преку кои квалитетот и карактеристиките на доказите - прифатливост и веродостојност, служат за подобро разбирање на нивниот однос со другите факти. Со други зборови, знаејќи го квалитетот и карактеристиките на доказите кои се под истрага, се добива подлабок увид во областа на карактеристиките, врските и односите на кривичното дело што се истражува.

Меѓутоа, споредувањето на доказите по анализа и синтеза со други не секогаш му дава на истражувачот целосни информации за квалитетите и карактеристиките што ја сочинуваат неговата содржина. Можностите можат да бидат ограничени како резултат на недостаток или непостоење на докази поврзани со испитуваните докази преку различни факти, постоење на непобитни сомнежи за нивната припадност, квалитет и карактеристики. За на пример, ако има само еден доказ на располагање на истражителот кој е поврзан со фактите што се предмет на истрага, а меѓу нив постои контрадикторност, не е можно да се извлече цврст заклучок за веродостојноста на овие докази.

Во овие случаи истрагата треба да се продолжи само со изнаоѓање нови докази. Треба да се напомене дека начините, формата, природата на истрагата се отелотворени во самиот доказ, неговата неточност, нејаснотија, неусогласеност и неусогласеност со содржината на други докази идентификувани во текот на претходната истрага, но не и елиминирана. Исто така, важно е избраниот пат при испитувањето на доказите исто така да го определи идниот правец на доказниот процес во кривичниот предмет.

Друг карактеристичен аспект на методот на проверка на докази со собирање нови докази е тоа што е насочен кон целта. Критериуми за евалуација на докази:

— Покрај обезбедувањето дека истражниот службеник, истражителот, обвинителот и судот ги собираат потребните информации за сите околности на случајот, дека овие информации се собираат во согласност со барањата на законот;

— Нивната релевантност за предметот на докажување; доказите собрани во случајот може да послужат како основа за донесување процесни одлуки;

- Дека тие се доволни за да се дојде до сигурен заклучок за околностите на предметот на докажување;

— Одлучување за степенот до кој тие содржат целосни и веродостојни информации за инцидентот што се истражува.

Евалуацијата на доказите е ментална активност што ја вршат истражниот службеник, истражителот, обвинителот и судот во согласност со логичните облици на знаење, обезбедувајќи постигнување на вистината. Од Законот за кривична постапка Согласно член 95, при оценувањето на доказите, истражниот службеник, истражителот, обвинителот и судот внимателно, целосно, сеопфатно и непристрасно ги разгледуваат сите факти од случајот во согласност со закон и правната совест да ги утврди околностите на секој доказ и да заклучи за релевантноста, прифатливоста и веродостојноста на работата и соодветноста на нивниот збир.

При оценувањето на доказите, истражителот, обвинителот и судот мора да ги земат предвид карактеристиките што ги отелотворуваат потребните карактеристики:

- Релевантност;

— Прифатливост;

- Доверливост;

- Доволност.

Секој доказ мора да се оценува во однос на неговата релевантност за случајот што се истражува, неговата прифатливост во однос на законските барања, а особено неговата веродостојност, и мора да биде доволен за да се реши случајот во суштина. Еден вид докази не може секогаш да се смета за супериорен, убедлив и значаен во однос на другите докази. Постои важно правило во овој поглед - дури и на една личност признавањето на вината не може да биде доволна основа за негово обвинување.

Доказите се препознаваат како релевантни за случајот само ако одразуваат информации за факти или работи кои потврдуваат ги побиваат или ги доведуваат во прашање заклучоците за постојните околности кои се релевантни за кривичното дело.. Затоа, при оценувањето на доказите, истражниот службеник, истражителот, обвинителот и судот мора прво да ја утврдат нивната релевантност за случајот.

Суштината на релевантноста на доказите за случајот лежи во фактот дека доказите се ограничени на низа сериозни околности за да се реши случајот. Законодавството за кривична постапка дава основа за решавање на ова прашање и општо определува предмет на докажување во кривичните предмети.

Пред сè, потребно е од сите докази релевантни за случајот да се издвојат фактичката информација што укажува на постоење на настанот што се истражува, вината или невиноста на обвинетиот во неговото извршување. Овој доказ ни овозможува да најдеме одговор на прашањето дали дејствијата на едно лице се намерни, небрежни или случајни, главното прашање на кривично-процесни докази - криминалната природа на дејствијата. Преку комуникацијата преку правилата на кривичната постапка се открива содржината на низа околности кои влијаат на степенот и природата на одговорноста на една личност.

Прифатливост – е валидноста на доказите во однос на легитимноста на методите, техниките, изворите на релевантни информации.

Доказите се сметаат за прифатливи доколку се собрани на пропишан начин и ги исполнуваат условите предвидени во членовите 92-94 од Законот за кривичната постапка.

За да бидат прифатени, доказите мора да ги исполнуваат следниве услови:

1) законитост на изворот (извори предвидени во дел 2 од член 81 од Законот за кривичната постапка);

2) законитоста на начинот на прибавување докази (методи наведени во член 87 од Законот за кривичната постапка);

3) законитост на процедурална регистрација;

4) собирањето докази го врши субјект овластен за спроведување истражни и судски дејствија (член 86 од Законикот на Кривична постапка).

Истражниот службеник, истражителот, обвинителот и судот може да ги најдат доказите за недозволиви на барање на осомничениот, обвинетиот или по сопствена иницијатива. Доказите што се сметаат за недозволиви не смеат да бидат вклучени во ниту едно обвинение.

Сигурен доказ е доказ за кој нема сомнеж. Најважниот услов за донесување на правилна процедурална одлука е достапност на веродостојни докази. Веродостојноста на доказите се утврдува со прелиминарната истрага и темелното испитување на истите во судот..

За да се одреди веродостојноста на аргументот, неопходно е длабински да се проучат неговите надворешни симптоми, суштината на секој конкретен случај, тоа е најважно и најсериозно обележје и е важно за случајот.

Важна компонента на процесот на евалуација на доказите и утврдување на неговата веродостојност е квалитативната евалуација на вистинските извори на податоци.

Јавниот обвинител и полициските службеници од Секторот за внатрешна контрола кои учествуваат во истрагата треба да бидат независни од лицата чии постапки се предмет на истрага и непристрасни.

Независноста мора да биде не само формална, туку и фактичка.

Истрагата не треба да ја води јавен обвинител кој постапувал или постапува во предмет во кој како обвинет или сведок се јавува оштетениот (наводна жртва на злоупотреба).

Според тоа, доколку во текот на која било кривична постапка некој поднесе „убедливо обвинение“ или има јасни индиции дека обвинетиот или сведокот биле злоупотребувани, ќе се формира посебен кривичен предмет во кој таквите наводи ќе ги проверува и постапува друг јавен обвинител.

Доколку тоа не ги загрози интересите на тековната постапка, во зависност од фазата на постапката во која е изнесено убедливо тврдење за лошо постапување, наводите за лошо постапување треба да се истражат како прелиминарно прашање и да се суспендираат (под истрага или судење).

Јавниот обвинител мора да има неограничен пристап до сите информации, документи, лица и простории, вклучително и оние во казнено-поправните установи.

Полицаецот чии постапки се предмет на истрага мора да биде спречен да влијае на неговиот тек на неовластен начин.

Јавниот обвинител преку Секторот за внатрешна контрола може да поведе постапка во која обвинетиот полициски службеник може да биде суспендиран до завршување на истрагата. Полицајците не можат да присуствуваат на сослушување на сведоци, вклучително и на оштетениот. По исклучок, доколку тоа го бараат од безбедносни причини, на сослушувањето на сведоците може да присуствуваат и полициски службеници кои не учествувале во настанот под истрага.

Жртвите или сведоците лишени од слобода треба да бидат префрлени во институција каде што не може да биде под влијание на полициски службеник обвинет за малтретирање (на пр. лице кое тврди дека било малтретирано во една полициска станица треба да биде префрлено во установа за притвор во друга полициска станица, во која нема да биде во страв од одмазда од полицаецот што го обвини за злоупотреба, ниту ќе може да влијае врз него). Доколку се работи за приведено лице, налогот за

преместување ќе го даде јавниот обвинител, а доколку се работи за лице на кое му е одредена мерка притвор, јавниот обвинител ќе побара од судијата на претходна постапка да издаде наредба за префрлање во друга институција за извршување на кривични санкции.

VI. Истрагата во Р. Северна Македонија

1. Истрагата во Република Северна Македонија

Јавниот обвинител, како орган кој е надлежен и овластен за спроведување на истражната постапка, ја започнува истражната постапка со донесување наредба за спроведување на истражна постапка кога ќе оцени дека постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог и за кое е предвидена казна затвор над пет години, додека за кривични дела за кои е предвидена како главна казна парична казна или казна затвор во траење до пет години се спроведува скратена постапка и не се донесува наредба за спроведување на истражна постапка. Од самата законска формулација од Законот за кривична постапка, дека истражната постапка се спроведува само против определено лице произлегува дека истражна постапка се спроведува само против познат сторител на кривично дело. Основаното сомневање претставува повисок степен на сомневање во споредба со основите на сомневање. За разлика од основите на сомневање, кои претставуваат сознанија кои врз основа на криминалистичкото знаење и искуство можат да се оценат како доказ за сторено кривично дело, основаното сомневање е засновано врз прибавените докази кои упатуваат на заклучок дека определено лице сторило кривично дело. Од ваквата законска дефиниција на основаното сомневање произлегува дека за постоењето на основано сомневање не е доволно постоењето на некои претпоставки за сторено кривично дело, туку е потребно да се прибавени одредени докази и податоци кои упатуваат на тоа дека определено лице сторило кривично дело.

Спроведувањето на истражната постапка е во надлежност на јавниот обвинител. Јавниот обвинител е тој што ја започнува истражната постапка со донесување на наредба за нејзино спроведување, а воедно и ја спроведува истражната постапка со преземање на определени дејствија заради собирање на потребните докази и податоци за донесување јавнообвинителска одлука. При спроведувањето на истражната постапка јавниот обвинител ја има на располагање правосудната полиција. Тоа не значи дека правосудната полиција може да ги презема дејствијата во истражната постапка наместо јавниот обвинител, туку упатува на тоа дека правосудната полиција активно соработува

со јавниот обвинител во текот на целата претходна постапка, што значи не само во предистражната туку и во истражната постапка.

Основна цел на истражната постапка е собирање на потребните докази и податоци за да може јавниот обвинител да одлучи дали ќе поднесе обвинение или пак ќе се откаже од кривичното гонење. Во оваа фаза на претходната постапка, јавниот обвинител ги собира сите оние докази и податоци кои смета дека му се потребни за донесување на јавнообвинителска одлука, а кои ги нема прибавено во текот на предистражната постапка. Собирањето на докази и податоци јавниот обвинител го врши со преземање на истражни дејствија во постапка предвидена со законот, како и со прибирање на податоци, непосредно, со поднесување барање за собирање известување до одредени субјекти, или пак преку правосудната полиција. Во текот на истражната постапка, по правило, само се собираат докази и податоци, а не се изведуваат. По исклучок, во истражната постапка се изведуваат докази само во случај кога постои опасност дека нема да можат да се изведат на главната расправа, или пак нивното изведување би било сврзано со тешкотии. Во тој случај пред судијата на претходната постапка се спроведува доказно Истражна постапка поради постоење на горе наведените околности.

Јавниот обвинител во текот на истражната постапка ги собира како доказите кои го товарат обвинетиот така и доказите кои се во прилог на обвинетиот. Ваквата обврска на јавниот обвинител е во согласност со начелото на објективности со остварување на правото на одбрана на осомниченият, бидејќи во оваа фаза на кривичната постапка јавниот обвинител се јавува во двојна улога – од една страна, тој е странка во постапката и ја спроведува функцијата на кривично гонење на сторителите на кривичните дела, а од друга страна тој е орган кој ја спроведува истражната постапка и во рамките на тоа овластување ги собира сите потребни докази и податоци. Со цел да се оневозможи запоставувањето на доказите кои се во прилог на одбраната на обвинетиот, односно со цел да се обезбеди нивното собирање, јавниот обвинител како орган надлежен за спроведување на истражната постапка е должен во оваа фаза на постапката да ги собира како доказите кои се во прилог на обвинувањето така и доказите кои се во прилог на обвинетиот, односно на неговата одбрана.

Истражната постапка започнува со донесување на наредба за спроведување на истражна постапка. Наредбата за спроведување на истражната постапка ја донесува јавниот обвинител, со оглед на тоа што тој е орган кој ја спроведува истражната постапка и тој одлучува кога се исполнети условите за нејзино започнување и спроведување. На овој начин, со новиот концепт на кривичната постапка кај нас, веќе не се раздвоени започнувањето на истражна постапка и нејзиното спроведување бидејќи и двете фази сега се во надлежност на јавниот обвинител. Наредбата за

спроведување на истражна постапка претставува интерен акт на јавниот обвинител, кој не се доставува до спротивната странка бидејќи осомничениот и неговиот бранител немаат право на изјавување жалба или приговор против неа. Таа само се приклучува во списите по предметот кај јавниот обвинител. Иако осомничениот и неговиот бранител немаат право на изјавување на правен лек против наредбата за спроведување на истражна постапка, нејзиното донесување има за последица по донесувањето на наредба за спроведување на истражна постапка јавниот обвинител може да предлага определување на притвор против осомничениот, а исто така и определувањето на гаранција е условено со нејзиното донесување. Исто така, од донесувањето на наредба за спроведување на истражна постапка започнуваат да течат роковите определени со законот за траење на истражната постапка.Со донесувањето на наредбата за спроведување на истражна постапка, како процесно дејствие кое се презема заради гонење на сторителите на кривични дела, се прекинува субјективниот рок за застареност на гонењето на конкретното кривично дело и почнува да тече објективниот рок за застареност на кривичното гонење.

Во Наредбата за спроведување на истражната постапка, со оглед на тоа што истражна постапка се спроведува само против определено лице, најнапред се внесуваат личните податоци за осомничениот. Потоа, се наведува законскиот опис на кривичното дело за кое постои основано сомневање дека е сторено од страна на осомничениот и за кое ќе биде спроведена истражната постапка, како и неговата правна квалификација. Во понатамошниот дел од наредбата за спроведување на истражна постапка јавниот обвинител внесува кои дејствија ќе бидат спроведени во текот на истражната постапка. Во овој дел од наредбата јавниот обвинител определува кои околности треба да се проверат во оваа фаза на кривичната постапка и кои истражни дејствија треба да се спроведат. Доколку во оваа фаза на постапката треба да се испитаат определени лица, јавниот обвинител во наредбата внесува и кои лица треба да се испитаат и на кои околности. Всушност, овој дел од наредбата за спроведување на истражна постапка претставува план на јавниот обвинител за она што треба да го преземе во текот на спроведувањето на истражната постапка со цел да ги прибави сите докази и податоци кои не ги прибавил дотогаш, а кои му се потребни за разјаснување на конкретниот кривичноправен настан и за донесување на јавнообвинителска одлука по спроведената истражна постапка. Секако, треба да се напомене дека доколку во наредбата за спроведување на истражна постапка не е внесено некое истражно дејствие, некое лице кое треба да биде испитано или доколку не се внесени некои околности кои треба да се проверат, тоа не значи дека јавниот обвинител не може да ги спроведе и тие дејствија и да ги испита и тие околности. Во текот на истражната постапка јавниот обвинител ќе ги спроведе сите дејствија кои смета дека се потребни за утврдување на околностите кои

се однесуваат на кривичното дело и кривичната одговорност на сторителот за делото, без оглед дали се внесени во наредбата за спроведување на истражна постапка. Доколку јавниот обвинител истражува некои други околности кои не се поврзани со кривичното дело и кривичната одговорност на осомничениот, тоа би претставувало кршење на слободите и правата на осомничениот и на други лица (Ова секако не се однесува на случаите кога во текот на истражната постапка ќе се јави сомневање дека осомничениот сторил и некое друго кривично дело за кое се гони по службена должност). Како орган кој ја спроведува функцијата на гонење на сторителите на кривичните дела, јавниот обвинител е должен и во тој случај да ги прибере сите докази и податоци кои му се потребни да донесе јавнообвинителска одлука. Доколку во текот на истражната постапка произлезе основано сомневање дека осомничениот сторил и некое друго кривично дело за кое се гони по службена должност и за кое е пропишана казна затвор над 5 години, јавниот обвинител донесува нова наредба за спроведување на истражна постапка против осомничениот и за тоа кривично дело, бидејќи со претходно донесената наредба за спроведување на истражна постапка не било опфатено и ова кривично дело, а со одредбите на овој закон не е предвидено проширување на истражната постапка. Доколку некои истражни дејствија не се внесени во наредбата за спроведување на истражна постапка, јавниот обвинител не треба да донесува никаков дополнителен акт за нивно спроведување. За нивната законитост и за законитоста на доказите прибавени со нивното преземање е битно тие дејствија јавниот обвинител да ги спроведе во постапка која со законот е определена за нивното преземање, а не дали се внесени во наредбата за спроведување на истражната постапка.

На јавниот обвинител му е дадена можност да го испита осомничениот пред донесување на наредба за спроведување на истражна постапка. Како што за секое истражно дејствие на јавниот обвинител му е дадена можност да го спроведе во која било фаза на претходната постапка, предистражна или истражна, таква можност на јавниот обвинител му е дадена и за испитувањето на осомничениот. Во која фаза на претходната постапка ќе го испита осомничениот зависи од оцената на јавниот обвинител кога е најповолно да го спроведи и ова истражно дејствие. Тоа секако не значи дека осомничениот е должен да даде свој исказ пред јавниот обвинител. Дали осомничениот ќе даде свој исказ или не зависи од самиот него. Јавниот обвинител има само обврска да му даде можност на осомничениот да даде свој исказ до завршувањето на истражната постапка. Во текот на истражната постапка оштетениот има право да му дава предлози на јавниот обвинител за преземање на определени дејствија заради утврдување на решавачките факти, како и за остварување на неговите права. Ваквото право на оштетениот е во корелација со општите права кои ги има оштетениот во текот

на кривичната постапка. Покрај останатите права кои ги има во текот на кривичната постапка, оштетениот има право да укажува на факти и да предлага докази како и да ги разгледа списите и предметите кои служат како доказ..Во текот на истражната постапка оштетениот има право и да биде испитан во својство на сведок. Во текот на истражната постапка осомничениот и неговиот бранител можат да му даваат предлози на јавниот обвинител за преземање определени дејствија и остварување на своите права. Ваквите предлози осомничениот и неговиот бранител ги поднесуваат до јавниот обвинител во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето за завршување на истражната постапка .Исто така, бранителот на осомничениот може да побара од јавниот обвинител да го повика да биде испитано како сведок и лицето кое може да даде корисни известувања за одбраната на осомничениот, а кое не сака да ѝ даде известување на одбраната. Во надлежност на судијата на претходна постапка, е одлучувањето во претходна постапка во однос на дејствијата кои се преземаат против определено лице, а кои навлегуваат во сферата на слободите и правата на граѓаните. Покрај улогата на гарант – заштитник на слободите и правата на граѓаните, судијата на претходна постапка во текот на целата претходна постапка има и свои други надлежности, овластен е и за изрекување на казни, како и дадена му е посебна надлежност, кога одлучува по поднесена предлог-спогодба склучена помеѓу јавниот обвинител и осомничениот во претходна постапка.

Со оглед на тоа што судијата на претходната постапка е гарант за заштита на слободите и правата на осомничениот и на другите учесници во постапката, едно од неговите основни овластувања и должности е одлучувањето по предлозите на јавниот обвинител за определување притвор против осомничениот или определување на некоја друга мерка за обезбедување на неговото присуство, како што се: приведувањето, мерките на претпазливост и гаранцијата. Законот го обврзува судијата на претходната постапка по приемот на ваков предлог од јавниот обвинител без одлагање да го разгледа истиот и веднаш да одлучи по него. Во случај да не го прифати предлогот на јавниот обвинител, должен е да донесе решение во кое ќе даде образложени причини за ваквата одлука. Јавниот обвинител има право на жалба против ова решение во рок од 24 часа од неговиот прием. По жалбата одлучува совет во рок од 24 часа од нејзиниот прием. Исто така и за правото на жалба против решението на судијата на претходната постапка со кое е прифатен предлогот на јавниот обвинител за определување мерки на претпазливост, За правото на жалба против решението со кое се определува, се укинува или пропаѓа гаранцијата, а за правото на жалба против решение со кое се определува притвор. Претресот, како истражно дејствие се спроведува, по правило, по претходна писмена и образложена наредба дадена од судијата на претходната постапка. Наредбата за претрес судијата на претходната постапка ја донесува по претходно барање на

јавниот обвинител за нејзино донесување. Доколку судијата на претходната постапка оцени дека барањето на јавниот обвинител е неосновано, ќе изјави несогласување и ќе побара за тоа да донесе одлука советот од членот 25 став 5 на ЗКП. Имајќи го во вид карактерот на претресот, кој по правило треба да се изврши што поитно, својата одлука советот е должен да ја донесе во рок од 24 часа од приемот на несогласувањето. Судијата на претходната постапка издава и наредба за спроведување на оние посебни истражни мерки со кои повеќе се навлегува во слободите и правата на граѓаните. Судијата на претходната постапка е надлежен за донесување наредба за овие посебни истражни мерки: следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации; следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации; тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен; таен увид и пребарување во компјутерски систем и автоматско или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци. Наредбата за спроведување на посебни истражни мерки судијата на претходната постапка ја донесува по предлог на јавниот обвинител. Судијата на претходната постапка одлучува во текот на претходната постапка и по барањето на јавниот обвинител да се стават под надзор на судот имот или средства, како и за издавање на некоја од мерките за привремено обезбедување на имотот или средствата што се во врска со кривичното дело. Ова овластување на судијата на претходната постапка се однесува на овластувањето на судијата на претходната постапка да одлучува по барањата на јавниот обвинител за добивање податоци кои се банкарска тајна, за имот во банкарски сеф, следење на платен промет и трансакции на сметки и привремено запирање на извршување определени финансиски трансакции, како и на донесување на одлука за привремено одземање на имот или предмети заради обезбедување . Спроведувањето на доказно рочиште е исто така во надлежност на судијата на претходната постапка. По поднесено барање од странките во постапката, судијата на претходната постапка донесува решение за одржување на доказно рочиште и го спроведува доказното рочиште во услови и во постапка кои со законот се предвидени за негово одржување. Во согласност со Законот за меѓународна соработка во кривичната материја судијата на претходната постапка постапува и во областа на меѓународна соработка во кривичната материја. Истражни дејствија кои може да ги преземе јавниот обвинител во текот на истражната постапка се претресот и привременото обезбедување и одземање на предмети или имот, кои претставуваат мерки за пронаоѓање и обезбедување на лица и предмети, испитувањето на осомниченият, испитувањето на сведоци, определување вештачење, увид и

реконструкција, кои се определени како доказни средства како и посебни истражни мерки. Сите истражни дејствија јавниот обвинител ги презема во постапка која е со законот определена за нивното спроведување. Сите истражни дејствија јавниот обвинител може да ги преземе и пред донесување на наредба за спроведување на истражна постапка, во постапка и на начин кој со законот е предвиден за нивното преземање, доколку постои опасност од одлагање. Со оглед на тоа што јавниот обвинител раководи со целокупната претходна постапка и ја спроведува истражната постапка, тој оценува кога околностите на секој конкретен случај наметнуваат потреба од преземање на истражни дејствија во текот на предистражната постапка и конкретно кои. Во практиката одредени истражни дејствија, како што се претресот и увидот, многу почесто се преземаат во текот на предистражната постапка отколку во текот на истражната постапка, што е сосема логично кога се има во вид дека со нивното преземање се собираат одредени докази кои основаноста на сомневањето ја подигаат до степен на основано сомневање. Пред преземањето на оние истражни дејствија на кои можат да присуствуваат обвинетиот и неговиот бранител и оштетениот, јавниот обвинител е должен да ги извести за времето и местото на нивното преземање. Осомниченият и неговиот бранител, како и оштетениот, можат да присуствуваат при преземање на увид, реконструкција и вештачење. Доколку оцени дека постои опасност од одлагање, јавниот обвинител не е обврзан да извести за преземањето на истражното дејствие. Законодавецот му дава обврска на јавниот обвинител да ги извести осомниченият и неговиот бранител и оштетениот на погоден начин за преземањето на истражните дејствија, што значи дека известувањето не мора задолжително да биде по писмен пат. Како погоден начин на известување може да биде и телефонско известување и известување по електронски пат. Доколку осомниченият има бранител, за преземањето на истражното дејствие јавниот обвинител ќе го извести само бранителот. Одбраната, по правило, не присуствува на испитувањето на сведоците од страна на јавното обвинителство. Јавниот обвинител, иако за тоа нема законска обврска, може да ги извести бранителот и осомниченият за денот и часот на испитување на сведоците доколку за тоа не постојат сериозни причини кои би воделе до попречување на истрагата. Доколку бранителот побарал да присуствува на ова дејствие, јавниот обвинител ќе го извести ако не постојат сериозни причини кои би воделе до попречување на истрагата. Од друга страна, одбраната може да присуствува на испитувањето на сведоците чие испитување самата го предложила.Обврската за известување на осомниченият и неговиот бранител и оштетениот за преземањето на оние истражни дејствија на кои можат да присуствуваат не значи и нивно задолжително присуство при преземањето на овие истражни дејствија. Доколку осомниченият, неговиот бранител и оштетениот, кои се известени за преземањето на

истражното дејствие, не дојдат, односно не присуствуваат, истражното дејствие може да се спроведе и во нивно отсуство.

Лицата кои присуствуваат на спроведувањето на истражното дејствие можат да му предложат на јавниот обвинител, како на орган кој ја води постапката, да му бидат поставени определени прашања на осомниченият или вештакот заради разјаснување на работите. Доколку јавниот обвинител дозволи, овие прашања можат да му ги постават непосредно самите тие. Исто така, доколку осомниченият, неговиот бранител и оштетениот присуствуваат на преземањето на истражното дејствие, тие имаат право да бараат во записникот да бидат внесени и нивните забелешки кои се однесуваат на извршувањето на одделни дејствија.

Месната надлежност на јавниот обвинител се определува според одредбите што важат за надлежноста на судот за подрачјето за кое е избран јавниот обвинител. Во согласност со месната надлежност на јавниот обвинител, тој и истражните дејствија ги презема на подрачјето на кое е надлежен да постапува. Во одредени случаи може да се јави потреба одделно истражно дејствие јавниот обвинител да го преземе и на подрачје на кое не е надлежен да постапува. Во ваков случај, заради ефикасно спроведување на истражната постапка, јавниот обвинител може одредено истражно дејствие да го преземе и на подрачје на кое не е месно надлежен да постапува, меѓутоа за тоа е должен да го извести јавниот обвинител на чие подрачје го презема истражното дејствие. Иако во законот не е изречно наведено, ова известување треба да биде доставено по писмен пат. Јавниот обвинител како раководител на истражната постапка не е во состојба да ги преземе сите активности и мерки за обезбедување докази бидејќи нема соодветно стручно знаење. Така на пример јавниот обвинител може во текот на истражната постапка да преземе увид или реконструкција, но нема доволно стручно знаење за да ги обезбеди, да ги фиксира или да ги подигне трагите и тоа мора да го направат стручни лица од областа на криминалистиката или криминалистичката техника. Исто така во текот на прибирање на доказите или во текот на спроведување на истражните дејствија, јавниот обвинител може да побара стручни објаснувања од поединци или од правни лица за определена област за која нема соодветни познавања и стручно знаење. Јавниот обвинител може да ја побара стручната и техничка помош во текот на преземање на конкретно истражно дејствие, но може тоа да го направи и надвор од конкретно преземено истражно дејствие, во зависност од тоа за каков вид стручна или техничка помош станува збор. Стручното лице не е исто што и вештакот затоа што тој не дава наод и мислење, туку му помага на јавниот обвинител како орган што ја спроведува истрагата со давање на одделни појаснувања, совети или објаснувања за она што му е потребно за преземање на конкретни дејствија.Стручното лице, односно соодветната установа поседува стручно знаење, односно техничко

искуство кое му е потребно на јавниот обвинител. Стручните објаснувања јавниот обвинител ги внесува во записник. Записникот ги содржи сите елементи предвидени во законот за составување на записник, содржина, начин на водење и потпишување. Ова е неопходно затоа што ваквиот записник може да се користи како доказ во постапката, па според тоа мора да биде составен на начин предвиден со овој закон. Во спротивно нема да претставува доказ обезбеден на законит начин и нема да може да се користи во постапката. Тајноста на истражната постапка не значи дека сите преземени дејствија или собрани докази се апсолутна тајна и дека никој нема право да биде запознаен со нив. Прогласувањето на истражната постапка како тајна е спротивно на чл.10 ст.1 од Европската конвенција за човековите права, кој се однесува на слободниот пристап до информации. Воедно, доколку истрагата се прогласи за тајна, во тој случај е неможно да се врши надзор над начинот на спроведување на истражните дејствија. Од друга страна, правото на слободен пристап до информации не смее да се толкува како неприкосновено право на секој да може да добие секакви информации поврзани со конкретна истрага. Оттука, тајноста значи дека во текот на спроведување на истражната постапка присуствуваат само лицата на кои се однесува конкретното дејствие и лицата кои според ЗКП имаат право да присуствуваат на тоа дејствие. Меѓутоа, јавниот обвинител во некои случаи може да оцени дека во интерес на кривичната постапка, заради зачувување на некоја тајна или заради заштита на личниот или семејниот живот на оштетениот или на осомничениот, потребно е определени податоци да се зачуваат како тајна. Во такви случаи јавниот обвинител ќе им нареди на лицето што го испитува и на лицата што присуствуваат на испитувањето, како и на лицата што ги разгледуваат списите да ги чуваат како тајна некои или сите податоци. Во случаите кога некои информации, односно податоци треба да бидат чувани како тајна, јавниот обвинител е должен за тоа да ги предупреди лицата за поседиците од оддавање на тајната. Тоа пред се однесува на предупредување за можноста од сторување на кривичното дело Оддавање службена тајна. Наредбата за чување на одредени податоци како тајна јавниот обвинител треба да ја внесе во записникот кој се составува за определено истражно дејствие. Така, доколку лицето што се испитува се запознае со податоци кои подлежат на обврската за чување тајна, јавниот обвинител наредбата за чување на тајна ќе ја внесе во самиот записник за испитување. Ист е случајот и кога се преземаат други истражни дејствија (претрес, увид и слично), па јавниот обвинител ќе оцени дека некои информации треба да се чуваат како тајна. Но доколку во списите собрани во текот на истрагата има информации и податоци за кои јавниот обвинител ќе најде дека се исполнети условите за прогласување на тајна, тогаш наредбата за нивно чување како тајна се внесува во списите што се разгледуваат. Во секој случај, лицето мора претходно да биде предупредено на должноста за чување на

тајна и секогаш тоа лице треба своерачно да се потпише. На јавниот обвинител му е дадена можност да ја прекине започнатата истрага доколку се исполнети условите предвидени со овој закон. Тоа го прави со наредба. Така, јавниот обвинител може да ја прекине истрагата доколку осомничениот е во бегство или ако е недостапен на државните органи. ЗКП предвидел задолжителна обврска на јавниот обвинител најдоцна до завршување на истрагата да го испита осомничениот.

Оттука, јавниот обвинител и во случаите кога ги собрал сите докази, не може да поднесе обвинение сè додека не го испита осомничениот, што претставува проблем кога осомничениот се наоѓа во бегство или кога е недостапен за органите за прогонот. Во таквите случаи јавниот обвинител ја прекинува истрагата додека не се создадат услови за испитување на осомничениот. Исто така, јавниот обвинител ја прекинува истрагата во случаите кога кај осомничениот по сторување на делото настапило душевно заболување, растројство или друга тешка болест поради што не може да учествува во постапката. Притоа, важно е да постои доказ дека ваквата состојба кај осомничениот настанала по сторување на кривичното дело, што се докажува со соодветна медицинска документација или со вештачење. Самото душевно заболување, растројството или тешката болест не се причина за прекин на истрагата, туку е потребно кај осомничениот да настапи последицата – тој да не е способен да учествува во постапката. Притоа, како учество во постапката се подразбира следењето на постапката, преземање на дејствија во постапката заради заштита на правата, способност за правилно размислување и слично. Бидејќи законот му го гарантира правото на одбрана на осомничениот, ваквата состојба го оневозможува осомничениот да се брани во постапката. Притоа, не е важно дали осомничениот има бранител или не затоа што со поставување на бранител во вакви случаи не се отстрануваат пречките за спроведување на постапката. Законот предвидува уште еден услов за прекинување на истрагата, а тоа е доколку настапиле околности кои привремено го спречуваат кривичното гонење. Законот не предвидел кои се тие околности, па тоа е оставено да го цени јавниот обвинител. Единствено што предвидел е околностите да се од таков карактер што привремено го спречуваат кривичното гонење. Такви услови можат да бидат, на пример: времено отсуство на осомничениот како во случаи кога се наоѓа во странство заради школување, работење и слично. Потоа, таков е случајот кога осомничениот се наоѓа на лекување кое е привремено, и слично. За време на прекинот, постапката мирува и не смеат да се преземаат никакви дејствија.

Во случаите кога се исполнети условите за прекинување на истражната постапка, јавниот обвинител е должен претходно да ги собере сите докази кои се однесуваат на кривичното дело и на осомничениот, а до кои може да дојде. Ваквата одредба е логична, затоа што доколку не се направи тоа, многу е извесно дека голем

број од доказите нема да биде можно да бидат прибрани, поради опасноста од уништување, пропаѓање и слично.

Во случаите кога прекинот трае подолго време и кога не постојат услови за продолжување на постапката, јавниот обвинител е должен да води сметка за настапување на застареноста на кривичното гонење. Штом ќе се исполнат условите предвидени за апсолутна застареност на кривичното гонење, јавниот обвинител е должен да донесе наредба за запирање на истражната постапка. Прекинот на истражната постапка е од привремен карактер и тој трае додека постојат условите поради кои е определен. Меѓутоа, не е завршена со прекинот започнатата истражна постапка, туку само мирува. Во оној момент кога јавниот обвинител ќе дознае дека престанале условите поради кои е определен прекинот, должен е да ја продолжи постапката. Начинот на кој јавниот обвинител ќе добие сознание за престанување на условите за прекин може да биде различен. Тоа може да биде известување од надлежен орган, известување добиено од оштетениот, од жртвата или лично сознание. Во секој случај, јавниот обвинител е должен постојано да прави проверки дали престанале условите за прекин. Законот не предвидел формален акт со кој јавниот обвинител ќе ја продолжи постапката. Меѓутоа, секако дека јавниот обвинител ќе ја продолжи постапката врз основа на некаков податок, доказ или писмено известување дека престанал конкретниот услов поради кој настанал прекинот.Така, на пример, тоа може да биде известување од надлежен орган дека е пронајден осомничениот кој бил во бегство, или дека станал достапен, понатаму наод на вешто лице од кој произлегува дека здравствената состојба на обвинетиот е подобрена и тој е во можност да учествува во постапката, дека е пронајден во случај ако имало потерница и слично. Доколку на друг начин јавниот обвинител утврди дека престанале условите за прекин, доволно ќе биде да состави службена белешка за тоа и да ја продолжи истражната постапка. Траењето на истражната постапка е временски ограничено, така што законот ги определил максималните рокови за завршување на истражната постапка. Тоа во никој случај не значи дека јавниот обвинител не може да ја заврши истражната постапка пред максималниот предвиден законски рок.

Во текот на истрагата, јавниот обвинител е должен да собира докази, како во интерес на обвинението така и во корист на обвинетиот. Оттука, истрагата завршува кога ќе оцени јавниот обвинител дека ги собрал сите докази до кои може да дојде. Кога ќе оцени јавниот обвинител дека е доволно разјаснета состојбата на работите за да може да донесе јавно обвинителска одлука, тогаш ја завршува истражната постапка. По завршување на истражната постапка, јавниот обвинител може да донесе два вида одлуки: да поднесе обвинение или да ја запре истражната постапка. Бидејќи целта на истрагата е собирање докази и податоци кои се битни за донесување на

јавнообвинителската одлука, јавниот обвинител одлучува кои се тие докази и податоци во секој поодделен случај и тоа е оставено на негова оцена. Но слободното одлучување не значи апсолутна диспозиција на јавниот обвинтел, туку тој е обврзан со законот да ги собере сите расположливи докази и податоци до кои може да дојде, а кои се од значење за кривичното дело и за сторителот.

Во законот е определено дека истражната постапка треба да заврши во рок од 6 месеци од донесувањето на наредбата за спроведување на истражна постапка. Доколку не заврши во тој рок истрагата, јавниот обвинител е должен за тоа да го извести вишиот јавен обвинител. Во известувањето јавниот обвинител треба да ги наведе причините поради кои истражната постапка не можела да се заврши во наведениот рок. Доколку станува збор за сложени предмети, вишиот јавен обвинител може да го продолжи овој рок за уште 6 месеци, а по исклучок рокот може да биде продолжен за уште 3 месеци од државниот јавен обвинител. Оттука произлегува дека, во секој случај, доколку не станува збор за кривични дела од областа на организираниот криминал истражната постапка може да трае најмногу до 15 месеци. Во законот не е предвидено како ќе се постапи доколку не станува збор за сложен предмет, но истражната постапка не може да се заврши по предвидениот рок од 6 месеци од низа други објективни пречки, кои не зависат од волјата на јавниот обвинител, како на пример ненавремено вештачење, недостапност на важни сведоци, а посебно на осомниченият, непостапување на разни државни органи, односно одолговлекување на постапувањето по барања и наредби на јавниот обвинител и слично. Секако дека јавниот обвинител е должен да се грижи за ефикасноста на постапката и да бара од останатите субјекти да ги почитуваат наредбите и роковите, но сепак во одреден број случаи истражната постапка не може да биде завршена поради некоја од наведените причини. Особено се јавува проблем кога е потребно да се направи некакво вештачење (ДНК, анализа на траги, папиларни линии и слично во државен орган, МВР, МАНУ) и кога јавниот обвинител не е во можност да го направи тоа вештачење на друго место. Од законскиот текст произлегува дека вишиот јавен обвинител може да го продолжи рокот само во сложени случаи, па таквата формулација не дава можност за продолжување на рокот по предмети кои не се сложени, што претставува голем проблем. Јавниот обвинител во таквите случаи не може да ги собере сите докази и е принуден да донесува одлуки без доволно разјаснета состојба на работите. За кривичните дела од областа на организираниот криминал, овој рок може да биде продолжен уште за 6 месеци од страна на државниот јавен обвинител, односно тука истражната постапка може да трае најдолго 21 месец.. Доколку станува збор за неможност за завршување на истрагата заради големиот број обвинети, кривични дела или голем број на докази, јавниот обвинител за да постигне ефикасност во работата може да работи тимски (повеќе обвинители на еден случај), да користи

помош од правосудната полиција, од стручни лица и од вработени во јавното обвинителство (приправници, стручни соработници, советници), но сепак постојат работи на кои не може да влијае, а кои беа погоре споменати. Во таквите случаи, продолжувањето на истрагата е сосема оправдано.

Доколку осомничениот, неговиот бранител и оштетениот сметаат дека има одредени неправилности во постапувањето на јавниот обвинител во текот на истражната постапка или дека таа неосновано се одолговлекува, можат да се обратат со поплака до вишиот јавен обвинител.Поплаката може да биде дадена како во писмена форма така и усно. Додека жалбата на одлуките донесени од основниот јавен обвинител се однесува на незадоволство на оштетениот од самата одлука, поплаката се однесува на работењето на јавниот обвинител и затоа неа, покрај оштетениот, можат да ја поднесат и осомничениот и неговиот бранител. Таа може да изразува незадоволство од неефикасното преземање на дејствијата кои се во надлежност на јавниот обвинител или на неправилностите во спроведување на некои истражни дејствија, непреземање на истражни дејствија и слично. Така, поплаките може да се поднесат доколку јавниот обвинител не ги собере доказите предложени од одбраната, доколку незаконито постапува при преземање на истражните дејствија, доколку презема дејствија без да обезбеди наредби од судијата на претходна постапка и слично. Иако во законот поплаката е врзана со истражната постапка, ваква поплака може да се поднесе во текот на целата претходна постапка. Ова произлегува од фактот што јавниот обвинител може да ги презема истражните дејствија и во предистражна постапка. Кога ќе биде поднесена поплака, вишиот јавен обвинител е должен да ги испита наводите во неа. Ако оцени дека се основани наводите, законот предвидува дека вишиот јавен обвинител ќе преземе соодветни мерки за завршување на истражната постапка или за отстранување на неправилностите. Станува збор за мерки кои во согласност со хиерархиската поставеност на јавното обвинителство и на овластувањата на вишиот јавен обвинител, дадени во Законот за јавното обвинителство, тој може да ги преземе спрема основниот јавен обвинител на пример, може да го задолжи јавниот обвинител да постапи во согласност со законот, може да му се одземе предметот, а може и да одговара дисциплински.

Законот предвидува обврска на јавниот обвинител пред истекот на рокот за завршување на истрагата да достави писмено известување до осомничениот и неговиот бранител за завршување на истражната постапка. Оваа обврска е задолжителна бидејќи од нејзиното доставување до обвинетиот и неговиот бранител почнува да тече рокот за вршење увид во списите собрани од страна на јавниот обвинител, но и рокот за предлагање докази или барање јавниот обвинител да собере докази на предлог на

одбраната. Затоа, известувањето до осомниченият треба да биде направено според одредбите за лична достава.

Кога станува збор за кривични дела од редовна постапка, обврската на јавниот обвинител за испитување на обвинетиот е апсолутна. Јавниот обвинител мора да го испита осомниченият пред да ја заврши истрагата, ако не го сторил тоа порано. Доколку го испитал пред да донесе наредба за спроведување истрага, јавниот обвинител нема обврска за повторно испитување на осомниченият, затоа што испитувањето на осомниченият во која било фаза на претходната постапка јавниот обвинител го прави според истите одредби предвидени во членовите 205-211 од ЗКП. 3. Известувањето што го доставува јавниот обвинител е писмен акт кој има точно определена содржина. Јавниот обвинител во известувањето треба да даде: краток опис на кривичното дело за кое е спроведена истражната постапка, правна квалификација на делото, како и напомена дека списите од спроведената истражна постапка се наоѓаат во архивата на јавното обвинителство и дека имаат право на увид во нив, како и право да вршат препис од нив. Увидот во списите од предметот кај јавниот обвинител подразбира дека на осомниченият и неговиот бранител треба да му се даде целиот предмет со сите списи и докази, освен оние за кои постојат оправдани причини да бидат издвоени. Тоа се однесува на списи кои се однесуваат на заштита на загрозен сведок (определување псевдоним, посебен начин на испитување на заштитени сведоци). Во секој случај, увидот треба да се врши под надзор на вработено лице од јавното обвинителство и увидот треба да биде забележан во списите на предметот така што ќе се наведат податоците на тој што врши увид, кои списи се прегледани и кога. На овој начин се осигурува дека сите списи ќе му бидат дадени на увид на осомниченият, односно на неговиот бранител, а од друга страна, на тој начин ќе бидат оневозможени и неосновани приговарања од нивна страна дека не им биле дадени на увид сите списи од истражната постапка. Законот зборува за препис на списите, но имајќи во вид дека во постапката јавниот обвинител ќе собере и електронски докази, фотодокументации, скици, предмети и други материјални докази, а на осомниченият му е загарантирано правото на увид во сите списи и докази, произлегува дека зборот „препис“ не е соодветен и треба да се толкува пошироко и на осомниченият да му биде дозволено да направи копија од доказите без разлика во каква форма се. Но онака како што е даден текстот на одредбата упатува дека осомниченият, односно бранителот е тој што составува препис, што не е соодветно кога станува збор за правење копија, скенирање, преснимување и слично затоа што спротивно на сите прописи е да им се даде предмет или доказ да го изнесат надвор од просториите на јавното обвинителство за да направат каков било дупликат на доказот или списот.

Во известувањето за завршена истрага задолжително треба да биде внесена и поука за осомничениот и неговиот бранител дека имаат право во рок од 15 дена од приемот на известувањето да достават докази до јавниот обвинител, списи од преземените дејствија на одбраната, како и да бараат од јавниот обвинител да собере определени докази. Најсоодветно е осомничениот или неговиот бранител да направи писмен поднесок со кој ќе ги достави доказите и во него секој доказ да биде забележан со карактеристики кои поединечно го определуваат (број, датум, карактеристики). Доколку нема таков поднесок во кој доказите се поединечно наведени доказите треба поединечно да бидат евидентирани во јавното обвинителство, со заведување на бројот, датумот и кратка содржина, и да бидат забележани во пописот на списите. Со тоа ќе се спречи секаква манипулација дека некои од доказите биле или не биле доставени. Кога осомничениот, односно неговиот бранител бара да бидат собрани некакви докази од страна на јавниот обвинител во корист на осомничениот, тие треба да бидат прецизирани, детално опишани и јасни. Така, доколку се бара испитување на сведоци, треба да се нагласи на кои околности се предлагаат тие, доколку се бараат писмени докази, да се определат колку е можно поблиску за какви писмени докази станува збор.

Така на пример, не е доволно да се каже дека се бара да се обезбеди договор за купопродажба помеѓу некои странки, а да не се наведат поблиски податоци за тоа од кога е тој договор, каде е склучен, бројот под кој е заведен, доколку се знае, кај кој нотар е заверен и слично. Јавниот обвинител има обврска да го запознае осомничениот со сите докази до кои дошол во текот на истражната постапка. Тоа значи дека треба да му ги презентира доказите кои му одат на штета, но и оние кои се во негова полза. Оваа одредба е оправдана кога се имаат во вид овластувањата на јавниот обвинител. Тој како раководител на претходната постапка одлучува кои и какви докази ќе собере, но во секој случај должен е да ги собере сите докази до кои може да дојде. Притоа, секако дека ќе се јават случаи кога определени докази нема да одат во прилог на обвинението. Јавниот обвинител таквите докази не е должен да ги достави во прилог на обвинението, туку единствената негова обврска се состои во тоа што е должен да го запознае осомничениот со нив. Во оваа смисла, со тоа што јавниот обвинител ќе го извести осомничениот дека може да направи увид во списите и доказите во предметот, тој ја исполнил својата законска обврска. Доколку осомничениот или неговиот бранител во предвидениот рок од претходниот став не направи увид, јавниот обвинител нема дополнителна обврска да го известува, или да ги доставува во судот доказите до кои дошол, а кои се во корист на осомничениот. Поткрепа за ваквото мислење се наоѓа во тоа што јавниот обвинител е странка во постапката пред судот и има право да ја гради својата теорија на случај, па таа теорија да ја поткрепува со доказите кои ѝ одат во прилог. Сите останати докази за кои не смета дека одат во прилог на обвинението или

смета дека се небитни, јавниот обвинител не е должен да ги достави до судот. Но тоа не значи дека тој ги сокрил од осомничениот, затоа што тој, или неговиот бранител имал право да направи увид во нив и да ги побара оние кои му одат во прилог, односно да побара јавниот обвинител да ги достави до судијата, односно до советот за оцена на обвинение, а тој да ги предложи во листата на докази. Во спротивно какво било доставување на ваквите докази од страна на јавниот обвинител би било недозволено мешање во стратегијата на одбраната.

Законот предвидел дека во случај кога осомничениот и неговиот бранител поднеле до јавниот обвинител барање за собирање определени докази, тој е должен доказите да ги собере во рок од 30 дена, од што произлегува дека јавниот обвинител е обврзан да постапи по ваквото барање од осомничениот и неговиот бранител. Во законот не е децидно наведено колку пати осомничениот и неговиот бранител можат да поднесат вакво барање до јавниот обвинител, заради што може да се смета дека имаат право да поднесат повеќе пати, доколку сакаат. Иако можноста за поднесување барање за собирање определени докази е временски ограничено на 15 дена од приемот на известувањето за завршена истрага, сепак ваквата можност за повеќекратно поднесување на барање за собирање определени докази може да доведе до одолговлекување на истражната постапка. Во врска со ова, се поставува и прашањето што станува доколку осомничениот и неговиот бранител побарале од јавниот обвинител да собере определен доказ за кој ќе произлезе дека не може да се прибави во законски определениот рок од 30 дена. Во законот не се дадени законски решенија за регулирање на ваквите ситуации. Логично би било во случаите кога бараниот доказ може да се прибави, но со одредено прифатливо задоцнување, а доказот е важен за утврдување на некој решителен факт, да се причека да биде прибавен, но законот дал точно определен рок кој не е од инструктивен карактер. Доколку јавниот обвинител не го прибавил ваквиот доказ, одбраната може да го предложи на листата на свои докази, а ако тој не биде доставен во законскиот рок, може да побара судот да издаде наредба. Ако одбраната смета дека некој писмен доказ е од суштествено значење за конкретниот предмет, нема да чека завршување на истражната постапка за да бара доказот да му го прибави јавниот обвинител. Разумна оцена на јавниот обвинител е да ги прибере доказите кои се од суштествено значење. Во спротивно истите овие докази можат да бидат изнесени во приговор против евентуално поднесеното обвинение. Во овој случај обвинителниот акт може да не ја помине фазата на одобрување. Право на јавниот обвинител е да оцени врз основа на објективна и непристрасна анализа кои докази може и е потребно да ги собере. За секоја неможност да се прибави одреден доказ рационално е јавниот обвинител за тоа да ја извести одбраната. Кога ќе изминат предвидените рокови за спроведување на истражната постапка и роковите за

предлагање и собирање на докази по предлог на осомничениот, на неговиот бранител или на оштетениот, јавниот обвинител има рок од 15 дена во кој мора да поднесе обвинение или да ја запре истражната постапка. Одлуката за тоа која одлука ќе ја донесе зависи од неговата оценка дали доказите што ги собрал се доволни за да очекува донесување на осудителна пресуда или не. Рокот од 15 дена е задолжителен, но не е преклузивен. Доколку јавниот обвинител не го почитува и без оправдани причини го одолговлекува поднесувањето на обвинението, тоа може да биде основ за преземање мерки против него, односно за поведување на дисциплинска постапка, но тоа не може да биде основ за отфрлање на поднесениот обвинителен акт како ненавремено поднесен.

Рокот за поднесување на обвинение за кривичните дела од областа на организираниот криминал изнесува до 30 дена. Одредбата од овој став јасно нагласува дека рокот од 30 дена за поднесување на обвинение не зависи од сложеноста на предметот, туку од тоа дали кривичните дела се од областа на организираниот криминал или не. Оттука, иако може да станува збор за сложени предмети со голем број сторители и кривични дела, доколку не се од областа на организираниот криминал, рокот изнесува 15 дена. Доколку по завршување на истрагата јавниот обвинител оцени дека доказите што ги собрал не се доволни за поднесување на обвинение, тогаш ја запира истражната постапка со наредба. Причините поради кои се запира истражната постапка се следните: 1) Ако делото што му се става на товар на осомничениот не е кривично дело кое се гони по службена должност. Тоа се случаите кога од собраните докази произлегува дека недостасува некое битно обележје за постоење на кривичното дело. Понатаму, тоа се случаите кога за конкретното кривично дело со оглед на обележјата, јавниот обвинител не е овластен тужител, туку се гони по приватна тужба, кога од спроведената истрага ќе се утврди дека станува збор за нужна одбрана, крајна нужда, дело од мало значење кога на сторителот му недостасува определено својство за постоење на кривичното дело, Ако настапила застареност на кривичното гонење или делото е опфатено со акт на амнестија или помилување. Застареноста се применува како еден од основите за запирање на кривичната постапка, при што се внимава и на релативна и на апсолутна застареност. Доколку се утврди дека настапила релативна застареност која не била прекината со преземање на некое истражно дејствие, ниту со донесувањето на наредба за спроведување на истражна постапка јавниот обвинител ќе ја запре постапката. Во спротивно се применуваат одредбите за апсолутна застареност. Исто така, истражната постапка ќе се запре ако е делото опфатено со акт на амнестија или помилување. Од аспект на запирање на истражната постапка, дејството на амнестијата е идентично со дејството на аболиција – ослободување од казнено гонење. Тоа се процесни пречки за преземање какви било дејствија во казнената постапка против сторителите на казниви дела опфатени со Законот за амнестија. Помилувањето

е акт што го дава Претседателот на државата и тоа се однесува на точно определен сторител за точно определено кривично дело, Ако настапиле други околности кои го исклучуваат кривичното гонење, како на пример пресудена работа, смрт на сторителот на кривичното дело, имунитет, непостоење на предлог за гонење за кривичните дела кои се гонат по предлог и слично, Ако по спроведената истражна постапка од собраните докази не произлегува дека осомниченият го сторил кривичното дело. Тоа значи дека доказите кои се собрани не го поткрепуваат сомневањето поради кое јавниот обвинител ја започнал истражната постапка против тој осомничен. Јавниот обвинител врз основа на анализа на податоците и доказите кои ги собрал оценува дали постојат докази или не, па доколку оцени дека нема докази, ја запира истражната постапка.

Кога јавниот обвинител ќе ја запре истражната постапка, доколку осомниченият се наоѓа во притвор, веднаш се пушта на слобода. Кога јавниот обвинител ќе донесе наредба за запирање на истражната постапка, ја доставува до осомниченият и до оштетениот. Наредбата содржи поука за оштетениот дека има право да поднесе приговор до повисокиот јавен обвинител, доколку е незадоволен од одлуката на јавниот обвинител за запирање на истрагата. Рокот во кој оштетениот може да го поднесе приговорот изнесува 8 дена од денот на приемот на наредбата. Поради тоа, наредбата се доставува според одредбите за лична достава предвидени во овој закон. Иако во законот е наведено дека приговорот се доставува до вишиот јавен обвинител, во практиката тоа се прави преку основното јавно обвинителство, пред сè заради поголема ефикасност и економичност. Бидејќи на вишиот јавен обвинител за да одлучи по приговорот потребен му е целиот предмет на основниот јавен обвинител, со сите списи, за да не се губи непотребно време во прибавување на предметот, приговорот се доставува до основното јавно обвинителство, кое му го препраќа на вишото јавно обвинителство заедно со приговорот. Доколку поднесениот приговор, оштетениот го поднесе приговорот ненавремено или доколку приговорот е недозволен, тогаш повисокиот јавен обвинител писмено го известува оштетениот. Тоа значи дека повисокиот јавен обвинител нема обврска да донесува решение за отфрлање на таквиот приговор, туку е доволно да го извести за тоа оштетениот со наведување на причините зошто нема да одлучува по него.. Повисокиот јавен обвинител има рок од 30 дена од приемот на приговорот да одлучи по него.За да го направи тоа, потребно е да го ги разгледа списите од предметот на понискиот јавен обвинител. Притоа, вишиот јавен обвинител може да донесе решение со кое ќе ја потврди наредбата за запирање на истражната постапка или да донесе решение со кое ќе го уважи приговорот и ќе го задолжи понискиот јавен обвинител да ја продолжи постапката. Содржината на решението со кое се уважува приговорот и се задолжува понискиот јавен обвинител да

ја продолжи постапката, треба да има генерални упатства во која насока треба да биде продолжена постапката, односно кои дејствија би требало да бидат преземени. Во ваквото решение, со оглед на тоа дека нема содржина која е определена со закон, може да има и конкретни насоки за поднесување на обвинение, доколку повисокиот јавен обвинител смета дека доказите собрани од понискиот јавен обвинител се доволни за да се очекува донесување на осудителна пресуда. Доколку вишиот јавен обвинител оцени дека истражната постапка треба да биде запрена, но смета дека не треба според основот (причините) според кој основниот јавен обвинител ја запрел, туку според друг основ, не може да донесе решение со кое ќе ја преправи наредбата за запирање на основниот јавен обвинител во оваа смисла. Ова од причини што со законот не му се дадени такви овластувања. Новиот концепт на ЗКП, кој спроведувањето на претходната постапка вклучувајќи ја во неа и истражната постапка, ја пренесува во надлежност на јавниот обвинител како една од странките во постапката, како и промената во текот на судскиот дел на постапката и премин на товарот на докажување од судот врз самите странки, неопходно бара промена и на улогата на одбраната, како во текот на претходната постапка така и на главната расправа. Принципот на „еднаквост на оружјето“ во странечката постапка, потребно е да биде овозможен, пред сè во постапката пред судот, значи по поднесување на обвинението, но за да може да се постигне тоа, одбраната мора да има определени овластувања и во текот на претходната постапка. Како и досега, одбраната, осомничениот и бранителот имаат право да присуствуваат на одредени истражни дејствија, па така осомничениот и неговиот бранител можат да присуствуваат при вршење на увид, реконструкција , самата природа на оваа истражно дејствие подразбира присуство на осомничениот и бранителот), претрес , препознавање. Во однос на вештачењето и распитот на сведоците е посебно предвидено правото за давање предлози од страна на одбраната на јавниот обвинител за преземање на определени дејствија заради собирање докази. Законот предвидува дека бранителот во текот на постапката може да му става предлози на јавниот обвинител да се обезбедат одделни докази. Оваа одредба се однесува на самостојните права на бранителот за преземање дејствија во правец на прибирање докази во корист на одбраната. Од почетокот на извршувањето на својата должност, бранителот може да презема дејствија заради пронаоѓање и собирање докази во корист на одбраната. Дејствијата на одбраната може да се извршуваат по налог на бранителот, неговиот заменик, овластените приватни истражители и, кога е потребна посебна стручност, од страна на техничките советниц.

Бранителот самостојно да може да презема дејствија насочени кон пронаоѓање и собирање докази во корист на одбраната, во текот на целата постапка, а не само во текот на истражната постапка. Бранителот и во текот на предистражната постапка може

да собира докази во корист на одбраната, но ова право често во практиката не може да биде искористено во оваа фаза со оглед на тоа што во оваа фаза јавниот обвинител нема обврска да го извести обвинетиот дека е поведена постапка против него. Но доколку обвинетиот добие сознание дека се води некаква постапка против него, тогаш и во оваа фаза може да се собираат докази. Обвинетиот и одбраната можат да преземаат дејствија заради пронаоѓање докази и во текот на судската фаза, но секако доколку станува збор за нови околности или нови докази кои не биле познати или не можеле да се обезбедат, а кои произлегле од доказите кои биле изведени во текот на главната расправа.

Дејствијата за пронаоѓање и собирање докази можат да ги преземат бранителот, неговиот заменик, овластените приватни детективи и, техничките советници, кога е потребна посебна стручност. Иако бранителите сè уште немаат навика да спроведуваат сопствени истраги, сепак, треба да се нагласи дека законот им го дава тоа право од самиот почеток на постапката да откриваат и да собираат докази. Секако дека лична одлука на бранителот, односно на обвинетиот ќе биде до кој степен ќе одат со сопствени истраги, а што ќе се бара од јавниот обвинител да собере како докази за одбраната. Ова право на одбраната ѝ овозможува да дојде до важни информации кои ќе ги предложи и изведе на главната расправа. Затоа и на одбраната ѝ е дадено правото за користење на стручни лица кои ќе ѝ помогнат во собирањето на доказите. Иако и во овој став се зборува за бранителите како субјекти на кои им е дозволено да откриваат и да собираат докази, тоа не значи дека самиот обвинет не може да собира докази во своја корист. Но интенцијата на овој став е да нагласи дека собирањето и откривањето на доказите треба да го прави одбраната, односно бранителот како стручно лице со што ќе се обезбеди собирање на докази на законит начин кои ќе можат да бидат користени во постапката. Секако дека тоа не значи дека обвинетиот не може да дава предлози за собирање на определени докази, но откривањето и собирањето на доказите од страна на бранителот или стручните лица обезбедуваат официјалност во постапката. Се предвидува можност бранителот на осомничениот да собира известувања од лица за кои смета дека можат да изнесат околности корисни за одбраната. Единствено законот го ограничува бранителот да не може да собира известувања од оштетениот односно од жртвата, што е логично со оглед на односот на оштетениот односно жртвата со осомничениот. Во однос на другите лица, воопшто не се дадени ограничувања, што значи дека бранителот може да собира известувања од сите лица за кои смета дека можат да дадат корисни информации. Секако дека ваквата можност на бранителот може да доведе до сомневање дека бранителот би можел да влијае врз тие лица во смисла на тоа што и како да изнесат во текот на постапката. Но тоа не значи дека тоа треба да го попречува бранителот да ги презема овие дејствија. Правото за еднаквост на оружјето на бранителот му дава целосна слобода да го прави тоа, но притоа постојат

правила на кои треба да го направи тоа заради осигурување на веродостојноста на собраните известувања.

Доколку од лицето со кое разговара бранителот одлучи да побара писмена изјава или известување, изјавата или известувањето ќе ги забележи во согласност со одредбите од чл.91 и 92 од ЗКП, кои се однесуваат за начинот на водење, увид и потпишување на записник. Изјавата од лицето може да ја земе само бранителот или неговиот заменик. Изјавата ја потпишува лицето што ја дало, а бранителот составува белешка во која наведува: − датум кога ја примил изјавата; − лични податоци за себе и лични податоци за лицето што ја дало изјавата; − потврда дека обрнал внимание на предупредувањето од чл.307 ст.3 од ЗКП; − фактите што се наведени во изјавата. 3 и 4. При собирање на известувањата или при земањето писмени изјави, бранителот е должен да го информира лицето кое смета дека може да изнесе корисни околности за одбраната, или лицето кое би можело да биде сведок во постапката, за следните работи: − За своето лично својство вклучувајќи ги информациите за својот идентитет (име и презиме), за својата функција, кого брани, за што го брани и слично. − Дали има намера само да разговара, или сака од нив да прибави изјави или известувања. Доколку станува збор за разговор, тогаш тоа е далеку понеформално дејствие, но доколку има намера да прибави изјава или известувања, тогаш е должен да го наведе начинот на кој ќе се направи тоа (преку поставување прашања, со несметано изнесување на изјавата од страна на лицето од кое се зема), како и за обликот на забележувањето на изјавата или известувањето (со запишување, со снимање) − За правото на лицето воопшто да не одговара на поставените прашања или да не даде изјава. Со оглед на тоа дека лицето од кое се собираат известувања и изјави кај бранителот немаат својство на сведоци тие не се должни, доколку не сакаат да даваат никакви изјави пред бранителот. − За забраната на бранителот да му ги откријат прашањата кои им се поставени од полицијата или од јавниот обвинител и за одговорите кои лицата ги дале притоа. Ова не значи дека бранителот не може да му ги постави истите прашања кои на лицето му ги поставила полицијата или јавниот обвинител, туку дека од лицата не смее да се бара да кажат што биле прашани во полиција и како одговориле на тие прашања.

Доколку изјавата или известувањето се прибавени спротивно на пропишаната процедура или со повреда на наведените ограничувања, не може да се користат во натамошната постапка. Првото ограничување се однесува на собирање на изјави и известувања од лице кое се наоѓа во притвор. Во таков случај бранителот мора да добие посебно одобрение од судијата на претходната постапка, но за да го направи тоа лицето морало претходно да разговарало со сопствениот бранител и да било испитано од јавниот обвинител. Другото ограничување се однесува на случаите кога бранителот мора да го запре собирањето податоци од обвинетото лице или од лице од кое собира

известувања или изјави, ако од неговата изјава произлегува дека се товари себеси, или би се изложило на кривично гонење и ваквите изјави не може да се користат против лицето што ги дало.

Дополнителни инструменти на бранителот на осомничениот, во однос на собирање докази во корист на одбраната на обвинетиот, Доколку лицето може да даде известувања корисни за одбраната, а не сака да даде известување, бранителот може да побара од јавниот обвинител да го повика и да го испита лицето. Ваквото испитување се спроведува во присуство на бранителот, кој прв поставува прашања. Ова право на бранителот има едно ограничување – доколку се работи за осомничени или обвинети во иста постапка тоа не се применува, што е и разбирливо, бидејќи осомничено и обвинето лице во постапка која се води против него има определени права, кои, доколку истото биде повикано пред јавниот обвинител за да даде свој исказ во својство на сведок, би биле нарушени. Второто право на бранителот се состои во можноста тој да побара да се спроведе доказно рочиште, секако во однос на докази и под услови, предвидени во законот, кога може да се бара вакво рочиште.

Од друга страна, во случај кога обвинителот испитува лице кое не сакало да даде известувања на бранителот, јавниот обвинител треба да го повика ова лице за да биде испитано во просториите на јавното обвинителство дури и по завршување на истрагата. Ова затоа што дејствијата на одбраната, може да се спроведуваат во текот на целата постапка. Во таков случај, дури и по донесување на наредба за завршување на истрагата, јавниот обвинител треба да овозможи сослушување на ова лице од страна на бранителот во просториите на јавното обвинителство.

Доколку бранителот на осомничениот, прибави писмена изјава од лицето со кое разговара, таа не само што треба да биде потпишана од лицето што ја дало оваа изјава, туку треба да биде и заверена од страна на бранителот на осомничениот со негов потпис и печат. Покрај тоа, бранителот на осомничениот е должен да состави и службена белешка во која ќе го наведе датумот кога ја добил изјавата од лицето, потоа ќе ги внесе своите лични податоци и личните податоци за лицето од кое ја добило изјавата, како и потврда дека при нејзиното земање обрнал внимание на правата на лицето од кое ја зело.

На крајот во службената белешка бранителот ги наведува фактите кои се наведени во изјавата. Вака земената изјава од лицето со кое разговарал бранителот ја приложува кон своите списи по предметот. Сите известувања кои бранителот на осомничениот ги прибавил, се забележуваат од страна на бранителот на осомничениот или од лице кое го заменува. Вообичаено, тоа ќе бидат лица кои имаат заменичко полномоштво, адвокатски стручни соработници или други лица од канцеларијата на адвокатот. Со одредбата од овој член на бранителот на осомничениот му е дадена

можност за пристап до приватни простории или во простории кои не се отворени за јавноста, како и во дом и простории кои се поврзани со домот. Секако дека тоа би било во случај кога овие простории се поврзани со кривичното дело против кое се води кривична постапка против овој осомничен, што значи дека најчесто тоа би било во случај кога овие простории претставуваат место каде што е извршено предметното кривично дело за кое се води кривичната постапка. Ваквата можност на бранителот на осомничениот му е дадена само за да му се овозможи негово непосредно забележување на тој простор, што во никој случај не претставува дејствие на увид на самото место, ниту пак му дава можност на бранителот на осомничениот на одземање на предмети од тие простории, бидејќи увидот на самото место и одземањето предмети претставуваат истражни дејствија кои можат да се преземат и да се спроведат само според одредбите на овој закон. Доколку на бранителот на осомничениот лицата кои располагаат со овие простории не му даваат дозвола за пристап, бранителот на осомничениот може да побара судијата на претходната постапка да му одобри пристап до просторииte. Иако во законот не е децидно наведено, во барањето до судот бранителот на осомничениот треба да наведе од кои причини му е потребен пристапот до овие простории, за да судијата на претходната постапка да може да ја оцени основаноста на ваквото барање.

Пристапот до просторииte судијата на претходната постапка го одобрува со наредба во која ќе ги образложи причините за нејзиното донесување, како и ќе определи како конкретно ќе биде спроведена наредбата, односно како конкретно ќе биде спроведен пристапот на бранителот на осомничениот до овие простории. Бранителот на осомничениот во текот на претходната постапка информациите и доказите до кои дошол со дејствијата кои ги презел, а кои се во прилог на одбраната на осомничениот, може да им ги презентира непосредно на јавниот обвинител и на судијата на претходната постапка.

Во случајот станува збор за можност дадена на бранителот да ги презентира овие информации и докази, а не за обврска, односно должност за нивно презентирање, така што останува на диспозиција на бранителот на осомничениот да одлучи дали на јавниот обвинител и на судијата на претходната постапка ќе им ги презентира прибавените информации и докази или не. Можноста за презентирање на информациите и доказите во прилог на обвинетиот од страна на одбраната, пред сè, ќе се однесува на јавниот обвинител бидејќи одбраната има интерес јавниот обвинител да биде запознаен со доказите кои одат во прилог на нивната теорија на случај, што дури може да води и до јавнообвинителска одлука за запирање на истрагата. Одбраната секогаш ќе биде заинтересирана да му ги презентира на јавниот обвинител доказите кои би довеле до ваква одлука. Од друга страна, можноста за презентирање на информациите и доказите на судијата на претходна постапка има смисла само доколку

се работи за определен притвор против осомничениот. Во таков случај бранителот може овие информации и докази да му ги презентира на судијата на претходна постапка заради преиспитување на основаноста на мерката притвор, односно заради преиспитувањето на постоењето на „основан сомнеж“ како основ за определување на мерката притвор.

Заради ефикасно остварување на правото на одбрана на осомничениот, со одредбата од ставот 1 од овој член на бранителот на осомничениот му е дадено право, во согласност со законот, да бара податоци и известувања од државните органи, од органите на единиците на локалната самоуправа, од правни и од физички лица кои вршат јавни овластувања, како и од други правни лица, а кои се за потребите на одбраната. За таа цел бранителот на осомничениот може да бара да му бидат доставени и одредени документи, списи и известувања од овие субјекти. Субјектите имаат обврска да постапат по ваквото барање на бранителот на осомничениот во рок од 30 дена од приемот на барањето. Доколку против осомничениот е определен притвор, заради итноста во постапката, овој рок изнесува 7 дена. Доколку се работи за информации класифицирани со други закони (на пример банкарска тајна, деловна тајна итн.) субјектот има право да одбие да му ги даде тие информации на бранителот. Во ваков случај, бранителот може да ја искористи пропишаната можност од став 3 на овој член. Во практиката сигурно би имало случаи кога на бранителот на осомничениот нема да му бидат доставени бараните податоци во рокот определен со закон. Затоа, на бранителот му е дадена можност да бара од судијата на претходната постапка да донесе наредба за да му се достават бараните податоци. Донесување на наредба за доставување на бараните податоци бранителот на осомничениот може да бара и од судечкиот суд во текот на главната расправа, во случај кога бараните докази и податоци се однесуваат на нови околности кои произлегле од доказите изведени во текот на главната расправа, или кога тие докази биле предложени во листата на докази од одбраната. Во наредбата судот ќе го определи и рокот во кој треба да се достават бараните податоци од страна на субјектите од ставот 1 од овој член.

Непостапувањето на субјектите од ставот 1 од овој член по наредбата на судот во рокот кој им бил определен за доставување на бараните податоци има за последица задолжително казнување на нивното одговорно односно службено лице со парична казна во висина од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност. Казната ја изрекува судот кој ја донел наредбата за доставување на бараните податоци, така што во текот на претходната постапка оваа казна ја изрекува судијата на претходната постапка, а во текот на главната расправа судечкиот суд.

- Доказно рочиште

Претходната постапка се одвива без учество на судот, освен во случаите кога со дејствијата кои се преземаат во постапката,се навлегува во сферата на загарантираните права и слободи на граѓаните, кога постапува судијата за претходна постапка, а својата одлука судот ја темели на доказите изведени на самата главна расправа. Во ЗКП се предвидени само неколку исклучоци од непосредното изведување на докази пред судот на главната расправа (чл.54 ст.5, чл.288 и чл.388 од ЗКП). Еден од нив е читање на записниците од исказите дадени на доказно рочиште (чл.388 ст.3). Доказното рочиште е сосема нов институт воведен со ЗКП и претставува судско дејствие спроведено од страна на судијата на претходна постапка на барање на странките, заради изведување на определен доказ пред отпочнување на главната расправа во случаи точно наведени во законот, а на начин на кој се изведуваат доказите на главната расправа. Спроведено доказно рочиште овозможува користење на изведениот доказ на главната расправа.Иако изречно не е наведено во законските одредби, доказното рочиште е итно дејствие што произлегува од карактерот на доказите кои се изведуваат и од роковите за постапување на судот. Доказно рочиште се спроведува само по барање на јавниот обвинител или по барање на осомничениот и/или бранителот на осомничениот. Иако бранителот посебно не е наведен во законската одредба, овластувањето да поднесе барање за одржување на доказно рочиште произлегува од неговото овластување од чл.78 ст.1 од ЗКП, идентично како и во однос на други дејствија за кои е овластен да ги преземе во корист на обвинетиот.

Судот без барање од странките не може да одлучи да спроведе доказно рочиште. Судијата на претходна постапка е надлежен за одлучување по барање на странка за одржување на доказно рочиште и за спроведување на доказното рочиште доколку го прифати барањето. Одлуката по поднесеното барање е во форма на решение кое судијата е должен да го донесе во рок од три дена од приемот. Иако законската одредба го врзува спроведувањето на доказното рочиште за истражната постапка, треба да се има предвид дека истрагата е дел од претходната постапка и непостоењето на наредба за спроведување на истражна постапка не го исклучува правото на странките да побараат спроведување на доказно рочиште во текот на целата претходна постапка. За да се поднесе барање за одржување на доказно рочиште, потребно е да постои една од предвидените причини.Веројатност дека сведокот поради болест или поради настапување на смрт нема да може да се испита на главната расправа. Потребно е вештачење, а доказите се однесуваат на лице, предмет или место чија состојба е подложна на неизбежни промени. Иако, по правило доказите кои се изведуваат на доказно рочиште се искази на сведоци, сепак, не се исклучува можноста да се појави потреба од обезбедување на определен материјален доказ кој подоцна не би можел да се обезбеди.

Постојат конкретни околности што укажуваат дека сведокот е изложен на насилство, закана, ветување на пари или друга корист за да не сведочи или да сведочи лажно. Влијанието врз сведокот може да биде од учесник во постапката, но и од кое било друго лице, директно или индиректно, но мора да е насочено кон исказот на сведокот, било во правец сведокот воопшто да не сведочи или пак да не ја каже вистината. Самото барање за одржување на доказно рочиште треба да содржи наведување на доказот или доказите кои се предлага да се изведат на доказното рочиште и причината поради која странката смета дека доказите нема да може да се изведат на главната расправа. Иако во ЗКП тоа не е наведено изречно, самите причини од чл.312 ст.2, укажуваат дека е потребно кон самото барање да се приложат докази во прилог на причината на која се повикува подносителот на барањето. Во спротивно судијата на претходна постапка нема да може да ја цени основаноста на барањето и потребата од одржување на доказно рочиште, што ќе резултира со одбивање на барањето.

Судијата на претходната постапка го оценува поднесеното барање од аспект на неговата оправданост, во смисла дали барањето ги содржи елементите пропишани со законот – наведување на доказот поради кој се бара одржување на рочиштето и причината поради која барателот смета дека доказот нема да може да биде изведен на главната расправа и дали наведените причини се образложени и поткрепени со докази. Одлуката по поднесеното барање се донесува во форма на решение, во рок од три дена од приемот на барањето. Судијата на претходна постапка со решение може да го одбие или да го прифати поднесеното барање. Ако барањето е прифатено, во самото решение се наведуваат доказот/доказите кои ќе се изведат на доказното рочиште и датумот на кој ќе се одржи рочиштето. Рочиштето се одржува не подоцна од десет дена од денот кога е донесено решението за прифаќање на барањето. Со ова ги регулира условите за одржување на доказното рочиште и начинот на изведување на доказите за тоа да биде законито спроведено и записникот од доказното рочиште, во кое е содржан изведениот доказ, да може да се користи во текот на главната расправа.

Надлежен за спроведување на доказното рочиште е судијата на претходна постапка, кој ги известува јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител и оштетениот за закажаното рочиште.

Недоаѓањето на уредно известените странки, осомничениот и јавниот обвинител, кои не го оправдале својот изостанок, не го спречува одржувањето на рочиштето. За недоаѓање на осомничениот, или кога осомничениот се наоѓа во бегство, види и чл.317од ЗКП. Законската формулација му дозволува на судијата на претходна постапка по негова процена во секој поединечен случај да одлучи дали рочиштето ќе се одложи или ќе се одржи. Оштетениот и неговиот законски застапник или полномошник,

може да присуствуваат на доказното рочиште, но нивното присуство не е услов за одржување на рочиштето. Ако не се појави бранителот на осомничениот, судијата ќе му определи друг бранител.

-Доказна постапка.

На доказното рочиште изведувањето на доказите е ограничено само на факти кои се однесуваат на осомничен чиј бранител присуствува на рочиштето и не смее да се прошири на факти кои се однесуваат на осомничен чиј бранител не е присутен на доказното рочиште, освен ако обвинетиот изречно се откажал од правото на бранител Во случаите кога се работи за изведување на пообемен доказ, или за изведување на повеќе докази кои не можат да бидат изведени на едно рочиште, или започнатото рочиште не може да се заврши поради некоја друга причина, судијата на претходна постапка ќе го закаже следното рочиште во рок не подолг од седум дена. Претходната постапка, по правило, се одвива без учество на судот, поради што на судијата на претходна постапка кој одлучува по барањето поднесено за спроведување на доказно рочиште, не му е познат ниту карактерот на конкретната постапка, ниту фазата во која се наоѓа. Затоа секоја од странките, по донесеното решение на судот, со кое го прифатил барањето за одржување на доказно рочиште и го одредил датумот на негово одржување, може да побара од судијата на претходната постапка одлагање на доказното рочиште, ако со неговото одржување би се загрозиле едно или повеќе дејствија кои се преземаат во истражната постапка. Така, на пример, на денот на закажаното доказно рочиште е закажано и вештачење во постапката, реконструкција на настанот итн.

Во случај на прифаќање на барањето за одлагање на доказното рочиште, судијата на претходна постапка, истовремено ќе го закаже следното рочиште во рок не подолг од седум дена.

Правото на секоја странка да побара одлагање на доказното рочиште е ограничено на едно барање. Кратките рокови предвидени во овој член се резултат на итноста на постапување на судот при спроведување на постапката за доказно рочиште.. Во однос на присуството на осомничениот, кој е уредно известен за закажаното доказно рочиште, а не се јави пред судот, судијата на претходна постапка е овластен да нареди негово присилно доведување,

Кога осомничено лице е во бегство, судијата на претходна постапка ќе одлучи со решение доказното рочиште да се одржи во негово отсуство, а условите за одржување на доказното рочиште и присуството на бранителот на осомничениот е задолжително кога се работи за случаи на задолжителна одбрана од чл.74 од ЗКП, како и кога осомничениот има свој бранител. Доколку обвинетиот нема бранител, судијата

на претходна постапка е должен да го поучи за правото на бранител и ако не се работи за случај на задолжителна одбрана и осомниченият изречно се откаже од правото на бранител, доказното рочиште може да се одржи и записникот од одржаното доказно рочиште може да се употреби на главната расправа, со одлука на судот (чл.388 ст.3 од ЗКП). Кога се работи за повеќе обвинети лица, записникот од доказно рочиште како доказ на главната расправа може да се употреби само против обвинето лице за кое се исполнети условите за присуство на бранителот на доказното рочиште, наведени погоре.

Добиените податоци се за град Скопје во период од три месеци и сите податоци ке ги претставам табеларно и графички подолу.

Година 2022	Вкупно спроведени истраги	Завршени истраги	Истраги со нецелосна документација
Мај	171	67	11
Јуни	210	88	3
Јули	187	224	7

Табела бр 6

Година 2022	Вкупен број на лица кои учествувале во истрагата	Вкупен број на лица ,,сведоци,, кои учествувале во истрага	Вкупен број лица кои не сакале да дадат изјава
Мај	87	66	50
Јуни	98	40	46
Јули	124	22	42

Табела бр 7

Според добиените податоци може да заклучиме дека во нашата земја се спроведени само во мај 2022 година вкупно 171 истраги од кои 67 се целосно завршени а 11 уште

има со нецелосна документација во јуни бројката е поголема односно 210 истраги од кои целосно биле 88 завршени истраги а 3 немаат целосна документација и за јули 2022 година има 187 вкупен број на истраги од кои 224 се целосно завршени додека 7 немаат целосна документација. Вкупен број на лица кои учествувале во истрагата за мај 2022 година се 87 а од сведоци имаме пријавено 66 лица додека 50 не сакале да дадат изјава, за јуни бројката е поголема односно 98 се вкупен број на лица што учествувале во истрагата а 40 се сведоци и 46 лица не сакаат да дадат никаква изјава и за јули 2022 година 124 се вкупен број на лица кои учествувале во истрагата додека 22 се сведоци и 42 се лица кои не сакаат да дадат никаква изјава.

Податоците се превземени од МВР на Република Северна Македонија.

VII. Истрагите во соседните земји на Р. Македонија

1. Истрагата во Бугарија

Со законот за истрагата кој се применува во Бугарија се уредуваат условите за:

1. признавање и извршување на европска наредба за истрага во кривична постапка издадена во друга земја-членка;
2. издавање во Република Бугарија на европски налог за истрага во кривична постапка и негово испраќање на признавање и извршување во друга земја членка.

Што значи, се уредува материјата кога друга европска држава издава налог за истрага за кривични дела за кои таа има правен интерес, и во вториот случај кога Република Бугарија издава налог за истрага кога таа има правен интерес за водење на истрага (дали заради државјанството на сторителите на кривичните дела, поради квалификацијата на кривичното дело и од др.причини)

Европскиот налог за истрага всушност преставува акт издаден од надлежен орган на земја-членка со кој се бара од надлежен орган на друга земја-членка да собере докази, вклучително и докази што оваа последна држава веќе ги има обезбедено, или да спроведе дејствија врз истрага и други процесни дејствија.

Европски налог за истрага може да се издаде за:

1. кривична постапка покренатa од судски орган или која може да биде поведена пред судски орган за кривично дело сторено во земјата издавач;
2. постапки покренати од административни органи во врска со дела кои се казниви според законодавството на земјата издавач, бидејќи тие претставуваат прекршоци, и каде што одлуката може да доведе до поведување постапка пред суд надлежен за кривични предмети,
3. постапки покренати од страна на судските органи во врска со дела кои се казниви според законодавството на земјата издавач, бидејќи тие претставуваат прекршоци, и кога одлуката може да доведе до поведување постапка пред суд надлежен за кривични предмети, што значи може да доведе до промена на квалификацијата.

Европски налог за истрага може да се издаде и за:
1. привремено спречување на територијата на државата на извршување на дејствија на уништување, менување, пренесување, пренесување или отстранување на предмети што можат да се користат како доказ;
2. привремено предавање на државата на издавање на лице приведено во државата на извршување за извршување на процесни дејствија за кои е потребно присуство на тоа лице или привремено предавање на државата на извршување на лице кое е приведено во државата на извршување заради учество во бараната истрага.

Европски налог за истрага содржи:
1. податоци, потпис и печат на органот што ја издава;
2. предмет и основи за издавање на Европската наредба за истрага;
3. потребните достапни информации за лицето против кое ќе се спроведе истрагата и другите процесни дејствија;
4. опис на кривичното дело кое е предмет на истрага или постапка и релевантните важечки одредби од кривичното право на земјата издавач;
5. опис на бараните истражни и други процесни дејствија и доказите што треба да се приберат.

Законот за истрага се применува на сите истражни дејствија и други процесни дејствија за кои е издадена европска наредба за истрага, со исклучок на случаите кога е формиран заеднички истражен тим.

Кога надлежен орган кој учествува во заеднички истражен тим бара помош од земја-членка различна од оние што учествуваат во него, може да се издаде Европски налог за истрага.

Законот не се применува само:

1. при обезбедување на имот што е предмет на конфискација, доколку не е поднесено ниту барање за конфискација на овој имот;
2. кога се бара прекугранично надзор за спроведување на Шенгенскиот договор од 14 јуни 1985 година меѓу владите на земјите од Економската унија на Бенелукс, Сојузна Република Германија и Француската Република за постепено укинување на контролите на нивните заеднички граници (OJ, L 239/19 од 22 септември 2000 г.).

Европски налог за истрага во Република Бугарија се издава во зависност од фазата на постапката:

1. соодветниот обвинител - во предистражната постапка;
2. соодветниот суд – во судската постапка.

Издавање на европска истражна наредба може да побара и обвинетиот, обвинетиот или бранителот овластен од нив да ја врши потребната одбрана во кривичната постапка во согласност со Законот за кривичната постапка. Органите нема да ги открива доказите или информациите што им биле достапни како резултат на извршувањето на ЕИО, освен до степен до кој нивното откривање е неопходно за целите на истрагата или постапките опишани во ЕИО, освен ако не е наведено друго отколку државата на извршување.

Релевантниот орган може да побара од надлежните органи на Република Бугарија да учествуваат во спроведувањето на Европската наредба за истрага за поддршка на извршниот орган, доколку тоа е предвидено во законодавството на земјата извршител или не ги нарушува нејзините главни интереси во областа на Национално обезбедување.

Надлежните органи кои се наоѓаат на територијата на државата извршител, се предмет на нејзиното законодавство за време на извршувањето на Европската наредба за истрага.

Надлежниот орган издава Европски налог за истрага по проценка од случај до случај, доколку следните услови се истовремено исполнети:

1. издавањето на европска наредба за истрага е неопходно и пропорционално на целта на кривичната постапка, земајќи ги предвид правата на обвинетиот или обвинетиот;
2. истражните дејствија и другите процесни дејствија за кои е издадена европската наредба за истрага може да се извршат под исти услови според бугарското законодавство во сличен случај.

Кога органот за извршување ќе одлучи дека условите не се исполнети, по спроведените консултации со оглед на важноста на спроведувањето на европската истражна наредба, надлежниот орган може да ја повлече Европската наредба за истрага.

На европската наредба за истрага се приложува превод на официјалниот или на еден од службените јазици на земјата извршител или на друг службен јазик на институциите на Европската унија, што го навела во декларација депонирана од тоа со Генералниот секретаријат на Унијата на Советот на Европската унија.

Европската истражна наредба се испраќа до органот за извршување на начин што овозможува писмен запис и автентикација, а сета последователна официјална комуникација се врши преку директни контакти меѓу надлежниот орган и органот за извршување.

Надлежниот орган може да ги користи сите можни или соодветни средства за пренос на Европската наредба за истрага преку безбедниот телекомуникациски систем на Европската судска мрежа, Европравда или преку други канали што ги користат судските или органите за спроведување на законот.

Кога органот нема информации за органот извршител, тој прави истрага до државата извршител, вклучително и преку контакт точките на Европската судска мрежа.

Европска наредба за истрага, која дополнува претходна европска наредба за истрага, се издава во предвидена форма и со содржина.

Кога надлежниот орган учествува во извршувањето на Европската наредба за истрага на територијата на државата извршител, тој може да се обрати на налогот за европска истрага до органот за извршување додека се во таа држава.

Надлежен орган за признавање на Европската наредба за истрага во Република Бугарија, издадена од надлежен орган на друга земја-членка, е:

1. во предистражната постапка - обвинител од соодветното окружно или воено окружно обвинителство, на чие подрачје се бара соодветно истражно дејствие или други процесни дејствија или предавање на доказите што се веќе достапни, или обвинител. од специјализираното обвинителство;

2. во судската постапка – соодветниот окружен или воен суд, на чие подрачје се бара соодветното судско истражно дејствие или предавање на доказите што се веќе достапни, или специјализираниот кривичен суд.

Кога со европска наредба за истрага, поднесено е барање за спроведување на истражно дејствие или други процесни дејствија кои спаѓаат во различни судски области, орган надлежен да го препознае е органот во чија област дејството треба да се изврши со најголема итност.

Кога европскиот налог за истрага е испратен до орган кој не е надлежен да го признае, тој го испраќа по службена должност до соодветниот надлежен орган и за тоа веднаш го известува органот што ја издава на начин што овозможува писмено потврдување на автентичноста на потврдата и нејзината содржина.

Европската наредба за истрага се испраќа до органите во превод на бугарски или англиски јазик.

Европската истражна наредба се признава на територијата на Република Бугарија, ако се однесува на дела што претставуваат кривично дело според бугарското законодавство, кога, без оглед на разликите меѓу нивните состави, нивните главни карактеристики се совпаѓаат.

Надлежните органи за спроведување на Европската истражна наредба веднаш преземаат дејствија за спроведување на истрагата и другите процесни дејствија во согласност со условите предвидени во овој закон и во Законот за кривичната постапка.

По извршувањето на европската истражна наредба, надлежните органи почитувајки ги формалностите и процедурите наведени од органот што го издава, освен ако законот не предвидува поинаку и ако овие формалности и процедури не се во спротивност со бугарското законодавство.

Надлежниот орган и органот што го издава може да се консултираат со цел да се олесни ефикасното извршување на Европската наредба за истрага.

По приемот на Европската наредба за истрага по пошта, е-пошта, факс или на кој било друг начин што дозволува писмено потврдување на автентичноста на потврдата и нејзината содржина, надлежниот орган поведува постапка за признавање.

Надлежниот орган го испитува добиениот европски налог за истрага според постапката утврдена во овој закон.

Најдоцна во рок од 30 дена од приемот на европскиот налог за истрага, надлежниот орган се изјаснува со соодветниот акт за негово препознавање и спроведување. Овој рок може да се продолжи не повеќе од 30 дена по прецизирање на причините за доцнењето и по консултации помеѓу надлежниот орган и органот што ја издава.

Надлежниот орган за спроведување на Европската истражна наредба ќе спроведе истражни и други процесни дејствија најдоцна во рок од 90 дена од денот на донесувањето на пресудата.

Кога не е можно да се запази рокот надлежниот орган веднаш ќе го извести органот што ја издава за причините за доцнењето и по извршените консултации ќе го определи потребното дополнително време за извршување на дејствието по истрагата и другите процесни дејствија.

Кога органот што го издал во Европската истражна наредба посочил дека поради дефинираните процесни услови, тежината на кривичното дело или други посебни итни околности бараат пократок временски период од предвидениот или дека истражните дејствија и другите процесни дејствија мора да се извршат на одреден датум, надлежниот орган за извршување на Европската наредба за истрага ќе го почитува ова барање во најголема можна мера.

Кога не е можно да се запази рокот или конкретниот датум, надлежниот орган веднаш ќе го извести органот што ја издава за причините и по консултации ќе се утврди потребното дополнително време за спроведување на истрагата и другите процесни дејствија.

Надлежниот орган може да избере да преземе истражни дејствија и други процедурални дејствија различни од оние наведени во Европскиот налог за истрага кога:

1. дејствијата наведени во Европската наредба за истрага не се предвидени во бугарското законодавство;

2. дејствијата наведени во Европската наредба за истрага не можат да се користат во сличен случај според бугарското законодавство;

3. избраното дејство ќе го постигне истиот резултат, но со средства што во помала мера ја нарушуваат приватноста и легитимните интереси и права на лицето во споредба со дејството наведено во Европската наредба за истрага.

Во случаите надлежниот орган веднаш ќе го извести органот што го издава, кој може да одлучи да ја повлече или дополни Европската наредба за истрага.

Кога нема друго дејствие по истрага и други процесни дејствија, надлежниот орган за тоа ќе го извести органот што ја издава.

Одредбата нема да се применува кога Европската наредба за истрага се однесува на:

1. приемот на информации или докази со кои надлежниот орган веќе има и што може да се добие во согласност со бугарското законодавство, во рамките на кривичната постапка или за целите на Европскиот налог за истрага;

2. прием на информации содржани во системите за автоматска обработка на лични податоци што ги користат судските органи, органите на предистражната постапка или други органи кои имаат пристап до такви информации во рамките на кривичната постапка;

3. распит на сведок, вештак, жртва, обвинет на територијата на државата;

4. утврдување на идентитетот на претплатниците кои имаат претплата за даден телефонски број или IP адреса;

5. секое друго дејствие по истрагата и други процесни дејствија што не ги нарушуваат правата или слободите на поединецот.

Надлежниот орган може да одбие да ја признае или изврши европската наредба за истрага кога:

1. постои имунитет или привилегија според бугарското законодавство што го оневозможува неговото спроведување;

2. спроведувањето на Европската истражна наредба би им наштетило на главните интереси во областа на националната безбедност или би загрозило извор на информации или би барало употреба на доверливи информации поврзани со конкретни разузнавачки активности;

3. извршувањето на ЕИО би било спротивно на принципот ne bis in idem, освен во случаи кога има за цел да утврди дали постои можен конфликт со принципот ne bis in idem, или кога органот што го издава добива гаранции дека доказите предадени како резултат на неговото извршување нема да се користат за кривично гонење или за изрекување казна на лице против кое постои затворен случај во друга земја-членка врз основа на истите факти;

4. Европската истражна наредба е издадена во врска со постапки покренати од управни тела или од органи на судската власт за дела за кои не е дозволено да се спроведуваат активности за истрагата и други процесни дејствија во сличен случај според бугарското законодавство;

5. Европската истражна наредба се однесува на дело што е извршено надвор од територијата на земјата издавач, извршено е целосно или делумно на територијата на Република Бугарија и не претставува кривично дело според бугарското законодавство;

6. постојат значителни основи да се верува дека извршувањето на истрагата и другите процесни дејствија би биле некомпатибилни со почитувањето на правата и слободите гарантирани со Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи на Советот на Европа и Повелбата за фундаментални права на Европската унија;

7. е донесено решение во врска со правен лек, со кој се поништува Европската наредба за истрага;

За заштита на заинтересираните лица при извршувањето на истрагата и другите процесни дејствија наведени во Европската наредба за истрага, ќе се применуваат правните средства и услови предвидени за слични случаи во бугарското законодавство.

Материјалните правни основи за издавање на европска наредба за истрага може да се обжалат само во земјата што ја издава, без да се наруши гаранциите за основните права предвидени во бугарското законодавство.

Кога нема да се наруши потребата од обезбедување на доверливост на истрагата, органот што ја издава и надлежниот орган да преземе мерки за да обезбеди информации за достапните можности за користење правни лекови кога тие ќе станат применливи и навремено да се обезбеди нивно ефективно спроведување.

Органот што ја издава и надлежниот орган ќе се информираат меѓусебно за правните лекови преземени против издавањето, признавањето или извршувањето на Европската наредба за истрага.

Жалбата на тужба по истрагата и другите процесни дејствија не го запира нивното спроведување, освен ако тоа не е предвидено во бугарското законодавство во слични случаи.

Надлежен орган за признавање и извршување на Европската наредба за истрага во случаите е окружниот суд во чија област се наоѓа притворено лице. Окружниот суд го испитува Европскиот налог за истрага и го известува Врховното касационо обвинителство за дозволеното предавање на приведеното лице, како и за условите под кои е дозволено предавањето.[13]

Освен во некои од случаите извршувањето на Европската наредба за истрага издадена за привремено предавање, исто така, може да се одбие доколку се присутни следните основи:

1. приведеното лице не дало согласност или

[13] https://parliament.bg/bg/laws/ID/77874

2. како резултат на предавањето на лицето ќе му се продолжи рокот на притвор.

По потреба, со оглед на возраста на лицето или неговата физичка или психичка состојба, на неговиот законски застапник или бранител ќе му се даде можност навремено да даде писмено мислење за привременото предавање.

Кога е потребна дозвола за транзит на приведеното лице низ територијата на трета земја-членка, државата што ја издава ќе го извести Врховното касационо обвинителство и надлежниот орган за добиената дозвола за транзит на лицето.

Работите поврзани со привременото предавање на лицето, вклучително и деталите за условите на неговиот притвор во земјата издавач и периодот во кој лицето треба да биде прифатено од земјата издавач и вратено во Република Бугарија. договорено помеѓу органот што го издава и надлежниот орган , земајќи ја предвид физичката и менталната состојба на засегнатото лице, како и нивоата на безбедност во земјата издавач.

Предаденото лице останува притворено на територијата на земјата издавач и, доколку е потребно, на територијата на земјата-членка на транзит, во врска со делата или пресудите за кои е приведен во Република Бугарија, освен ако надлежен орган побара негово ослободување.

Времето во кое лицето било задржано на територијата на државите, ќе се одземе од периодот на притвор кој засегнатото лице го издржува или ќе се бара да го одлежи на територијата на Република Бугарија.

Во случаите каде екстрадираното лице не може кривично да се гони или приведе, ниту да му се изречат други мерки за ограничување на неговата лична слобода во земјата издавач за дела извршени од него или за пресуди донесени пред неговото заминување од територијата на Република Бугарија и кои не се наведени. во Европскиот налог за истрага.[14]

2. Истрагата во Србија

Истрагата во Република Србија се води по барање на јавен обвинител.

Барањето за спроведување истрага се поднесува до истражниот судија на надлежниот суд.

[14] https://parliament.bg/bg/laws/ID/77874

Барањето мора да содржи: лични податоци на осомничениот, опис на делото од кое произлегуваат правните карактеристики на кривичното дело, законскиот назив на кривичното дело, околностите од кои се заснова сомневањето и постоечките докази.

Во барањето за спроведување истрага може да се предложи да се испитаат одредени околности, да се преземат одредени дејствија и да се сослушаат одредени лица за одредени прашања, а може да се предложи и приведување на осомничени.

Јавниот обвинител до истражниот судија ќе ја достави кривичната пријава и сите списи и списи за преземените дејствија. Истовремено, јавниот обвинител ќе ги достави до истражниот судија предметите кои можат да се користат како доказ или ќе укаже каде се наоѓаат.

Кога истражниот судија ќе го добие барањето за спроведување на истрагата, ќе ги разгледа списите и доколку се согласи со барањето, ќе донесе решение за спроведување на истрагата, кое треба да ги содржи информациите од овој законик. Решението ќе биде доставено до јавниот обвинител и обвинетиот.

Пред да донесе одлука, истражниот судија ќе го сослуша осомничениот, освен ако постои ризик од одлагање.

Против решението на истражниот судија за спроведување на истрагата обвинетиот може да се жали. Доколку одлуката била усно соопштена, жалбата може да се запише во записникот.

Истражниот судија е должен жалбата веднаш да ја поднесе до советот кој е должен да донесе решение во рок од 48 часа. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Доколку истражниот судија не се согласи со барањето на јавниот обвинител за спроведување на истрагата, ќе побара советот да одлучи по тоа Против решението на советот, обвинетиот, јавниот обвинител и оштетениот имаат право на жалба, што не го одлага извршувањето на решението.

Истрагата се спроведува со координирана активност на два процесни субјекти:

- овластен обвинител
- Судот

Истрагата започнува со донесување на решение за спроведување на истрагата, а не со поднесување на барањето на овластениот обвинител (истражниот судија може да не го прифати тоа барање).

За започнување на истрагата не е неопходно решението за спроведување на истрагата да влезе во правосилност

До донесувањето на одлуката за истрагата, лицето против кое е поднесено барањето не е „обвинет“. Кодексот го нарекува ова лице „осомничено“

Истражниот судија може да се согласи со предлогот на јавниот обвинител да не се спроведува истрага доколку собраните податоци кои се однесуваат на кривичното дело и сторителот даваат доволно основи за поднесување обвинителен акт.

Истражниот судија може да даде согласност само ако претходно го сослушал осомниченият против кого треба да се поднесе обвинителен акт. Во однос на повикувањето, одбраната и сослушувањето на осомниченият се применуваат одредбите за повикување, одбрана и сослушување на обвинетиот. Истражниот судија известувањето за согласност ќе го достави до јавниот обвинител и осомниченият.

Рокот за покренување обвинение е осум дена.

Јавниот обвинител може да постапи и по поднесување на барање за спроведување на истрага до донесување на одлуката по барањето.

Доколку истражниот судија смета дека не се исполнети условите за поднесување обвинителен акт без спроведување истрага или ако јавниот обвинител не поднесе обвинителен акт во рокот ќе постапи како да е поднесено барање за спроведување истрага.

Ако кривичното дело е казниво со затвор до осум години, јавниот обвинител може покрај условите од ставовите, да поднесе обвинителен акт без да спроведе истрага, ако прибраните податоци во врска со кривично дело и сторителот обезбедуваат доволно основи за обвинение.

Одредбите се применуваат и кога кривичното гонење се презема по барање на оштетениот како обвинител.

Кон предлогот , како и со обвинителниот акт поднесен од надлежните, јавниот обвинител ќе ја поднесе кривичната пријава и сите списи и списи за преземените дејствија, како и предмети кои можат служат како доказ, или ќе укажат каде се.

Истрагата ја спроведува истражен судија на надлежниот суд.

Законот може да определи еден суд во кој ќе се води истрага (истражен центар) за подрачјето на повеќе судови.

По правило, истражниот судија презема истражни дејствија само на подрачјето на својот суд. Доколку тоа го бара интересот на истрагата, тој може да презема одредени истражни дејствија и надвор од подрачјето на својот суд, но должен е да го извести судот на чие подрачје презема истражни дејствија.

Освен судот, ниту еден друг орган не може да донесе одлука за спроведување на истрагата, ниту да ја води истрагата во целина.

Полицијата со посебни овластувања може да спроведе одредени истражни дејствија. Јавниот обвинител не може да презема никакви истражни дејствија.

Истрагата би кажале дека се води само по однос на кривичното дело и против обвинетиот на кој се однесува одлуката за спроведување на истрагата.

Доколку во истрагата се покаже дека постапката треба да се прошири на друго кривично дело или против друго лице, истражниот судија за тоа ќе го извести јавниот обвинител. Во таков случај може без одлагање да се преземат истражни дејствија, но за се што е преземено мора да биде известен јавниот обвинител.

По донесувањето на решението за спроведување на истрагата, истражниот судија и без предлог од странките ги презема сите дејствија потребни за постигнување на целта на истрагата, т.е. за утврдување на кривично дело, кривична одговорност и утврдување на идентитетот на сторителот, како и прибирање и обезбедување докази.

Истражниот судија тоа го прави по службена должност и без предлог од странките. Истрагата се води само за тоа кривично дело и само против тој обвинет, на што се однесува одлуката за спроведување на истрагата. Истражниот судија не е врзан со правната квалификација на делото дадено во решението за спроведување на истрагата.

Сослушувањето на обвинетиот може да се одржи само во присуство на јавниот обвинител. На сослушувањето на обвинетиот може да присуствува оштетениот како обвинител, приватен обвинител, бранител и сообвинет кој е сослушан и неговиот бранител.

На истрагата и вештачењето може да присуствуваат обвинителот, оштетениот, обвинетиот и бранителот.

На претресот на станот може да присуствуваат обвинителот и бранителот.

На сослушувањето на сведоците можат да присуствуваат обвинителот, обвинетиот, бранителот и оштетениот.

Истражниот судија е должен на пригоден начин да ги извести обвинителот, бранителот, оштетениот и обвинетиот за времето и местото на извршување на истражните дејствија на кои можат да присуствуваат, освен кога постои ризик од одлагање. Доколку обвинетиот има бранител, истражниот судија по правило ќе го извести само адвокатот. Доколку обвинетиот е во притвор, а истражното дејствие се преземе надвор од судот, истражниот судија ќе одлучи дали е потребно присуство на обвинетиот.

Истражниот судија е тој кој што со одлука ќе ја прекине истрагата доколку обвинетиот развие ментална болест или ментално растројство или некоја друга тешка болест поради која не може да учествува во постапката или доколку се појават околности кои привремено го спречуваат гонењето (ако нема предлог или овластување за гонење или барање на овластен обвинител).

Доколку не се знае каде се наоѓа обвинетиот, истрагата може да се прекине, но доколку обвинетиот е во бегство, или на друг начин е недостапен за државните органи, истрагата ќе биде прекината само на предлог на јавниот обвинител, доколку постапката се води на неговото барање.

Пред да се прекине истрагата, ќе се соберат сите докази за кривичното дело и кривичната одговорност на обвинетиот што може да се добијат.

Кога ќе престане мешањето што го предизвикало прекинот, истражниот судија ќе ја продолжи истрагата.

Истрагата може да се заврши:

- суспензија по волја на јавниот обвинител (по службена должност) и
- суспензија против волјата на јавниот обвинител.

Истражниот судија со решение ја прекинува истрагата кога јавниот обвинител во текот на истрагата или по истрагата ќе изјави дека се откажува од гонењето. За прекинот на истрагата истражниот судија во рок од осум дена ќе го извести оштетениот.

Истрагата ќе биде прекината со одлука на советот при одлучување за кое било прашање во текот на истрагата во следниве случаи:

- ако делото што му се става на товар на обвинетиот не е кривично дело и нема услови за примена на мерките за безбедност.
- ако застареноста на кривичното гонење е истечен или делото е опфатено со амнестија или помилување или ако постојат други околности кои трајно го исклучуваат гонењето; ако не постојат докази дека обвинетиот сторил кривично дело.

Доколку истражниот судија утврди дека постојат причини за запирање на истрагата за тоа ќе го извести јавниот обвинител. Доколку јавниот обвинител во рок од осум дена не го извести истражниот судија дека се повлекува од гонењето, истражниот судија ќе побара советот да одлучи за запирање на истрагата.

Решението за прекин на истрагата се доставува до јавниот обвинител, оштетениот и обвинетиот, кои доколку се во притвор веднаш ќе бидат пуштени на слобода. Против ова решение право на жалба имаат јавниот обвинител и оштетениот.

Доколку само оштетениот поднел жалба на решението за запирање на истрагата, а жалбата биде уважена, ќе се смета дека оштетениот го презел гонењето со поднесување на жалбата.

Доколку утврди дека постојат само привремени пречки за гонење на обвинетиот советот со решение ќе ја прекине истрагата.

Кога ќе престанат причините што довеле до прекинот, истражниот судија ќе ја продолжи истрагата.

Истражниот судија ја завршува истрагата кога ќе утврди дека состојбата во истрагата е доволно разјаснета.

По завршувањето на истрагата, истражниот судија списите ги доставува до јавниот обвинител, кој е должен во рок од петнаесет дена да даде предлог за дополнување на истрагата или да поднесе обвинителен акт или да даде изјава дека се повлекува од гонењето. Овој рок советот може да го продолжи на предлог на јавниот обвинител, најмногу за уште петнаесет дена.

Доколку истражниот судија не го прифати предлогот на јавниот обвинител за дополнување на истрагата, ќе побара советот да одлучи по тоа Доколку советот го одбие предлогот на јавниот обвинител, рокот почнува да тече од денот кога одлуката на советот ќе му се соопшти на јавниот обвинител. Доколку јавниот обвинител не постапи во рокот кој е предвиден е должен за причините да го извести вишиот јавен обвинител.

Нема максимален рок до кој треба да заврши истрагата. Се определува само најдолгото времетраење на притворот во истрагата - шест месеци, што индиректно влијае на забрзување на истрагата, потоа се предвидува дека истражниот судија е должен доколку истрагата не заврши во рок од шест месеци, да го извести претседателот на судот за причините поради кои истрагата не е завршена, а претседателот на судот по потреба презема мерки за заврши истрагата.

Истражниот судија престанува со натамошните истражни дејствија кога ќе утврди дека е постигната целта на истрагата утврдена со закон, т.е. дека со спроведените истражни дејствија е доволно разјаснета состојбата за да може да се поднесе

обвинителен акт или да се прекине постапката бидејќи тоа е целта на истрагата Колку долго ќе трае истрагата зависи од дискрецијата на истражниот судија.

Не се носи формална одлука за завршување на истрагата. Истражниот судија списите ги доставува до јавниот обвинител со изјава „по завршување на истрагата“.[15]

3. Истрагата во Косово

Одделот за истраги кој што како примарна цел има спроведување на законот на професионален, ефективен и ефикасен начин, како и подигање на капацитетите во борбата против криминалот, особено во борбата против организираниот криминал и корупцијата.

Криминалните појави со општествена сложеност како што се: организиран криминал, корупција, тешки кривични дела, насилен екстремизам и тероризам, бараат мултидисциплинарен пристап за спречување, откривање и фаќање на сторителите на овие кривични дела, затоа пристапот на Одделот за истраги е мултидисциплинарен.

Одделот за истраги посветува посебен фокус на градење капацитети преку обука на полициски службеници, унапредување на опремата и воспоставување соработка помеѓу локалните власти, агенциите за спроведување на законот и меѓународната соработка за размена на информации, спојување на кривични предмети, конфискација на криминални имот, стекнат со криминални дејствија, апсење на осомничени лица, уништување на криминални групи и обезбедување докази до органите на правдата.

Додека, во однос на превенцијата и намалувањето на ризикот од насилен радикализам, Одделот за истраги посветува посебно внимание на подигањето на свеста, раното идентификување, идентификацијата и третманот на криминалните лица и групи.

Спречувањето и борбата против организираниот криминал и корупцијата, сериозните злосторства и тероризмот вклучува голем број специфични цели, како што следува:

Меѓуинституционална и меѓународна соработка и координација;

Спречување и борба против организираниот криминал (шверц со наркотици, трговија со луѓе, шверц на мигранти, шверц на оружје и сајбер криминал);

Спречување на радикализам и насилен екстремизам, развој на проактивни и реактивни истраги;

---

[15] Zakonik o krivičnom postupku, ("Sl. list SRJ", br. 70/2001 i 68/2002 i "Sl. glasnik RS", br. 58/2004, 85/2005, 115/2005, 85/2005 - dr. zakon, 49/2007, 20/2009 - dr. zakon i 72/2009);

Спречување и борба против економски, финансиски и корупциски криминал, како и;
Зголемување на ефикасноста и квалитетот во истражната работа на полициските истражители.
Одделот за истраги, со цел да ги спроведе своите должности и одговорности, исто така се потпира на широката законска основа, но не е ограничена на:
– Устав на Република Косово
– Кривичен законик на Косово;
– Законик за кривична постапка на Косово
- Закон за полиција
– Кодекс за малолетничка правда
– Закон за следење на телекомуникации
- Закон за класификација на информации и верификација на кредибилитетот
– Закон за заштита на лични податоци
– Закон за извршување на кривични санкции
– Закон за спречување на перење пари и финансирање тероризам
- Закон за полициски инспекторат на Косово
– Закон за меѓународна правна соработка во кривичната материја
– Закон за меѓународни договори
– Закон за спречување и борба против компјутерскиот криминал
– Закон за управување со одземен или конфискуван имот

Одделот за истраги, исто така, се потпира на меѓународните конвенции и акти кои се директно применливи во Република Косово, кои влијаат на полето на спроведување на законот:
– Универзална декларација за човекови права;
– Европската конвенција за заштита на основните човекови права и слободи и нејзините протоколи и
– Конвенција против тортура и друго сурово, нечовечко и понижувачко постапување или казнување.
Одделот за истраги ја врши својата работа и активности потпирајќи се на некои административни упатства како што се:
Административна инструкција за работни односи во косовската полиција
Управно упатство за расходи на посебни фондови,

Стандарди и методи за собирање, складирање, користење и бришење на личните податоци што ги поседува полицијата

Управна инструкција за начинот на вршење на полициските работи и овластувања

Административно упатство за финансиски експерти

Административно упатство за ИТ-форензички експерти

Управно упатство за формирање на Комисија за заштита на сведоци

Управно упатство за употреба на сила од полициски службеници

Административно упатство за стандарди и методи за собирање, чување, користење и бришење на лични податоци што ги поседува полицијата

Управна инструкција за управување и трошење на посебните полициски фондови

Целта на законот е да го уреди функционирањето на Истражната комисија преку дефинирање на организацискатa структура, дејноста, овластувањата и одговорностите на Истражната комисија.

Обемот на дејствување на Комисијата мора да биде во согласност со уставот и законските одредби на меѓународното право, да не ја нарушува независноста и да не ја попречува активноста на органите.

други.

Комисијата е формирана за да ги испита проблемите и прашањата каде што се директно вклучени владини или државни функционери.

Комисијата се формира заради утврдување, опишување на текот на настаните со цел да се разјасни што се случило и да се утврди одговорноста на инволвираните.

Комисијата се формира заради информирање, препорака, вршење собранискиот надзор и донесување заклучок.

Комисијата се формира и функционира врз основа на уставни начела и правила утврдени со овој закон.

Комисијата го подготвува конечниот извештај во врска со истрагите во рокот определен од Собранието и

во согласност со закон.

4. Истрагата во Грција

Кривичните судови во Република Грција се организираат по тројната поделба на делата за ситни прекршоци, прекршоци и тешки кривични дела (кривични дела) на:

а) судови за ситни прекршоци,

б) судови за прекршоци (едночлен или тричлен првостепен суд) и

в) судови кои постапува со тешки кривични дела, кои можат да бидат или Мешовити кривични судови (составени од судии и поротници) или повеќечлени апелациони судови (едночлени или тричлени судови, кои го разгледуваат случајот во прв степен и строго составени од судии).

Мешовитите кривични судови одлучуваат по сериозни кривични дела како што се убиства, силување, сексуална злоупотреба на деца итн. додека Апелационите судови за тешки кривични дела расправаат за тешки кривични дела поврзани со корупција, злоупотреба на имот, измама, организиран криминал итн.

Ареиос Пагос е највисоката јурисдикција кој разгледува жалби по пат на касација против пресудите на сите кривични судови, додека има Апелациони судови кои расправаат по жалби против одлуки од пониска надлежност (на пр. тричлени прекршочни судови разгледуваат жалби против пресудите на едночлените прекршочни судови, петчлените апелациони судови разгледуваат жалби против одлуки на тричлени апелациони судови и сл.).

Поведување на кривична постапка во Република Грција

Кривична постапка во Република Грција поведува Јавен обвинител на Основниот суд. Што значи поведувањето на постапката е потполно исто како и во нашето законодавство. Јавниот обвинител отвора кривична постапка по добиена notitia criminis, односно информација дека е сторено кривично дело (кај нас по допрен глас од јавноста). Во Примарниот извор на информации обично е лицето кое поднесува кривична пријава во која се наведуваат фактите што претставуваат кривично дело и наводните сторители на истото. Обвинителот, исто така, може да започне кривична постапка по службена должност за кое било кривично дело за кое е информиран на кој било друг начин, на пример, други јавни органи, печатот итн. на пр., несериозни телесни повреди, клевета и сл.), поднесувањето кривична пријава од страна на жртвата е правен услов за да се поведе кривична постапка.

Фази на кривичниот процес

Кривичниот процес се состои од две основни фази:

1) Предистражна постапка (прелиминарна истрага, главна истрага на делата, процес на подигнување обвинение), кои се нејавни и неконтролирачки, и

2) судска постапка, која е јавна, усна и умерено противнички.

Фазите пред судење се пократки во прекршочните случаи за разлика од обвиненијата за кривично дело.

Предистражна фаза во прекршочните предмети

Јавниот обвинител по добивањето на notitia criminis наредува, по правило, претходна истрага (во практиката спроведена од надлежните истражни судии) со цел прибирање на докази кои би го оправдале гонењето. По завршување на прелиминарната истрага, Јавниот обвинител одлучува за кривично гонење со поднесување на обвинение или за отфрлање на случајот со образложение дека нема докази дека е сторено кривично дело или по законска основа. Одлуката за отфрлање на предметот мора да ја потврди надлежниот обвинител на Апелациониот суд. Доколку вториот не се согласува, може да му наложи на обвинителот во Основниот суд да започне гонење.

Кривичниот пријавител има право на жалба против решение за отфрлање пред обвинителот на Апелациониот суд кој може да потврди отфрлање на предметот или да нареди гонење. Во случај Јавниот обвинител да одлучи да започне гонење за прекршочен прекршок (или да биде наложено да го стори тоа), тој го упатува предметот на судење пред Прекршочниот суд со покана. Овој документ се доставува до обвинетиот во кој се состои обвинението, датумот на судењето, судот пред кој обвинетиот треба да се појави, сведоците кои треба да се сослушаат на судското рочиште и доказите што треба да ги воведе јавниот обвинител итн. Странските обвинети добиваат и превод на поканата на јазик што го разбираат. Во случај обвинетиот да биде повикан пред Тричлениот суд за прекршоци, против овој обвинителен акт има право на жалба со жалба пред Јавниот обвинител на Апелациониот суд по фактичка или правна основа.

VIII. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Во 2022 година имав истражување на терен од од 3 месеци на територијата на град Скопје , при тоа на случајни граѓани им беа поставени неколку прашања како и големиот број отворени прашања и дилеми кои произлегоа од презентирањето на проблемот и од странските и досегашни искуства. Во истражуавњето опфатени се 100 испитаници, за презентацијата на резултатите и дискусијата се определивме за следниов пристап: да одговориме на неколку прашања кои произлегоа од поставените цели и хипотези во рамките на истражувањето.

Основната цел на ова истражување е да се согледа поврзаноста на факторите од заедницата и полицијата со вршењето на истрагите

1.1. Анализа на истражувањето

Кај граѓаните се јавува чувство на страв и вознемиреност , а особено кога тоа е поврзано со криминалот особено кога се вршат истрагите. При тоа, Психолошката ориентација, стравот од криминал го врзува со чувства, како лична закана по животот. Други на таа состојба ѝ додаваат уште односи и реакции на индивидуата, како на пример, перцепцијата за можноста и ризикот да стане жртва, односно намали можноста за станување жртва на криминал.

Наведените елементи (емоциите, перцепциите и однесувањата) се во суштина емоционален, когнитивен и бихејвиорален аспект на стравот од криминал. При неговата анализа, истражувањето се ограничи само на емоционалниот аспект, односно се испитуваше чувството на вознемиреност кај граѓаните при помислата за одредени кривични дела, дали се чувствуваат безбедно во заедницата и дали се плашат да одат сами во одредени делови од заедницата.

Чувството на страв и вознемиреност го зедов како зависна варијабла која сакаме да ја испитаме поврзана со одредени независни варијабли. Конкретно, сакавме да испитаме дали одредени социјално-демографски карактеристики на граѓаните (пол, возраст, образование, материјален статус, семеен статус, место на живеење) се поврзани со нивното чувство на страв. Покрај тоа, чувството на страв го поврзуваме и со ставот на граѓаните за степенот на сериозност на одредени кривични дела, со нивното задоволство и степен на довербата во полицијата, со односот на полицијата кон

граѓаните, со ефикасноста на полицијата при извршувањето на одредени полициски задачи и истраги, како и со одредени фактори поврзани со заедницата.

Чувството на страв и социодемографските карактеристики

Од социодемографските карактеристики на граѓаните, посебно беа издвоени полот, возраста, брачниот статус и местото на живеење и нивната поврзаност со чувството на страв, кое, од друга страна, го утврдивме преку прашањата кои се однесуваат на чувството на вознемиреност при помислата за случување на одредени кривични дела во нивната заедница, преку чувството на страв да одат сами во одредени делови во заедницата и преку чувството на сигурност во нивното соседство кога се сами.

Така, на прашањето: Дали полот влијае врз чувството на вознемиреност при помислата за одредени кривични дела? (кои се индивиуално определени) податоците укажаа дека нема статистички значајна поврзаност меѓу тие варијабли, односно дека полот не влијае врз чувството на вознемиреност.

Во однос на брачниот статус, податоците покажаа дека тој има статистички значајна поврзаност само кај возењето под дејство на алкохол и меѓуетничките конфликти но нивната врска е умерено силна

Возраста како фактор, исто така, не покажа значајна поврзаност со чувството на вознемиреност на испитаниците.

Врз основа на добиените резултати, можеме да заклучиме дека генерално социодемографските карактеристики на испитаниците немаат статистички значајна поврзаност со чувството на вознемиреност

Добиените резултати укажуваат на следново:

- Поголем број од испитаниците кои се чувствуваат многу безбедно и безбедно знаат за функционирањето на дневните центри за одвикнување од дрога во заедницата во која живеат, во споредба со оние кои не знаат.
- Поголем број од испитаниците кои се чувствуваат загрозено знаат за функционирањето на дневните центри за одвикнување од дрога во споредба со оние кои не знаат.
- Постои одредена статистичка поврзаност со умерен интензитет помеѓу познавањето на социјалните служби за згрижување на деца на улица со чувството на сигурност. Тоа

значи дека познавањето на овој вид центри го зголемува чувството на сигурност кај испитаниците.

Од добиените податоци се заклучува дека, иако поголемиот број испитаници кои се чувствуваат многу безбедно и безбедно знаат за функционирањето на именуваните служби и центри во заедницата , сепак тоа нема влијание врз чувството на безбедност, освен за социјалните служби за згрижување на деца на улица и за центрите каде се добиваат информации за превенција на криминалитет. Тоа укажува дека можноста да се запознаат со одредени превентивни мерки како да се заштитат и како да се спречи криминалот има одредена поврзаност со чувството на безбедност кај испитуваната популација.

Тоа значи дека присуството на полицијата на критични места ја зголемува безбедноста на граѓаните.

Покрај тоа, при утврдувањето дали постои значајна поврзаност во однос на прашањето: „Дали постои дел од градот во кој воопшто никогаш не би отишле сами” со ставот на граѓаните за ефикасноста на полициските работи во превенција на криминалитетот, добиениот резултат покажа дека не постои статистички значајна поврзаност меѓу нив.

Со цел да се утврди дали и каква е поврзаноста помеѓу чувството на безбедност да се биде сам во своето соседство и ставот на граѓаните за полицијата, пресметно е нивото на значајност на хи квадратот кој потврди дека има статистичи значајна поврзаност помеѓу чувството на безбедност и „лошото искуство со полицијата”

Оттука, може да се заклучи дека постоењето на чувството на страв кај испитаниците не е детерминирано од другите фактори кои беа предмет на истражување, односно врз него не влијаат значајно социодемографските карактеристики на граѓаните, ставот за полицијата и за ефикасноста на полициските мерки, ставот за сериозноста на одредени кривични дела, како и постоењето на капацитети и ресурси на локалната заедница.

Во однос на подготвеноста на граѓаните да учествуваат во превентивни активности за помош во истрагите преставува значаен индикатор за нивната општествена и колективна одговорност за превенција на криминалитетот. Поаѓајќи од тезата дека заедницата е секундарна жртва на криминалот, таа има претпоставена одговорност да учествува во справување и превенција на криминалните и другите девијантни однесувања кои се случуваат во заедницата. Еден аспект на учеството на заедницата се гледа во подготвеноста на граѓаните самоиницијативно (или на иницијатива на други

јавни и граѓански организации) да организираат одредени превентивни програми и активности во заедницата. Во однос на ова прашање, истражувањата покажале дека три групи фактори се поврзани со учеството на граѓаните во превенција.

Според податоците, граѓаните кои се подготвени и се вклучуваат во превентивни активности ги имаат следниве карактеристики: демографски фактори:

- Според материјалниот статус, граѓаните кои учествуваат во превенција, во суштина, се од средната и повисоката класа,
- Според брачниот статус, граѓаните се во брак и имаат сопствен дом,
- Според степенот на образование се со вишо и со високо образование,
- Според психолошките фактори, тие се комуникативни (искажуваат тенденција лесно да стапат во контакт со блиската околина), задоволни и среќни (позитивни), предвидливи т.е. сакаат сигурност, а не неизвесност, поседуваат способност за контрола. фактори на заедницата: хомогеност (заедницата се карактеризира со силни врски помеѓу поединиците и семејствата), ниска стапка на криминал, класна структура (домаќинствата во тие заедници се од средната класа).

Според презентираните податоци, во литературата преовладува ставот дека криминалот најчесто се јавува во општествено дезорганизираните подрачја во кои стапката на криминал е претежно висока, каде што заедницата етнички и социјално е хетерогена. Карактеристично за тие заедници е што граѓаните не се подготвени да се вклучат во превентивни активности.

Во таа смисла, основен проблем е да се мобилизират немотивираните поединци во критичните подрачја.

На прашањето: Дали сакаат и какви се ставовите на македонските граѓани за нивната улога и за улогата на заедницата во превенција на криминалитетот, одговорите се дадени на следнава табела:

Табела 1

	да	не	Не знам
Сакам да учествувам во активности на заедницата поврзани со превенција на криминалот и истрагите	52	33	15

Подготвен сум да обезбедам соодветни информации на полицијата поврзани со безбедносната состојба во регионот кога се вршат истраги	61	12	27
Досадно е да се учествува во активности поврзани со ПК	24	60	16
Запознаен сум со СГГ каде граѓаните можат да ги искажат своите проблеми	27	45	28
Запознаен сум со постоењето и значењето на ЛСП	22	60	18
Граѓаните во заедницата треба да се активно вклучени во превенција на криминалот и истрагата	71	9	20
Активностите на граѓаните во заедницата поврзани со превенција на криминалот и истрагите се ефикасни	43	27	30
Безбедноста кај граганите треба да биде одговорност на локалната власт	65	15	20
Безбедноста кај граганите треба да биде одговорност на полицијата	75	10	15
Активностите за превенција на криминалот и вршење истраги преземени од заедницата придонесуваат за нејзина поголема безбедност	63	9	30
Активностите за превенција на криминалот и истрагите преземени од заедницата се добро организирани	28	17	55

Ние живееме во мир благодарение на тие активности	35	30	35
Граѓаните треба заедно да работат во ПК	80	9	11
Превенцијата на криминалот треба да биде област на дејствување на НВО	28	30	42
Соработката меѓу граѓаните, локалната администрација и полицијата е многу важна за превенција на криминалот и активно учество во истрагата	75	8	17
Можноста да добиеме информации за безбедноста во регионот е многу значајно за превенција на криминалот и истрагата	65	9	26
Познавањето на соседството е многу значајно за превенција и добра истрага	85	2	13

Прашањата во табелата се превземени од МВР исе искористени за одговор на моите испитаници.

Овие бројки укажуваат дека голем процент од граѓаните сметаат дека соработката меѓу граѓаните, локалната власт и полицијата е многу важна за превенција на криминалитетот и истрагите, дека безбедноста на граганите треба да е одговорност не само на полицијата, туку и на општината, и на граѓаните. Оттука, за голем број од граѓаните познавањето на соседството и можноста да добијат информација за безбедноста во регионот се значајни фактори за превенција на криминалитетот и истрагите.

Врз основа на тоа може да се заклучи дека постоењето центри во заедницата каде можат да добијат соодветни информации за превенција на криминалитетот и истрагата

и за безбедност во заедницата има позитивно влијание врз чувството на безбедност на граѓаните.

Со цел да се откријат одредени врски и влијанија со други фактори наведените прашања ги поврзав со неколку карактеристики на граѓаните (пол, возраст, образование, материјален статус, семеен статус, место на живеење). Меѓутоа, главни фактори кои влијаат врз нивната подготвеност се самото чувство на страв и ставовите за сериозноста на одредени кривични дела и прекршоци што се случуваат во заедницата и што можат да ја нарушат нивната безбедност.

Подготвеноста за учество во превентивни активности и социодемографските карактеристики на граѓаните За овој дел од анализата, подготвеноста на граѓаните за учество во превентивни активности се определи преку ставовите „сакам да учествувам во одредени превентивни активности во заедницата" и „подготвен сум да дадам информации на полицијата поврзани со безбедноста во регионот". Во однос на социодемографските карактеристики, на ставот „сакам да учествувам во превентивни активности во заедницата", анализата покажа дека малку повеќе мажите сакаат да учествуваат во споредба со жените, помладите на возраст од 18 до 29 години во споредба со постарите, оние кои немаат брачна или вонбрачна врска во споредба со оние кои се во брак и оние со повисоко образование во споредба со испитаниците со средно образование.

Исто така, во однос на ставот „подготвен сум да дадам информации на полицијата поврзани со безбедносната состојба во регионот" резултатите покажаа дека приближно ист процент мажи и жени даваат потврден одговор, помладите се поподготвени да даваат информации во споредба со постарите, тие што немаат брачна или вонбрачна врска во споредба со оние кои се во брак и тие со високо образование во споредба со испитаниците со средно образование.

Од оние испитаници кои сакаа да учествуваат во превентивни активности мал дел имаат отпор за соработка со полицијата, додека поголем немаат. Ова не наведува на заклучокот дека отпорот за соработка со полицијата нема голема поврзаност со подготвеноста на граѓаните да учествуваат во превентивни активности. Тоа се потврдува и со следните показатели: дури и оние кои имаат отпор кон полицијата, многу повеќе сакаат да учествуваат во превентивни активности.

Од оние испитаници кои сакаат да учествуваат во превентивни активности, помал дел од испитаниците имаат конструктивен однос со полицијата, а поголем немаат, додека пак од тие кои имаат конструктивен однос со полицијата поголем сакаат да учествуваат во превентивни активности, а помал од испитаниците не сакаат.

Оние испитаници кои немаат доверба во полицијата сакаат да учествуваат а не сакаат да учествуваат во превентивни активности во заедницата во која живеат.

Со цел да утврдиме дали постои одредена поврзаност помеѓу чувството на вознемиреност на граѓаните и ставот за сериозноста на одредени кривични дела и прекршоци против јавниот ред и мир со нивната подготвеност да учествуваат во превентивни активности, направен е преглед на нивото на значајност на тестот прикажан на следнава табела:

Табела 2: Како го оценувате степенот на важност на следниве полициски работи?

	многу важно	важно	помалку важно	не е важно	незнам
Заштита на граѓаните од криминал	75	18	2,5	/	4,5
Одржување на јавниот ред	70	25	2	/	3
Соработка со граѓаните	50	32	11	2	5
Едукација и советување на граѓаните за заштита од криминал	42	37	11	7	3

Решавање на проблемите во локалната заедница	35	38	18	2	7
Решавање на проблемите поврзани со семејно насилство	52	35	6	3	4
Решавање на проблемите поврзани со малолетни сторители на кр. дела	51	35	9	2	3
Решавање на проблемите поврзани со децата на улица, жртви на семејно насилство, воспитно запуштени деца и сл.	52	29	6	4	9
Истражување на причините	47	32	15	3	3

за појава и зголемува на криминалот во заедницата					
Спроведување обиколки на критични места	50	25	15	2	8
Присуство на полцијата на терен	61	25	3	4	7
Брз одговор на пријавени кривични дела	70	18	/	6	6

Покрај тоа, за анализа на ставовите на граѓаните за ефикасноста на полициските работи, нив ги групиравме во две групи: традиционален и проактивен пристап на полицијата. Врз основа на добиените податоци, може да се забележи дека испитаниците најголемо превентивно дејство даваат повторно на традиционалниот пристап, односно дел од испитаниците сметаат дека брзиот одговор на полицијата по пријавени кривични дела, брзата интервенција на одредени настани и брзото и ефикасно фаќање на сторителот се многу ефикасни во превенција на криминалитетот и поуспешно изведување на истрагите

Наспроти таквите одговори, дел од испитаниците сметаат дека интензивните средби на полицијата со граѓаните не се ефикасни,.

Но, пред да се утврди степенот на поврзаност, податоците за односот кон полицијата укажуваат дека значајно висок процент од испитаниците „нема лошо искуство со полицијата" и „не чувствува отпор за соработка со полицијата" .Меѓутоа, половина од испитаниците „немаат доверба во полицијата", односно „немаат никаква комуникација

со полицијата", што претставува неповолен ризик фактор за воспоставување добри партнерски односи помеѓу полицијата и заедницата.

Табела 3: Каков е Вашиот однос кон полицијата во заедницата?

Каков е Вашиот однос кон полицијата во заедницата?		
	ДА	НЕ
Чувствувам отпор за соработка со полицијата	19	81
Имам конструктивен однос кон полицијата	46	54
Имам доверба во полицијата	60	4 0
Едноставно не сакам „полицијајци"	25	75
Немам никаква комункација со полицијата	40	60
Имам лошо искуство со полицијата	15	85
Имам добро искуство со полицијата	45	55

Добиените податоци укажуваат на следново:

- постои силна статистичка поврзаност помеѓу „имам добро искуство со полицијата" и имам доверба во полицијата, што значи дека колку е подобро искуството толку е поголема довербата
- Постои одредена статистичка поврзаност помеѓу „имам лошо искуство со полицијата" и „едноставно не сакам полицајци" и „немам никаква комуникација со полицијата"
- Постои одредена статистичка поврзаност помеѓу „немам никаква комуникација„ со „едноставно не сакам полицајци"
- Постои одредена статистичка поврзаност помеѓу „едноставно не сакам полицајци" со „чувствувам отпор"
- Постои одредена статистичка поврзаност помеѓу „имам лошо искуство со полицијата" со „чувствувам отпор", „немам доверба кон полицијата"

Наведените показатели ја потврдуваат хипотезата дека ставовите за полицијата влијаат врз довербата на граѓаните во полицијата, како и тоа дека позитивното или негативно искуство влијаат врз довербата. Во овој дел ќе ги презентираме и одговорите на прашањето да образложат какво позитивно или негативно искуство имале со полицијата. Имено, речиси ист број испитаници ги наведуваат негативните односно

позитивните искуства кои ги поделивме во две категории: искуство поврзано со односот на полицијата и искуство поврзано со ефикасноста на полицијата.

Позитивни искуства. Од одговорите може да се согледа дека позитивните ставови на полицијата генерално се однесуваат на брзата и/или ефикасна интервенција на полицијата, најчесто при фаќање и откривање на сторители („пронајден е провалникот кој влегол во мојот имот", пронајден ми е украдениот мобилен телефон"). Покрај таквото позитивно искуство, мал број од испитаниците одговориле дека полициските службеници се љубезни и имаат одличен пристап, најчесто при рутинските сообраќајни контроли.

Оттука, може да се изведе заклучокот дека испитаниците искуството со полицијата го градат само преку контактите при сообраќајните контроли или кога стануваат жртва на одредени кривични дела.

Негативни искуства. Негативните искуства, граѓаните исто така ги изразуваат преку бавното или несоодветно реагирање на полицијата, како и поради нивниот несоодветен (нељубезен) однос („инертност", „никогаш не е на потребното место за интервенирање", „повеќе кражби во нашата фирма, а ниедна откриена").

Интересно е да се нотира дека и немањето комуникација со полицијата влијае врз негативните ставови, односно врз ставот „не сакам полицајци" и „имам лошо искуство". Ова не упатува на теоријата според која перцепциите меѓу луѓето се градат врз основа на меѓусебните контакти и односи, и немањето комуникација понекогаш дава искривена слика за луѓето, односно граѓаните се склони кон прифаќање на јавното мислење за полицијата дека таа казнува, применува сила. Тоа значи дека за полицијата да го подобри својот имиџ меѓу граѓаните потребно е да гради односи со нив, а за таа цел треба да им се приближи. Така, кога граѓаните имаат позитивни перцепции за полицијата, тие се понаклонети и поподготвени да градат меѓусебни односи засновани врз партнерство и соработка.

Со цел да се утврди што го детерминира позитивното мислење на граѓаните за соработката со полицијата направивме поврзаност со нивните ставови за ефикасноста на одредени полициски мерки и активности.

9.2. Дискусија

Во однос на горенаведеното, може да кажеме дека голем број истражувања потврдуваат дека за воспоставување коректен однос полицијата-граѓани, најзначајно е пред се , да се стекнат позитивни ставови за полицијата како служба, да се има позитивно искуство, соработка и доверба во нејзината ефикасност. Полицајците врз основа на своето искуството најчесто знаат каде се криминалните жаришта и лицата кои имаат криминални намери на територијата за која се задолжени, но информациите произлезени од анализата можат на неговото знаење да му дадат нова димензија. Впрочем, полицаецот не е достапен 24 часа на терен, а кога е на терен тогаш осознава настани кои се актуелни во тој момент. Од друга страна криминалитетот е во постојано менување, доаѓаат нови сторители, се извршуваат нови кривични дела или на различен начин од дотогаш познатиот, па затоа аналитичката работа и е потребна на полицијата за да може полициските службеници кои извршуваат оперативни работи да имаат на располагање корисни, релевантни и навремени информации. Затоа криминалистичката анализа треба да биде интегрален дел на секоја полициска организација за да го насочува полицискиот службеник во извршувањето на секојдневните задачи на терен.
Кои се причините за ваквиот однос кон овие прашања можеме само да претпоставуваме, но одредени индиции добиени од испитаниците кои одговорија на прашањата е дека анализата засега не функционира на задоволително ниво и нејзината работа не е пошироко позната во полициската организација. Но и покрај тоа, истражувањето ја потврди хипотезата дека имплементирањето на моделот полициска работа со заедницата ќе се одвива отежнато поради непостоење на капацитети во полицијата за аналитичко работење.

ЗАКЛУЧОК

Од ова може да заклучиме дека Кривичната постапка започнува со издавање на наредба за спроведување истражна постапка од надлежен орга или со првото преземено истражно дејствие пред да биде издадена наредба за спроведување истражна постапка, со определување на главната расправа по обвинителен предлог или приватна тужба, со предлог за издавање казнен налог или со предлог за определување мерка на

безбедност. Кога е пропишано дека започнувањето на кривична постапка има за последици ограничување на определени права, тие настапуваат со одобрување на обвинителниот акт.

Може да кажеме дека голем број истражувања потврдуваат дека за воспоставување добар однос полицијата-граѓани, најзначајно е прво, да се стекнат позитивни ставови за полицијата како служба, да се има позитивно искуство, соработка и доверба во нејзината ефикасност. Полицајците врз основа на искуството најчесто знаат каде се криминалните жаришта и лицата кои имаат криминални намери на територијата за која се задолжени, но информациите произлезени од анализата можат на неговото знаење да му дадат нова димензија. Од друга страна криминалитетот е во постојано менување, доаѓаат нови сторители, се извршуваат нови кривични дела или на различен начин од дотогаш познатиот, па затоа аналитичката работа и е потребна на полицијата за да може полициските службеници кои извршуваат оперативни работи да имаат на располагање корисни, релевантни и навремени информации. Затоа криминалистичката анализа треба да биде интегрален дел на секоја полициска организација за да го насочува полицискиот службеник во извршувањето на секојдневните задачи на терен.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Bayer, Vladimir, Jugoslavensko krivično procesno pravo, Knjiga druga, Četvrto izdanje, Pravo o činjenicama i njihovom utvrđivanju u krivičnom postupku, Pravni fakultet u Zagrebu, 1986.
2. Bayer, Vladimir, Jugoslovensko krivično procesno pravo, Knjiga prva, Osmo izdanje, Uvod u teoriju krivičnog procesnog prava, Narodne novine Zagreb, Zagreb, 1988.
3. Krapac, Davor, Kazneno procesno pravo Prva knjiga: Institucije V. Izmijenjeno i dopunjeno izdanje, Narodne novine, Zagreb, 2012.
4. Lawyers Committee for Human Rights, What Is A Fair Trial? A Basic Guide to Legal Standards and Practice, New York, 2000.
5. Бојлке, Вернер, Закон за кривична постапка, Датапонс ДООЕЛ Скопје, 2009.

6. Fundamentals of Criminal Investigation (Sixth Edition). Charles E. O'Hara and Gregory L. O'Hara; 1994;
7. Victimology:Theories and Applications, Ann Wolbert Burgess, Albert R. Roberts, Cheryl Regehr, Jones & Bartlett Learning, 2009, p. 103
8. Henry of Bratton (1968). Bracton On the Laws and Customs of England; volume 4 pg 136. Cambridge, MS: Belknap Press.
9. Витларов Тодор, "Улогата на јавниот обвинител во новиот нацрт на ЗКП", во: Iustitia, Бр.2, 2010;
10. Ѓурѓевиќ, З., Глушчиќ С., Јосиповиќ И., ,Крапац Д., Новоселец Х., "Kazneno procesno pravo", Primjerovnik II, izmjenjeno i dopunje no izdanje, Narodne Novine, Zagreb, 2007;
11. Ѓурѓевиќ, З., Глушчиќ, С., Јосиповиќ, И., Кос, Д., Крапац, Д., Новоселец, Х., "Kazneno procesno, pravo", Primjerovnik II, izmjenjeno i dopunjeno izdanje, Narodne Novine, Zagreb, 2007;
12. Јовчевски Ј., Калајџиев Г. и др., "Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на РМ", МРКПК, бр. 2, 2009;
13. Калајџиев Гордан "Какви полициски овластувања за Царинската управа", МРКПК, Бр.1, 2006;
14. "Стратегија за развој на казненото право", Министерство за правда, Скопје, 2007 г.;
15. Томашевиќ, Г., "Kazneno procesno pravo", Pravni fakultet , Split, 1998.
16. Тромбева Мери "Улогата и постапувањето на јавниот обвинител во предистражната постапка";
17. Martin Innes, "Investigation order and major crime inquiries" in Handbook of Criminal Investigation (eds. Tim Newburn, Tom Williamson & Alan Wright: Willan Publishing, 2007), p. 263f.
18. "Morality, Rationality and Efficiency: New Perspectives on Socio-economics", 2016 by Richard M. Coughlin
19. "Transnational Penal Cultures: New perspectives on discipline, punishment and desistance", 2014 by Vivien Miller, James Campbell
20. "Incapacitation: Trends and New Perspectives" 2016 by Marius Duker, Marijke Malsch

21. Aubry, Arthur, Criminal Interrogation, Charles C. Thomas, Springfield, Illinois, 1965.
22. Bailey, F. Lee, and Rothblatt, Henry B., Investigation and Preparation of Criminal Cases; Federal and State, Lawyers Cooperative Publishing Company, Rochester, New York, 1970.
23. Battle, Brendon P., and Paul B. Weston, Arson, Arco Publishing Company, New York,1967.
24. Bittner, E., HA Theory of Police," in The Potential for Reform of Criminal Justice, Sage Publications, Los Angeles, 1974.
25. Bloch, Peter, and David Specht, Neighborhood Team Policing, Law Enforcement Assistance Administration, l:J.8. Department of Justice, Washington, D.C., 1973
26. Chamelin, Neil C., Criminal Law for Policemen, Prentice-Hall, Englewood Cliffs, New Jersey, 1971.
27. Chilimidos, Robert S., Auto Theft Investigation, Legal Book Corporation, Los Angeles, 1971
28. Dienstein, William, Techniques for the Crime Investigator, 2d ed., Charles C. Thomas, Springfield, Illinois, 1974.
29. Earhart, Robert S., A Critical Analysis of Investigator-Criminal Informant Relationship in Law Enforcement, International Association of Chiefs of Police, Washington, D.C., 1964.
30. Edelfonso, Edward, Principles of Law Enforcement, John Wiley &'Sons, Inc., New York,1968.
31. Fricke, Charles W., Criminal Investigation, 6th ed. as revised by LeRoy M. Kolbrek, Legal Book Store, Los Angeles, 1962.
32. George, B. James, Jr., Constitutional Limitations on Evidence in Criminal Cases, Institute of Continuing Legal Education, Ann Arbor, Michigan, 1969.
33. Gerber, Samuel R, ed., Criminal Investigation and Interrogation, W. H. Anderson, Cincinnati, 1962.
34. Isaacson, Irving, Manual for the Arresting Officer, 5th ed., Legal Publications, Inc., Lewiston, Maine, 1968.
35. Jackson, Richard L., Criminal Investigation, Carswell Company, Toronto, Canada, 1962.

36. Schwartz, Louis B., Law Enforcement Handbook for Police, West Publishing Co., St. Paul, Minnesota, 1970.
37. Seed man, Albert, and Peter Hellman, Chief, Authur Fields Books, Inc., New York, 1974
38. Грир, Стивен, Европска конвенција за човекови права: постигања, проблеми и изгледи, Просветно дело АД Скопје, Скопје, 2009.
39. Калајџиев, Гордан/ Бужаровска- Лажетиќ, Гордана, Закон за кривична постапка со стручен осврт врз системот на казнена постапка воведен со законот за кривичната постапка од 2010 година, Агенција „Академик“, Скопје, 2011.
40. Камбовски, Владо, Казнено – правната реформа пред предизвиците на XXI век, Bato & Divajn, Скопје, 2002
41. Камбовски, Владо, Меѓународно казнено право, Просветно дело, 1998.
42. Крајер, Роберт/ Фриман, Хакан/ Робинсон, Дерил/ Вилмсхерст, Елизабет, Вовед во меѓународно кривично право и кривична процедура, И. П. Табернакул, Скопје, 2010
43. Матовски, Никола, Казнено процесно право: општ дел, Правен факултет „Јустинијан Први - Скопје“ и „Втори Август С“ ДООЕЛ - Штип, Скопје, 2003.
44. Роулс, Џон, Теорија на праведноста, Издавачка куќа СЛОВО Скопје, 2002
45. . Сламков, Ѓорѓи, Казнено процесно право, Прв приватен универзитет Европски универзитет Скопје - Република Македонија Скопје, Скопје, 2009.
46. Сулејманов, Зоран, Кривично процесно право, Графохартија, Скопје, 2002.
47. Харис, Дејвид/ О'Бојл, Мајкл/ Варбрик, Колин, Право на европската конвенција за човекови права, Просветно дело АД Скопје, Скопје, 2009.
48. Fair trial in criminal cases, Council of Europe
49. Бужаровска, Гордана/ Ре, Дејвид/ Карнавас, Мајкл Г., Вкрстено испитување; Прирачник за практичари, ОБСЕ, Скопје, 2010.
50. Програмата за кривична правда - https://ec.europa.eu/justice/grants1/programmes-2014- 2020/justice/index_en.htm
51. Јованов, Илија, Извршување на странски кривични пресуди: Правна регулатива во македонското законодавство и Меѓународни препораки во извршувањето на судските одлуки, Стручна статија УДК 316.624(049.3)

52. Камбовски, Владо, Судско право, 2-ри Август, Штип, 2010 год.,
53. Alijević, M.„Načelo nezavisnosti sudstva prema relevantnim medzunarodnim dokumentima—,Pravna misao, broj 1-2, Sarajevo, 2009 год.,
54. Mikeš, M., Političko pravne pretpostavke nezavisnosti sudstva, Atlantik, Banja Luka, 2002 год.,
55. Mitrović, D. „O pravnoj drţavi i drugim pravnim temama—, Beograd, 1998 год., стр. 175
56. Основни начела за независноста на судството на Обединетите нации усвоени од Седмиот конгрес на Обединетите нации за превенција на криминалот и постапување со престапниците и одобрени со резолуциите на Генералното собрание 40/32 од 29.11.1985 и 40/146 од 13.12.1985 година,
57. Анализа на независнсота на судството во Република Македонија – перцепција, потешкотии и предизвици, Институт за човекови права, 2013 год.

Меѓународни правни акти и документи

1. American Convention on Human Rights, signed at the Inter-American Specialized Conference on Human Rights, San Jose, Costa Rica, 1969 (Американска конвенција за човекови права - АКЧП).
2. African Charter on Human and Peoples' Rights, Adopted by the eighteenth Assembly of Heads of State and Government member of the African States members of the Organization of African Unity, Nairobi, Kenya, 1981 (Африканска повелба за човекови права – АПЧП).
3. Basic Principles on the Role of Lawyers,United Nations, 1990.
4. International Covenant for Civil and Political Rights, United Nations, 1966 (Меѓународен пакт за граѓански и политички права – МПГПП).
5. The Convention for The Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, Council of Europe, Rome, 1950 (Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи – ЕКЧП).
6. Protocol 7 to the Convention for The Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, Council of Europe, 1984 (Протокол 7 на ЕКЧП).
7. Rome Statute of the International Criminal Court, adopted by the United Nations Diplomatic Conference of Plenipotentiaries on the Establishment of an International Criminal Court, 1998 (Римски статут на Меѓународниот кривичен суд – Статут МКС).

8. Statute of the International Criminal Tribunal for Rwanda, adopted by Security Council of United Nations, New York, 1994, as applicable (as adopted 08.11.1994 and last amended 16.12.2009) (Статут на Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда – Статут МКТР).
9. Statute of the International Criminal Tribunal for the former Yugoslavia, adopted by Security Council of United Nations, New York, 1993, as applicable (as adopted 25.05.1993 and last amended 07.07.2009) (Статут на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија – Статут МКТЈ).
10. Universal Declaration for Human Rights, United Nations, 1948 (Универзална декларација за човековите права – УДЧП).
11. Препорака П (96) 8 на Комитетот на министри на земјите членки за политиката за криминалот во Европа во време на промени, Совет на Европа, 1996.
12. Препорака П (2005) 9 на Комитетот на министри до земјите членки за заштита на сведоците и соработниците на правдата, Совет на Европа, 2005.
13. Zakonik o krivičnom postupku, ("Sl. list SRJ", br. 70/2001 i 68/2002 i "Sl. glasnik RS", br. 58/2004, 85/2005, 115/2005, 85/2005 - dr. zakon, 49/2007, 20/2009 - dr. zakon i 72/2009);
14.Krivično procesno pravo, Doc. Dr Gordana Božilović-Petrović;
15.M. Škulić, Komentar Zakonika o krivičnom postupku, Sl. glasnik RS., br. 46 od 2. juna 2006. godine i 49 od 29. maja 2007. godine;

Домашни правни прописи
1. Закон за кривичната постапка, (Сл. весник на РМ, бр.150/10, 100/12).
2. Закон за кривичната постапка, (Сл. весник на РМ, бр.15/97, 44/02, 74/04, 83/08, 67/09, 51/11).
3. Законик за кривичната постапка, (Сл. лист ФНРЈ 40/53, 52/59, 30/62, 12/65, 23/67, 54/70).
4. Закон за кривичната постапка (Сл. лист ФНРЈ 4/77, 14/85, 74/87, 57/89, 3/90).

Јуриспруденција
1. AL-KHAWAJA and TAHERI v. Обединетото Кралство, A.26766/05 и A.22228/06
2. BYKOV v. Русија, A.4378/02.
3. HERMI v. Италија, A.18114/02.

Интернет извори:

https://parliament.bg/bg/laws/ID/77874

https://www.kosovopolice.com/departamentet/departamenti-i-hetimeve/

КРАТЕНКИ

Меѓународно казнено право – МКЗ

Меѓународен казнен суд – МКС

Кривичен законик – КЗ

Закон за кривична постапка – ЗКП

Закон за меѓународна соработка во кривичната материја – ЗМСКМ

Закон за меѓународна и привремена заштита – ЗМПЗ

Министерство за внатрешни работи – МВР

Министерство за надворешни работи - МНР

Европска конвенција за човекови права – ЕКЧП

Виенска конвенција за дипломатски односи – ВКДО

Виенска конвенција за конзуларни односи – ВККО

Европска конвенција за екстрадиција – ЕКЕ

Организација на Обединетите Нации – ООН

Меѓународен трибунал за гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 година – Хашки трибунал

Европски налог за апсење – EAW

Системот за електронска кривична евиденција на ЕУ - ECRIS

Заеднички истражни тимови – ЗИТ/JIT

Европска судска мрежа – EJN

Европскиот јавен обвинител – EJO